# Годишен извештај
за работата и постигнатите резултати на

# ООУ „Крсте Петков Мисирков“ – Радовиш
за учебната 2025/2026 година



**Радовиш 2026год.**

# Содржина

**ВОВЕД.............................................................................................................................3**
**ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ..............................................................6**
- Табела со општи податоци за училиштето
- Органи на управување, стручни органи и ученичко организирање во основното училиште

**ПОДАТОЦИ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ.........................10**
- Просторни услови за работа на училиштето
- Материјално – технички услови
- Мапа на училиштето

**ПОДАТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ И ЗА УЧЕНИЦИТЕ............................................................12**
- Наставен кадар
- Податоци за раководните лица
- Податоци за вработените административни службеници
- Податоци за вработените помошно-технички лица
- Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар
- Вкупни податоци за степенот на образование на вработените
- Вкупни податоци за старосната структура на вработените
- Податоци за учениците во основното училиште

**МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ....................................................................17**
**МИСИЈА И ВИЗИЈА..................................................................................................................17**
- Мисија на училиштето
- Изјава на мисијата
- Мото на училиштетоВизија на училиштето
- Изјава за визијата на училиштето

**ВЕЌЕ НАУЧЕНО........................................................................................................................19**
**ПОДРАЧЈА НА ПРОМЕНИ И ПРИОРИТЕТИ.......................................................................20**
**ПРОГРАМИ И ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ ............22**
- Календар за организација и работата на основното училиште за учебната 2025/26 година
- Работа во смени
- Проширена програма
- Комбинирани паралелки
- Странски јазици кои се изучуваат во училиштето
- Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение
- Изборна настава
- Дополнителна настава
- Додатна настава
- Индивидуализирани програми за работа со надарени и талентирани деца
- Индивидуализирани програми за работа со деца со посебни потреби

**ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ..............................................................................................28**
- Училиен спорт
- Секции
- Акции

**УЧЕНИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ И УЧЕСТВО.........................................................................29**
- Годишен извештај на Ученички правобранител

**ВОНУЧИЛИШТНИ АКТИВНОСТИ ..........................................................................................30**
**НАТПРЕВАРИ ..........................................................................................................................31**
**УНАПРЕДУВАЊЕ НА МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ И МЕЃУЕТНИЧКАТА ИНТЕГРАЦИЈА..34**
**ПРОЕКТИ ШТО СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО УЧИЛИШТЕТО......................................................35**
**ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ..................................................................................................36**
- Постигнување на учениците
- Професионална ориентација на учениците
- Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

**ОЦЕНУВАЊЕ............................................................................................................................38**
- Видови оценување
- Самоевалуација

**БЕЗБЕДНОСТ ВО УЧИЛИШТЕТО............................................................................................39**
**ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО.............................................................................................................40**
- Хигиена во училиштето
- Систематски прегледи
- Вакцинирање
- Едукација за здрава исхрана

**УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО...........................................................41**
- Дисциплина
- Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето
- Етички кодекси
- Односи меѓу сите структури во училиштето

**ПРОФЕСИОНАЛЕН И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВНИОТ КАДАР.......................44**
- Детектирање на потреби и приоритети
- Личен професионален развој
- Хоризонтално учење
- Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

**СОРАБОТКА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ СО РОДИТЕЛИТЕ/СТАРАТЕЛИТЕ...........45**
- Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето
- Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и вонnаставните активности
- Едукација на родителите/старателите

**КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И ПРОМОЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО.............................46**
**ПРИЛОЗИ....................................................................................................................................47**
**РЕЗИМЕ.....................................................................................................................................**

**Извештај за работата и постигнатите резултати на ООУ „Крсте Петков Мисирков“ – Радовиш, од учебната 2025/2026 година**

## ВОВЕД

Со Годишниот извештај за работа на училиштето, како училишен документ, ќе ја презентираме целокупната состојба во врска со организацијата и реализацијата на воспитно-образовната дејност на училиштето, постигнатите резултати, како и проблемите на кои наидувавме во текот на учебната година и предлог-мерки за нивно надминување. Годишниот извештај на ООУ „Крсте Петков Мисирков“ Радовиш е изработен врз законската основа за донесување на Годишна програма за работа на општинското основно училиште, која е регулирана во член 49 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20 и 3/25) и се темели на следниве документи:

- Законот за основно образование;
- Концепција за деветгодишно образование;
- Национална стратегија за развој на образованието;
- Статутот на ООУ „Крсте Петков Мисирков“ – Радовиш;
- Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2025/2026 година;
- Програмата за развој и самоевалуација на работата на училиштето;
- Документи и акти од МОН;
- Извештаите и укажувањата од БРО, ДПИ и Општина Радовиш.

*Ако мисијата на нашето училиште ја одразува неговата сегашност, а визијата неговата иднина, тогаш со училишното развојно планирање се определува стратегијата со која ќе се достигне визијата. Со годишните планови и програми за работата на училиштето се прават чекори напред кон остварувањето на планот за развојот на училиштето. Денеска секое улилиште треба да одговори на современите барања од промените во науката, техниката, технологијата, економијата, културата и.т.н. со постепено надминување на соодветните потешкотии учениците ги усвојуваат културата на учењето, културата на работа, на однесување на вреднување.*

ЗАДАЧИ НА ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ НА У ЧИЛИШТЕТО

СТЕКНУВАЊЕ НА НОВИ ЗНАЕЊЕ И ВЕШТИНИ ЗА ПРПРИРОДАТА, ОПШТЕСТВОТО И ЧОВЕКОТ

ВОСПИТУВАЊЕ ВО ДУХОТ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И ДРУГИ ДЕМОКРАТСКИ ВРЕДНОСТИ

РАЗВИВАЊЕ ЉУБОВ И ПОЧИТ КОН ТАТКОВИНАТА, ДУХОВНИТЕ БОГАТСВА И ВРЕДНОСТИ..

ПОТТИКНУВАЊЕ И ПОСТОЈАНО РАЗВИВАЊЕ НА ЕМОЦИОНАЛНИОТ И СОЦИЈАЛНИОТ РАЗВОЈ КАЈ УЧЕНИКОТ

РАЗВИВАЊЕ ИСТРАЖУВАЧКИ ДУХ И ЗБОГАТУВАЊЕ НА ИНТЕРЕСОТ ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА НОВИ ЗНАЕЊА

ИЗГРАДУВАЊЕ УМЕЕЊА И НАВИКИ ЗА ЗДРАВ НАЧИН НА ЖИВЕЕЊЕ ВО ЗИВОТНАТА СРЕДИНА

ОПТИМАЛЕН РАЗВОЈ НА НАДАРЕНИТЕ УЧЕНИЦИ, КАКО И РАЗВОЈ НА СИТЕ УЧЕНИЦИ

ОВОЗМОЖУВАЊЕ УСПЕШНО ЗАВРШУВАЊЕ НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ПОНАТАМОШНО НАПРЕДУВАЊЕ

ПРЕКУ

УЧЕЊЕТО ШТО ГО ПОТТИКНУВА И СТИМУЛИРА РАЗВОЈОТ НА ПОТЕНЦИЈАЛНИТЕ МОЖНОСТИ НА УЧЕНИКОТ

# ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ







ООУ „Крсте П. Мисирков“
Радовиш

ПУ с. Калузлија

ПУ с. Коџалија

1. ООУ „Крсте П. Мисирков“ - Радовиш - ученици од I до IX одд.
2. ПУ с. Калузлија - ученици од I до V одд.
3. ПУ с. Коџалија - ученици од I до V одд.

- **Табела со општи податоци**

**Централното училиште**

Во централното основното Општинско училиште „Крсте П. Мисирков“ – Радовиш наставата се изведува во една училишна зграда со вкупно користење на 32 простории, истата се наоѓа на бул. А. Македонски бб, Радовиш. Училишната зграда е пуштена во употреба во февруари 2008 година и во неа се сместени сите паралелки од I до IX одделение кои се поделени во две смени, и тоа: прва смена која започува со настава од 07:30ч, и втора смена која започнува од 13:15ч. Наставата за учениците од предметна настава се изведува по кабинети.

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | **„Крсте Петков Мисирков“ (централно)** |
| **адреса, општина, место** | Бул. Александар Македонски бб Радовиш, Радовиш |
| **Телефон** | 078 340 264 |
| **Фах** | |
| **е-маил** | kmisirkov@yahoo.com |
| **основано од** | МОН |
| **Верификација- број на актот** | 09-3995/2 |
| **Година на верификација** | 2002 г. |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски и турски |
| **Година на изградба** | 2008 |
| **Тип на градба** | Тврда |
| **Површина на објектот** | 3000 м2 |
| **Површина на училшниот двор** | 4000 м2 |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | 760 м2 |
| **Училиштето работи во смена** | Да |
| **Начин на загревање на училиштето** | Парно греење |
| **Број на одделенија** | 9 |
| **Број на паралелки** | 52 |
| **Број на смени** | Две |
| **Статус на еко-училиште (зелено знаме, сребрено или бронзено ниво)** | Зелено знаме |

| | |
|---|---|
| **Датум на добиен статус** | 2011 г. |

**Подрачно училиште во с. Коџалија**

Училиштето во село Коџалија е изградено во тврда градба, има три училници, една наставничка канцеларија и една помошна просторија. Оваа училиште ги опфаќа учениците од село Аликоч и село Коџалија, од I до V одд. во пет паралелки. Наставата во оваа подрачно училиште се изведува на турски јазик.

| **Име на училиштето** | **„Крсте П. Мисирков“ (подрачно)** |
|---|---|
| **адреса, општина, место** | С. Коџалија, Радовиш, |
| **Телефон** | 070 226 489 |
| **Фах** | |
| **е-маил** | kmisirkov@yahoo.com |
| **Web страна на училиштето** | https://www.ooukpm.com/?fbclid=IwVERTSAS6zF1leHRuA2FlbQIxMABzcnRjBmFwcF9pZAwzNTA2ODU1MzE3MjgAAR6_mmLMC_ei03xJ9ZUJj8O9_-rQsIxaMMRD7Lph_7yjVL_IzdaQYRAcnU4hLg_aem_x39vt9xPcIQ4m315MAYB7Q |
| **основано од** | МОН |
| **Верификација- број на актот** | 09-3995/2 |
| **Година на верификација** | 2002 г. |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | Турски |
| **Година на изградба** | 1976 |
| **Тип на градба** | Тврда |
| **Површина на објектот** | 250 м2 |
| **Површина на училшниот двор** | 1200 м2 |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | 760м2 |
| **Училиштето работи во смена** | Да |
| **Начин на загревање на училиштето** | Дрва |
| **Број на одделенија** | 5 |
| **Број на паралелки** | 5 |
| **Број на смени** | две |

**Подрачно училиште с. Калаузлија**

Во почетокот на 2022 година во ова подрачно училиште благодарение на турската невладина организација „ТИКА“, исто така со подршка на ЕЛС-Општина Радовиш беше пуштена во употреба нова зграда. Наставата се изведува на турски наставен јазик во четири паралелки со ученици од пет одделенија.

Учениците од трето, четврто и петто оддееление учат во посебни паралелки, додека учениците од прво и второ одделение учат во една комбинирана паралелка.

| **Име на училиштето** | **„Крсте Петков Мисирков“ (подрачно)** |
|---|---|
| **адреса, општина, место** | с. Калаузлија, Радовиш |
| **Телефон** | |
| **Фах** | |
| **е-маил** | kmisirkov@yahoo.com |
| **основано од** | МОН |
| **Верификација- број на актот** | 09-3995/2 |
| **Година на верификација** | 2021 г. |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | Турски |
| **Година на изградба** | 2018 |
| **Тип на градба** | Тврда |
| **Површина на објектот** | 100 м2 |
| **Површина на училшниот двор** | 2000 м2 |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | 1200м2 |
| **Училиштето работи во смена** | Не |
| **Начин на загревање на училиштето** | Дрва/ парно |
| **Број на одделенија** | 5 |
| **Број на паралелки** | 4, 3 чисти и 1 комбинирана |
| **Број на смени** | Две |

- **Органи на управување, раководење и стручни органи**

| **ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И СТРУЧНИ ОРГАНИ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ** | |
|---|---|
| **Членови на училиштен одбор (име и презиме)** | Николова Невенка<br>Тања Митева Карталова<br>Александра Илиева Трајанова<br>Кемалетин Дестанов-наставник<br>Мевљуда Асанова-наставник<br>Марика Димитријева-наставник<br>Александра Ангелов |
| **Орган за раководење-директор** | в.д. Директор<br>Орце Трајанов |
| **Стручни органи на училиштето** | |
| **Наставнички совет** | Одделенски, предметни наставници,<br>стручни соработници (вкупен број 93) |
| **Одделенски совети** | Совет на одделенски наставници (вкупно 50)<br>Совет на предметни наставници (вкупно 47) |
| **Стручни активи (видови)** | Актив на одделенска настава<br>Актив по македонски јазик<br>Актив по англиски јазик<br>Актив по германски јазик |

| | |
|---|---|
| | Актив по турски јазик<br>Актив по математика, физика и иновации<br>Актив по биологија и хемија<br>Актив по историја и граѓанско образование<br>Актив по географија<br>Актив по информатика и техничко образование<br>Актив по музичко и ликовно образование<br>Актив по физичко и здравствено образование |
| **Членови на Училишниот инклузивен тим** | Орце Трајанов-директор<br>Игор Евтимов-специјален едукатор и рехабилитатор<br>Татјана Митева-психолог<br>Марија Долдурова-педагог<br>Зорка Христова Трајкова-наставник-советник<br>Александра Илиева Трајанова-родител |
| **Заедница на паралелката (број на ученици)** | 60 претседатели на паралелки<br>1116 ученика |
| **Членови на ученичкиот парламент (број на ученици, име и презиме на претседателот на ученичкиот парламент)** | 53<br>Претседател Ева Камчева IX-3 |
| **Ученички правобранител** | Нина Крстева IX-3 |
| **Совет на родители** | |
| **Претседател** | Даниела Ѓоргиева |
| **Членови:** | По еден претставник од паралелка |

## ПОДАТОЦИ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

- **просторни услови за работа на училиштето**

| | |
|---|---|
| **Вкупен број на училишни згради** | 3 |
| **Број на подрачни училишта** | 2 |
| **Бруто површина** | 9770 |
| **Нето површина** | 3310 |
| **Број на спортски терени** | 1 |
| **Број на катови** | 2 |
| **Број на училници** | 35 |
| **Број на помошни простории** | 9 |
| **Училишна библиотека** | 1 |
| **Начин на загревање на училиштето** | Парно и дрва |

- **материјално- технички услови**

| Материјално технички услови | |
|---|---|
| **Компјутери** | 15 |
| **Лаптопи (за наставници)** | 89 |
| **Лаптопи (други)** | 11 |
| **ЛЦД проектори** | 4 |
| **Смарт табли** | 35 |
| **Опремени кабинети** | 15 |
| **Спортска сала со опрема** | 1 |

- **мапа на училиштето**




Во централното ООУ „Крсте Петков Мисирков“ просториите се наоѓаат на приземје и два ката со 3 влеза од кои едниот службен. Секој кат има WC за учениците, посебно за наставници и во секоја училница има мијалник со чешма.
Учениците од прво до петто одделение се сместени на приземје и први кат, додека кабинетите се делумно во подрумски спрат и на први кат, а поголемиот дел на вториот кат.
Во подрачните училишта училниците се на приземје каде се изведува настава од прво до петто одделение.
Во централното основно училиште има спортска сала лоцирана веднаш до училиштето.

## ПОДАТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ И ЗА УЧЕНИЦИТЕ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

- **Наставен кадар**

| Ред.бр. | Име и презиме | Стручна спрема | Работно место |
|---|---|---|---|
| 1. | Лидија Манева | ВСС | Наставник по одд. настава |
| 2. | Живка Ицова | ВСС | Наставник по одд. настава |
| 3. | Сенка Б. Ѓозева | ВСС | Наставник по одд. настава |
| 4. | Мевљуда Асанова | ВШС | Наставник по одд. настава |
| 5. | Пнар Кангалова | ВСС | Наставник по одд. настава |
| 6. | Вејиз Шерифов | ВСС | Наставник по одд. настава |
| 7. | Еџе Арифова | ВСС | Наставник по одд. настава |
| 8. | Малинка Петровска | ВСС | Наставник по одд. настава |
| 9. | Олгица Стојанова | ВСС | Наставник по одд. настава |
| 10. | Светлана Чапова | ВСС | Наставник по одд. настава |
| 11. | Фиген Салиова | ВСС | Наставник по одд. настава |
| 12. | Агим Арифов | ВСС | Наставник по одд. настава |
| 13. | Фирдес Алиова | ВСС | Наставник по одд. настава |
| 14. | Еџе Арифова | ВСС | Наставник по одд. настава |
| 15. | Елена Божинова | ВСС | Наставник по одд. настава |
| 16. | Валентина Лазарева | ВШС | Наставник по одд. настава |
| 17. | Светлана Василева | ВСС | Наставник по одд. настава |
| 18. | Нежла Амет | ВСС | Наставник по одд. настава |
| 19. | Мемет Абдураманов | ВСС | Наставник по одд. настава |
| 20. | Јашар Сулиман | ВСС | Наставник по одд. настава |
| 21. | Билјана Соколова | ВСС | Наставник по одд. настава |
| 22. | Ванчо Ѓоргиев | ВСС | Наставник по одд. настава |
| 23. | Билјана Ѓоргиева | ВСС | Наставник по одд. настава |
| 24. | Ана Тамаќарова | ВСС | Наставник по одд. настава |
| 25. | Кемалетин Дестанов | ВСС | Наставник по одд. настава |
| 26. | Емел Мемишева | ВСС | Наставник по одд. настава |
| 27. | Ибраим Алиов | ВСС | Наставник по одд. настава |
| 28. | Усеин Алиов | ВСС | Наставник по одд. настава |
| 29. | Александар Чаракчиев | ВСС | Наставник по одд. настава |
| 30. | Весна Костадинова | ВШС | Наставник по одд. настава |
| 31. | Лујза Спасова | ВСС | Наставник по одд. настава |
| 32. | Ремзи Абдураманов | ВСС | Наставник по одд. настава |
| 33. | Сенем Еминова | ВСС | Наставник по одд. настава |
| 34. | Селбије Зекир | ВСС | Наставник по одд. настава |
| 35. | Билент Зуберов | ВСС | Наставник по одд. настава |
| 36. | Милица Јованов | ВСС | Наставник во продолжен престој |
| 37. | Билјана Димова | ВСС | Наставник во продолжен престој |
| 38. | Лина Тегова Тодоров | ВСС | Наставник по македонски јаз. |
| 39. | Верица С. Исаиловска | ВСС | Наставник по македонски јаз. |
| 40. | Томе Постолов | ВШС | Наставник по македонски јаз. |
| 41. | Адриана Аџиева | ВСС | Наставник по македонски јаз. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 42. | Димчо Здравев | ВСС | Наставник по македонски јаз. |
| 43. | Сердар Арифов | ВСС | Наставник по турски јазик |
| 44. | Семра Нанушева | ВСС | Наставник по турски јазик |
| 45. | Јилмаз Шерифов | ВСС | Наставник по турски јазик |
| 46. | Силвана Андонова | ВСС | Наставник по англиски јазик |
| 47. | Соња Митева | ВСС | Наставник по англиски јазик |
| 48. | Билјана Спасова | ВСС | Наставник по англиски јазик |
| 49. | Марија Иванова Газепова | ВСС | Наставник по англиски јазик |
| 50. | Митко Ристов | ВСС | Наставник по англиски јазик |
| 51. | Билјана Ивановска | ВСС | Наставник по англиски јазик |
| 52. | Јулија Свирков | ВСС | Наставник по англиски јазик |
| 53. | Николина Р. Петрова/ Лидија Митева | ВСС | Наставник по англиски јазик |
| 54. | Виолета Бехлимова | ВСС | Наставник по германски јазик |
| 55. | Фенчо Петровски | ВСС | Наставник по германски јазик |
| 56. | Февзи Салиов | ВСС | Наставник по германски јазик |
| 57. | Јулија Ефтимова | ВСС | Наставник по математика |
| 58. | Хулија Али | ВСС | Наставник по математика |
| 59. | Сања Тодорова | ВСС | Наставник по математика |
| 60. | Билјана Илиева Наунов | ВСС | Наставник по математика |
| 61. | Тања Коцева | ВСС | Наставник по математика |
| 62. | Блаже Ангелов | ВСС | Наставник по физика |
| 63. | Павле Петров | ВСС | Наставник по математика и физика |
| 64. | Тони Ангелов | ВСС | Наставник по биологија |
| 65. | Невенка Маринковска | ВСС | Наставник по биологија |
| 66. | Марјана Илкова | ВСС | Наставник по биологија |
| 67. | Зорка Христова Трајкова | ВСС | Наставник по хемија |
| 68. | Севгин Абдиев | ВСС | Наставник по хемија |
| 69. | Татјана Ѓозева | ВСС | Наставник по географија |
| 70. | Румена Горгиева | ВСС | Наставник по географија |
| 71. | Шабан Дервишев | ВСС | Наставник по географија |
| 72. | Герасим Митев | ВСС | Наставник по историја |
| 73. | Марика Димитријева | ВШС | Наставник по историја |
| 74. | Дејан Бибовски | ВСС | Наставник по историја |
| 75. | Магдалена Коцева | ВСС | Наставник по информатика и тех.образ. |
| 76. | Зорка Ангелова | ВСС | Наставник по информатика и тех.образ. |
| 77. | Дарко Милентијевиќ | ВСС | Наставник по физичко и здр.образ. |
| 78. | Иван  Лефков | ВСС | Наставник по физичко и здр.образ. |
| 79. | Марјан Шарковски | ВСС | Наставник по физичко и здр.образ. |
| 80. | Коце Ангелов | ВСС | Наставник по физичко и здр.образ. |
| 81. | Дестан Дестанов | ВСС | Наставник по физичко и здр.образ. |
| 82. | Александар Таушанов | ВСС | Наставник по физичко и здр.образ. |
| 83. | Фазли Алиов | ВСС | Наставник по физичко и здр.образ. |
| 84. | Анита Ципушева | ВСС | Наставник по музичко |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 85. | Александар Ицов | ВСС | Наставник по музичко |
| 86. | Илија Милчов | ВСС | Наставник по ликовно |
| 87. | Марија Долдурова | ВСС | Педагог |
| 88. | Татјана Митева | ВСС | Психолог |
| 89. | Игор Евтимов | ВСС | Специјален едукатор и рехабилитатор |
| 90. | Кристина Митева | ВСС | Библиотекар |

- **Податоци за раководните лица**

| Ред. Бр. | Име и презиме | Звање | Степен на образование | Работно место |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Орце Трајанов | Наставник по одд. настава | ВСС | Директор |
| 2. | Фенчо Петровски | Наставник по германски јазик | ВСС | Заменик Директор |

- **Податоци за вработените административни службеници**

| Ред. Бр. | Име и презиме | Звање | Степен на образование | Работно место |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Дафинка Ристова | Дипломиран правник | ВСС | Секретар |

- **Податоци за вработените помошно-технички лица**

| Ред. Бр. | Име и презиме | Степен на образование | Работно место |
|---|---|---|---|
| 1. | Ленче Гацкова | Основно | Хигиеничар |
| 2. | Ленче Казанџиева | Основно | Хигиеничар |
| 3. | Виолета Јованова | Основно | Хигиеничар |
| 4. | Шермин Демирова | Основно | Хигиеничар |
| 5. | Горица Јакимова | Основно | Хигиеничар |
| 6. | Драги Николов | Основно | Хигиеничар |
| 7. | Иле Алексов | Основно | Хигиеничар |
| 8. | Тони Глигоров | Основно | Хигиеничар |
| 9. | Јашар Шерифов | Основно | Хигиеничар |
| 10. | Васка Постолова | Основно | Хигиеничар |
| 11. | Емилија Ангелова | Основно | Хигиеничар |
| 12. | Озџан Шерифов | Основно | Хигиеничар |
| 13. | Димче Стојанов | ССС | Хаусмајстор |

- **Вработени по пол и етничка припадност**

| | вкупно | Етничка и полова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | други | |
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| **Број на вработени** | 107 | 25 | 55 | | | 17 | 10 | | | | |
| **Број на наставен кадар** | 88 | 19 | 43 | | | 15 | 9 | | | | |
| **Број на стручни соработници** | 4 | 1 | 3 | | | | | | | | |
| **Административни работници** | 1 | 1 | | | | | | | | | |
| **Техничка служба** | 15 | 4 | 8 | | | 2 | 1 | | | | |
| **Директор** | 1 | | 1 | | | | | | | | |

- **Степен на образование на вработени**

| Образование | Број на вработени |
|---|---|
| **Високо образование** | 85 |
| **Виша стручна спрема** | 7 |
| **Средно образование** | 1 |
| **Основно образование** | 14 |

- **Старосна структура на вработени**

| Години | Број на вработени |
|---|---|
| **20-30** | 6 |
| **31-40** | 25 |
| **41-50** | 48 |
| **51-60** | 20 |
| **61 – пензија** | 8 |

- **Ученици**

## Централно училиште

| Одд. | Бр. на паралелки | Бр. на | Етничка и родова структура на учениците | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | Срби | Турци | Роми | други |

| | | учен ици | в | ж | в | ж | в | ж | в | ж | в | ж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **I** | 5 | 95 | 56 | 27 | | | 39 | 22 | | | | |
| **II** | 5 | 118 | 54 | 27 | | | 58 | 27 | 6 | 2 | | |
| **III** | 4 | 82 | 39 | 17 | | | 39 | 18 | 4 | 2 | | |
| **IV** | 6 | 97 | 58 | 27 | 1 | 1 | 37 | 12 | 1 | 1 | | |
| **V** | 5 | 101 | 57 | 26 | | | 43 | 30 | 1 | | | |
| **I - V** | **25** | **493** | **264** | **124** | **1** | **1** | **216** | **109** | **12** | **5** | | |
| **VI** | 6 | 120 | 50 | 25 | 1 | 1 | 69 | 26 | | | | |
| **VII** | 7 | 142 | 68 | 36 | | | 72 | 31 | 2 | 1 | | |
| **VIII** | 7 | 136 | 63 | 33 | 1 | 1 | 71 | 34 | 1 | 1 | | |
| **IX** | 6 | 102 | 43 | 20 | | | 59 | 30 | | | | |
| **VI - IX** | | **500** | **224** | **114** | **2** | **2** | **271** | **121** | **3** | **2** | | |
| **I - IX** | | **993** | **488** | **238** | **3** | **3** | **487** | **230** | **15** | **7** | | |

## Подрачно основно училиште с. Коџалија

| Одд. | Бр. на паралелки | Бр. на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | други | |
| **I** | 1 | 14 | | | | | 14 | 9 | | | | |
| **II** | 1 | 21 | | | | | 21 | 10 | | | | |
| **III** | 1 | 24 | | | | | 24 | 18 | | | | |
| **IV** | 1 | 25 | | | | | 25 | 7 | | | | |
| **V** | 1 | 21 | | | | | 21 | 7 | | | | |
| **I - V** | **5** | **104** | | | | | **104** | **51** | | | | |

## Подрачно основно училиште с. Калаузлија

| Одд. | Бр. на паралелки | Бр. на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | други | |
| **I** | * | 10 | | | | | 10 | 4 | | | | |
| **II** | 1 | 3 | | | | | 3 | 3 | | | | |
| **III** | 1 | 11 | | | | | 11 | 4 | | | | |
| **IV** | 1 | 14 | | | | | 14 | 4 | | | | |
| **V** | 1 | 7 | | | | | 7 | 2 | | | | |
| **I - V** | **3+1 комб.** | **45** | | | | | **45** | **17** | | | | |

## МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

ООУ „ Крсте Петков Мисирков“ Радовиш во целост ги почитува и практикува законските норми односно законите и подзаконските акти кои произлегуваат од нив. Во однос на материјално-финансиско работење се раководи според Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20 и 3/25) и Законот за Буџети и буџетски корисници (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 61/02 до 170/17). Материјално-финансиското работење го раководи директорот, заменик директорот, заедно со секретар и книговодител, а се одвива согласно со Финансискиот план на училиштето за 2026 година кој е одобрен од Училишниот одбор и основачот, т.е Советот на Општина Радовиш. Материјално-финансиското работење е транспарентно, а училишните тела и органи се навремено информирани за буџетот и намената на средствата на училиштето. Буџетските приоритети се тесно поврзани и ги отсликуваат образовните приоритети на училиштето.

## МИСИЈА И ВИЗИЈА

- **Мисија на училиштето**

Училиштето е институција која постои за реализирање на воспитно-образовната дејност на учениците од прво до деветто одделение.
Нашето училиште има цел, има мисија и се стреми кон остварување подобри услови во воспитно-образовниот процес.

Нашето училиште во текот на целата учебна 2025/2026 година обезбеди:

- ✓ Еднакви права и можности за сите ученици.
- ✓ Можности за стекнување знаења и способности, развивајќи ја свеста за почитување на меѓусебните права и размислувања.
- ✓ Работна средина каде постоеше грижа и поддршка која овозможи докажување на индивидуалните способности на секој ученик.
- ✓ Работна средина каде постоеше грижа и поддршка, во која персоналот ја развиви и зајакна индивидуалната ефикасност и задоволство од работата.
- ✓ Поттикнување на етиката и климата на взаемна поддршка во која што сите активно беа вклучени во остварување на училишната мисија.
- ✓ Стимулативни и иновативни искуства на учениците, на кои им се пренесе пораката за учење и им се овозможи чувство на задоволство и сигурност во училиштето.
- ✓ Поттикнување на развојот на интелектуалните, емоционалните, естетските и практичните вредности на учениците, за да можат тие да го достигнат својот максимум во општеството.

- **Изјава на мисијата**

Мисијата на нашето училиште за време на учебната 2025/2026 година беше:

- ✓ Да го поттикнеме и обезбедиме индивидуалниот развој на учениците и наставниците, самоевалуација и самокритичност;
- ✓ Да ја развиеме свеста за почитување на меѓусебните права и размислувања;
- ✓ Да го негуваме меѓусебното разбирање и почитување;
- ✓ Да работиме на високи етички стандарди, користејќи современа образовна технологија и поттикнувајќи доверба и почитување на начин што заслужува доверба од нашите ученици и нивните родители, нашите вработени.

Нашето училиште претставува образовна, дисциплинирана и безбедна средина во која сите можат да научат.

- **Визија на училиштето**

Визијата на вработените во нашето училиште е безбедна, сигурна средина со уредени кабинети, соодветно уредена спортска сала, богати збирки на нагледни наставни средства, неопходна литература и со што е потребно за учениците да можат да се здобијат со неопходни знаења, а наставниците успешно да ја организираат и реализираат наставната програма. Нашето училиште е отворена, демократска средина во чие постоење и успеси се вклучени директорот, стручните соработници, наставниците, учениците, родителите и локалната средина – сите за најдоброто на идните генерации.

- **Изјава на визијата**

Визијата на нашето училиште е да создадеме безбедна, хармонична и дисциплинирана средина во која учениците ќе бидат задоволни, затоа што нашето училиште нуди современа, ефикасна и квалитетна настава прилагодена на потребите и интересите на учениците, наставниците, локалната заедница и државата.

- **Мото на училиштето**

**Мотивација, знаење, успех – ги постигнуваме!**

## ВЕЌЕ НАУЧЕНО / СТЕКНАТИ ИСКУСТВА

Во изработка на Годишната програма за работа на училиштето ги користевме поуките и искуствата од работата на училиштето во изминатите учебни години и анализита на работењето на сите органи и тела кои функционираат во нашето училиште. Годишната програма за работа на ООУ „Крсте Петков Мисирков“ беше изработена врз основа на:

- Анализи и заклучоци од Самоевалуацијата на работата на училиштето и План за развој на училиштето;
- Анализи и препораки од Училишниот одбор;
- Анализи и искуства од работењето на Наставнички совет, Одделенски совет, Стручни активи, Инклузивен тим и реализацијата на Програмата за професионален развој на наставниот кадар;
- Искуства стекнати при реализација на Наставните планови и програми, позитивните искуства со реализација на концептот за деветгодишно образование;
- Новите стекнати знаења ги имплементиравме во планирање, подготовки и реализација на наставата и вонннаставните активности во нашето училиште;
- Имплементација на: Програми за имплементација на еколошката едукација во образовниот систем, придобивките од употребата на училишните Кодекси и правилници, критериуми и етички кодекси на оценувањето;
- Продобивките од примената на ИКТ во планирање и реализација на наставата и вонннаставните активности беа патоказ во подготвувањето и техничката изведба на Годишната програма на ООУ ,,Крсте Петков Мисирков“ за работа во учебната 2025/2026 година.

## ПОДРАЧЈА НА ПРОМЕНИ, ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ

Во утврдувањето на подрачјата на промени и приоритети во предвид се земаат резултатите и сознанијата од програмата за развој на училиштето и самоевалуацијата на работата на училиштето, препораките и насоките од интегралната евалуација од страна на Државниот просветен инспекторат, насоките дадени од БРО и МОН, како и потребите на наставниците.

- ✓ Приоритет за едносменско работење на училиштето. Во однос на овој приоритет ќе кажеме дека оваа година не се оствари поради тоа што во нашето училиште учат над илјада ученици, има 107 вработени, а просторните услови не го дозволуваат тоа. Сепак имајќи предвид дека едносменската работа е приоритетна цел и на МОН, а и тековниот процес на оптимизација ова се' уште ќе биде на листата на наши промени, приоритети и цели.
- ✓ Приоритет- Изградба и опремување на спортски терени до спортската сала. Оваа година се направи обнова на соблекувалните со нови клупи и закачалки.

- ✓ Приоритет-Дислокација на парните котли-надвор од училишната зграда со цистерна вкопана во земја. Училиштето беше опфатено како едно од училиштата за енергетска ефикасност.
- ✓ Приоритет-Хортикултурно уредување на училишниот двор. Во однос на овој приоритет има тендерска постапка која е во тек и се надеваме дека успешно ќе се реализира учебната 2026/27 година.
- ✓ Приоритет-Унапредување на квалитетот на наставата преку примена на современи наставни стратегии, диференцирана настава, формативно оценување и активно учење. Квалитетната настава секогаш треба да е приоритет на секое училиште и секој што работи во образование, а голем дел од нашите наставници ги имаат сите потребни компетенции.
- ✓ Приоритет-Подобрување на дигиталните компетенции на учениците и наставниците преку поголема примена на дигитални алатки и образовни платформи. Дигитализацијата е процес во кој активно сме вклучени сите како општество и заедница. Училиштето има поставено смарт табли во секоја училница, на секој наставник има доделено лап-топ, се направи набавка на принтер за секој наставник, дел од наставниците посетија обука за вештачка интелигенција, така што сумирано може да кажеме уште еден успешно постигнат приоритет.
- ✓ Приоритет-Јакнење на инклузивната образовна практика преку обезбедување еднакви можности за сите ученици, индивидуализирана поддршка и соработка со стручната служба. Инклузијата е еден од нашите приоритети кои се наоѓаат на врвот на нашата листа, па затоа и политиките на училиштето се во насока на унапредување на истата. Дел сме од проект за инклузија спроведуван од МЦГО и здружението „Отворете ги прозорците“, имаме успешна соработка со училиштето со ресурсен центар „Св.Климент Охридски“ Ново Село, како и со образовните асистенти ангажирани во нашето училиште.
- ✓ Приоритет-Развивање на безбедна, поддржувачка и ненасилна училишна средина преку активности за превенција од насилство, дискриминација, говор на омраза и сајбер-насилство. Училиштето направи интерен акт за пријавување и заштита на ученик-жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, беа спроведени низа работилници на оваа тема, а и конфликтите кои се јавуваат во нашето училиште се еднократни инциденти кои со соодвета интервенција и поддршка се решаваат. Немаме детектирано посериозна форма на насилство или булинг.
- ✓ Приоритет-Поттикнување на ученичкото учество во донесување одлуки преку активна работа на ученичката заедница, ученички иницијативи и волонтерски активности. Училиштниот парламент, Ученички правобранители успешно работат во училиштето, иако ќе бидеме реални и ќе кажеме дека недостасува поголема иницијативност од страна на учениците, но затоа овој приоритет го имаме секоја година и работиме на подобрување.

**ЦЕЛТА НИ Е ДА ПРЕРАСНЕМЕ ВО МОДЕРНО И ЕФЕКТИВНО УЧИЛИШТЕ**

Целта на основното образование и воспитание е да им овозможиме на учениците индивидуален развој во склад со нивните предиспозиции и возрасна карактеристика, да усвојат знаења и умеења за природата, општеството и човекот и да се оспособуваат со
нивната примена во животот.

Во годишната програма за работа на училиштето приоритетни цели беа:

- ✓ Подобрување на редовноста на учениците, особено на децата од турската националност што е услов за зголемување на општиот успех на учениците во споредба со успехот од претходната година;
- ✓ Професионално и стручно усовршување на наставниот кадар со едукација и обуки за усовршување и осовременување со нови наставни методи, критериуми за оценување, медиумска писменост, обуки за подобрување на инклузивноста, што ќе придонесе за поттикнување на интелектуалниот и физичкиот развој и стекнување на практични знаења на сите ученици, а со тоа и следење на современите текови на општественото живеење.

## ПЛАН ЗА ЕВАЛУАЦИЈА НА АКЦИСКИТЕ ПЛАНОВИ

- **Критериум за успех**

Критериумите за успех во наставата по задолжителните предмети беа застапени за време на целата учебна 2025/256 год., бидејќи наставата по задолжителните предмети претставува содржинска основа на нашето основно училиште. Застапеноста на наставните предмети во наставата по одделенија и неделниот фонд на часови за секој наставник и предмет беше утврден со Наставниот план и програма. Наставниот кадар редовно ги следеше промените и движењата настанати за време на учебната 2025/2026 година и истите ги усогласуваше за полесно едуцирање, слободата и индивидуата на детето.

- Оспособување на детето за перманентно учење и живот;
- Ученикот да научи;
- Ученикот да ги совлада методите, техниките и постапките.

Наставниците во учебната 2025/2026 година посветија внимание на:

- На перманентно учење преку неговата творечка работа и честите контакти ученик – наставник – родител;
- Внесување на иновации (активна настава преку интерактивно учење, групна работа, работа во парови или тандем, итн.)
- Скратување на содржини кои се непотребни.

Тоа беше реализирано со цел да се оценат и определат афинитетите, желбите, потребите, интересите, склоностите и способностите на учениците и така полесно учениците да се насочат кон развој на нивните индивидуални афинитети.

- **Инструменти**

Како инструменти кои беа користени во учебната 2025/2026 година се: тестови на знаења, скали на проценка, прашалници, протоколи за набљудување, потсетник за водење на интервју и опсервации.

- **Индикатор за успешност**

Просекот на оценките е покачен, се намалил бројот на слаби оценки но, имаше зголемена соработка со родителите и зголемен број на различни видови стратегии за оценување.

## ПРОГРАМИ И ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

- **Календар за организацијата и работата во основното училиште**

Календарот за работа на училиштето го донесува Министерот за образование и наука и истиот е објавен во Службен весник,
Со овој календар се утврдува организирањето на учебната година во основните училишта согласно програмските цели во наставната година: полугодие, друга воспитно- образовна дејност и ученички распуст за учебната 2025/2026 година.
Учебната година во основните училишта започнува на 1 септември 2025 година, а завршува на 31 август 2026 година. Наставната година започнува на 1 септември 2025 година и завршува на 10 јуни 2026 година.Наставната година ја сочинуваат две полугодија - I и II полугодие. Првото полугодие започнува на 1 септември 2025 година и завршува на 30 декември 2025 година. Второто полугодие започнува на 20 јануари 2026 година и завршува на 10 јуни 2026 година.Во текот на учебната година учениците користат зимски и летен одмор. Зимскиот одмор започнува на 31 декември 2025 година и завршува на 19 јануари 2026 година. За време на зимскиот одмор вработените во училиштето од 2 јануари 2026 година до 10 јануари 2026 година користат платени работни денови. Летниот одмор започнува на 11 јуни 2026 година и завршува на 31 август 2026 година.
Основните училишта од 11 јуни до 19 јуни 2026 година организираат дополнителна настава, поправни испити и одделенски испити, а од 17 август до 21 август 2026 година организираат подготвителна настава, консултации и други форми на помош на учениците кои треба да полагаат поправни испити и одделенски испити и ги спроведуваат истите. Воспитно-образовната работа за учениците се организира во текот на целата работна недела. Во учебната 2025/2026 година наставата се остварува во 180 наставни денови. Службен весник на РСМ, бр. 142 од 15.7.2025 година 2 од 2.
На денот на училиштето се организираат културни, спортски и други манифестации. Традиционалниот ден на просветата за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик се одбележува со културни и други манифестации. Денот на училиштето и традиционалниот ден на просветата за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик, се наставни денови кога се изведуваат посебни програми за манифестациите

од ставовите 1 и 2 на овој член. Работните денови кога се изведуваат ученичките екскурзии, денот на училиштето и традиционалниот ден на просветата за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик, се наставни денови кога се изведуваат посебни програми. За учениците кои не ги посетуваат ученичките екскурзии, училиштето организира редовна настава согласно распоредот на наставни часови.

**Неработни денови во учебната 2025/26 година**

- За сите граѓани на РСМ
- 8 септември (понеделник), Ден на независноста,
- 11 октомври (сабота), Ден на народното востание,
- 23 октомври (четврток), Ден на македонската револуционерна борба,
- 8 декември (понеделник), “Св. Климент Охридски”.
- 1 јануари (четврток), Нова Година,
- 7 јануари (среда), Божик, првиот ден на Божик според православниот календар,
- 20 март (петок), Рамазан Бајрам, првиот ден на Рамазан Бајрам
- 13 април (понеделник), Велигден, вториот ден на Велигден според православниот календар,
- 1 мај (петок), Ден на трудот
- 24 мај (недела) „Св. Кирил и Методиј“- Ден на сесловенските просветители, односно 25 мај (понеделник) е неработен ден,
- 2 август (недела), Ден на Републиката, односно 3 март (понеделник) е неработен ден

За граѓаните од православна вероисповед

- 6 јануари (вторник), Бадник, ден пред Божик,
- 19 јануари (понеделник), Богојавление (Водици),
- 10 април (петок), Велики Петок, петок пред Велигден,
- 29 мај (петок), Духовден, петок пред Духовден,
- 28 август (петок), Успение на Пресвета Богородица (Голема Богородица).

За граѓаните од муслиманска вероисповед

- 27 мај (среда), Курбан Бајрам, првиот ден на Курбан Бајрам

За граѓаните припадници на ромската заедница во РСМ

- 8 април (среда), Меѓународен ден на Ромите

За граѓаните припадници на турската заедница во РСМ

- 21 декември- Ден на настава на турски јазик.

- **Работа во смени**

ООУ „Крсте П. Мисирков“ – Радовиш оваа учебна година работеше во две смени за сите паралелки од одделенска и предметна настава. Наставата во подрачните училишта во с. Коџалија и с.Калаузлија исто така се одвиваше во две смени.

Распределбата на одделениата по смени во централното училиште беше на следниов начин:

I, II, III одд. македонски наставен јазик
IV, V одд. турски наставен јазик
VI, VIII одд. (македонски и турски наставен јазик) во една смена;

I, II, III одд. турски наставен јазик
IV, V одд. македонски наставен јазик
VII, IX одд. (македонски и турски наставен јазик) во друга смена.
Смените се менуваа на секои 2 недели.

с .Коџалија
I, II, III одд. во една смена
IV, V во друга смена

с. Калаузлија
I, II, IV во една смена
III, V во друга смена

**Распоред на звонење за часовите**

| | Прва смена | | Втора смена | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Час | Почеток на час | Крај на час | Почеток на час | Крај на час | Времетраење на одмор |
| 1 | 7:30 | 8:10 | 13:15 | 13:55 | 5 мин |
| 2 | 8:15 | 8:55 | 14:00 | 14:40 | 20 мин |
| 3 | 9:15 | 9:55 | 15:00 | 15:40 | 5 мин |
| 4 | 10:00 | 10:40 | 15:45 | 16:25 | 5 мин |
| 5 | 10:45 | 11:25 | 16:30 | 17:10 | 5 мин |
| 6 | 11:30 | 12:10 | 17:15 | 17:55 | 5 мин |
| 7 | 12:15 | 12:55 | 18:00 | 18:40 | 5 мин |

- **Јазици на кои се изведува наставата**

| | **Наставен јазик-македонски** | **Наставен јазик-албански** | **Наставен јазик-турски** | **Наставен јазик-српски** |
|---|---|---|---|---|
| **Број на паралелки** | 30 | | 30 | |
| **Број на ученици** | 556 | | 588 | |

- **Проширена програма**

Во училиштето се организираше продолжен престој, настава која функционира како организирана целина од наставни и ненаставни содржини. Со учениците кои го посетуваа продолжен престој се реализираа задолжителни и слободни активности кои позитивно влијаеја на психофизичкиот развој. Функционирањето на продолжениот престој во рамки на училиштето преставува одлично решение за

вработените родители кои ќе можат во целост да се посветат на работните обврски знаејќи дека своите деца им се во сигурни раце и на вистинско место. Работата со учениците се состоеше во изработка на домашни задачи, дополнување и проширување на наставно – воспитни содржини и знаења, проверка на домашните задачи, вежби и проверка на знаењата. За подобрување на успехот се соработуваше со одделенските наставници се применуваа и контролни задачи, учење по даден потсетник, вежби, дидакти и сл. Се придонесуваше за формирање на позитивни вредности кај учениците, создавање на работни навики, прецизност, самостојност, одговорност, истрајност, дружељубивост, меѓусебно почитување, самокритичност и развивање на другарството. Учениците имаа можност за слободно творење по катчиња, изработка на цртежи во ликовно катче, играње со дидактички материјал во семејно-драмско катче, побрзо и полесно описменување, играње колективни игри, читање и пишување. Во дневниот престој се реализираа и слободни активности: читање енциклопедии, гледање и анализа на едукативни филмови, играње колективни – едукативни игри. Во соработка со наставникот по физичко образование, учениците од дневниот престој често ја посетуваа фискултурната сала каде изведуваа физички вежби за релаксација и рекреација. Во секојдневната работа се користеа сите нагледни средства со кои располага училиштето. Во продолжен престој се опфаќаа ученици од I-III одделение.

- **Комбинирани паралелки**

Оваа учебна 2025/26 година во нашето училиште имаше само една комбинирана паралелка, во подрачното училиште во с. Калаузлија. Во истата беа опфатени ученици од прво и второ одделение, вкупно 13 ( 10 во I одд. и 3 во II одд.)

- **Странски јазици кои се изучуваат во училиштето**

Како прв странски јазик се изучува англискиот јазик, во сите паралелки од прво до деветто одделение, а како втор странски јазик се изучува германскиот јазик (во сите паралелки во предметна настава).

- **Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение**

Наставата по физичко и здравствено образование во одделенска настава се реализираше како тандем настава – одделенскиот наставник заедно со наставник по ФЗО.

- **Изборна настава**

Учениците и родителите/старателите на крајот на секоја учебна година, преку анкета се определуваат за некој од понудените изборни предмети, согласно наставниот план и програма. Во учебната 2025/2026година, се изучуваа следниве изборни предмети:

| Одд. | Изборен предмет | Наставник |
|---|---|---|
| IV | **Цртање, сликање, вајарство/ Моделарство, креативни идеи – направи сам** | Билјана Соколова, Ванчо Ѓоргиев, Ана Тамаќарова, Емел Мемишева, Кемалетин Дестанов, Ибраим Алиов, Усеин Алиов |
| IV-3 | **Цртање, сликање, вајарство/ Разрешување на конфликти** | Билјана Ѓоргиева |
| V | **Природните убавини на мојата татковина/ Музичко народно творештво** | Лефтерка Депова, Весна Костадинова, Лујза Спасова, Реемзи Абдураманов, Сенем Еминова, Билент Зуберов |
| V-Коџ. | **Прва помош/ Природните убавини на мојата татковина** | Шабан Дервишев |
| VI- 1,2,3 | **Етика во религиите/ Класична култура** | Сашо Стојчев |
| VI- 4,5 | **Етика во религиите /Класична култура** | Валентина Ефремов/ Гордана Здравкоска |
| VI-6 | **Соѕвездија и светлосно загадување/ Едукација за одржлива иднина** | Невенка Маринковска |
| VII1,2,3,4,7 | **Учам за моето здравје/ Прва помош** | Валентина Ефремов/ Лина Тодоров |
| VII-5,6 | **Глобално затоплување и климатски промени/ Истражување на родниот крај** | Шабан Дервишев |
| VIII-1,2 | **Учам за моето здравје/ Вселена и сончев систем** | Зорка Ангелова |
| VIII-3,4,5,6 | **Музиката и другите науки и уметности/ Гласот на традицијата** | Александар Ицов |
| VIII-7 | **Учам за моето здравје/Прва помош** | Сердар Арифов |
| IX-1,2,3 | **Унапредување на здравјето** | Адријана Аџиева |
| IX-4,5 | **Унапредување на здравјето** | Сердар Арифов |
| IX-6 | **Унапредување на здравјето** | Севгин Абдиев |

- **Дополнителна настава**

Дополнителната настава се организираше за ученици кои покажале континуирано слаби резултати во учењето во текот на учебната 2025/2026 година,

и кои се соочиле со повремени тешкотии, или пак побавно напредуваат или заостануваат во усвојувањето на содржини кои се изучуваат во оваа полугодие. Заостанувањето и тешкотиите во наставата може да се последица од повеќе причини и да се појавуваат во различни форми и во различни временски периоди. Затоа е реализирана дополнителната настава која како соодветна помош им беше потребна на учениците. Поради тоа беше успешно организирана дополнителната настава која беше резултат на неопходното целосно и континуирано следење и вреднување на успехот и напредокот на секој ученик, како и постојана контрола за неговите развојни особености и потреби, постигања и заостанувања, предности и слабости и друго.
Програмата според која се одржуваше дополнителната настава секој наставник ја реализираше од доставените програми кои се во прилог на годишната програма.

- **Додатна настава**

Додатна настава се реализираше со учениците кои постигнуваат посебно добри резултати по определени предмети. Нејзина цел беше да ги прошири знаењата на учениците, да ги поттикне и унапреди нивните способности, подготовка за учество на натпревари кои беа реализирани итн.
Програмата според која се одржуваше додатната настава секој наставник ја реализираше од доставените програми кои се во прилог на годишната програма.

- **Индивидуализирани програми за работа со надарени и талентирани деца**

Секој наставник, по потреба имаше изработено идивидуална програма за работа со надарени и талентирани ученици, во која беа вклучени предметите за кои ученикот покажува талент, целите во учењето, употребата на стратегии и дидактички материјали. Како одговорни лица се јавуваат одделенските и предметните наставници во соработка со педагошко-психолошката служба. Секој наставник спроведуваше разновидни начини и мерки за вреднување, со цел избирање на надарени деца на различна возраст и со различни способности.

- **Индивидуализирани програми за работа со деца со посебни потреби**

Инклузијата како процес и тема за нашето училиште се наоѓа на врвот на приоритети, па затоа и училишните политики и планови се во насока на подобрување и унапредување на истата. Училиштето има формирано Училиштен инклузивен тим ,а се разбира дека и за секој ученик со посебни образовни потреби се формира посебен инклузивен тим. Во нашето училиште учат 20 ученици со посебни потреби, од кои во првиот образовен период I-III одд. се опфатени 10, во вториот образовен период IV-VI одд.7 и во третиот образовен период VII-Xодд. 3. За учениците со посебни образовни потреби ресурсниот центар ОУРЦ ,,Климент Охридски’’ Ново Село организира лица за придружба -образовни асистенти. Во однос на работата со овие ученици и инклузијата значајно е да споменеме дека располагаме со многу добро опремена сензорна соба како и ассистивна технологија. Исто така 2 години по ред сме вклучени во проектот „Инклузија на деца

со посебни образовни потреби“ Акој овозможува подигање на нивото на инклузијата во нашето училиште преку набавка на дидактички материјали, организирани обуки итн.

## ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

- **Училишен спорт**

Училиштето има формирано училиштен спортски клуб од 2012 година, истиот го водат наставниците по физичко и здравствено образование : Марјан Шарковски, Коце Ангелов и Дарко Милентијевиќ. Учениците согласно нивните интерси имаат можност да тренираат кошарка или одбојка.

- **Секции**

Секциите се подолготрајни воннаставни активности кои се реализираат еднаш неделно, во текот на полугодието или на учебната година.
Во согласност со психофизичките способности, интелектуалните можности и физичката спремност, во училиштето учениците имаа можност во текот на учебната година да избираат и реализираат заедно со наставниците ученички секции според својот интерес и потреба.
Наставниците-координатори на секциите имаа изработено програми за следниве секции и слободни ученички активности:

- ✓ *ЛИТЕРАТУРНА СЕКЦИЈА –одг.нас.Верица Исаилоска*
- ✓ *СЕКЦИЈА НА МЛАДИ РЕЦИТАТОРИ-одг.нас.Лина Тодоров*
- ✓ *ДРАМСКА СЕКЦИЈА – одговорен наставник Томе Постолов*
- ✓ *ЉУБИТЕЛИ НА МУЗИКАТА - одг.нас.Анита Ципушева*
- ✓ *ЉУБИТЕЛИ НА ГЕРМАНСКИОТ ЈАЗИК-одг.нас.Фенчо Петрески*
- ✓ *СЕКЦИЈА НА МЛАДИ МАТЕМАТИЧАРИ-одг.нас.Јулија Ефтимова*
- ✓ *СЕКЦИЈА НА МЛАДИ ИСТОРИЧАРИ –одг.нас.Марика Димитријева*
- ✓ *СЕКЦИЈА НА МЛАДИ ГЕОГРАФИЧАРИ –одг.нас.Татјана Ѓозева*
- ✓ *ЛИКОВНА СЕКЦИЈА –одг.нас.Илија Милчов*
- ✓ *СЕКЦИЈА НА МЛАДИ ФИЗИЧАРИ –одг.нас.Блаже Ангелов*
- ✓ *СЕКЦИЈА НА МЛАДИ БИОЛОЗИ –одг.нас.Тони Ангелов*
- ✓ *СЕКЦИЈА НА МЛАДИ ХЕМИЧАРИ-одг.нас. Зорка ХристоваТрајкова*
- ✓ *СПОРТСКА СЕКЦИЈА-одг.нас. Марјан Шарковски*

- **Акции**

Акциите што се спроведуваат во училиштето се значаен дел од неговата севкупната воспитно-образовна дејност. Во нив активно земаат учество учениците, родителите и наставниците. Учениците се вклучуваат во различни активности како што се: хуманитарни акции што подразбираат собирање парични средства преку организирање и активно учество на базари, хепенинзи, донирање на облека,

собирање на училиштен прибор, како и учество во еко акции (собирање стара хартија за рециклирање, средување на училниците, чистење и уредување на училишниот двор и др.). Имаат за цел да развиваат интерес кај учениците за вклучување во оптштествено корисна работа, задоволство од работата, поттикнување на хуманоста и солидарноста кај децата, развивање на позитивен однос кон другарчињата како и поттикнување на учениците да дејствуваат и размислуваат еколошки, односно од најмала возраст да се создадат еколошки навики со што во иднина би имале почиста животна средина. На почетокот на второто полугодие беше изготвен план за реализирање на еколошки акции. Секоја недела по две одделенија од одделенска и од предметна настава спроведуваа еколошки вонннаставни активности со цел оддржување на чистотата во училиштето и поблиската околина. Учениците од одделанска настава активностите ги рализираа во училиштниот двор, дедека учениците од предметна настава беа задолжени за собирање на ѓубрето во непосредната околина на училиштето. Училиштето учествуваше во акцијата „Генералка Викенд“ .Се спроведе хуманитарна акција на собирање на парични средства за наша ученичка, а истите беа искористени за нејзина претплата за јадење до крајот на учебната година, и' се купи нова облека, а исто така се направија и пакети со храна и хигиенски средства. Друга хуманитарна акција исто беше со собирање на парични средства, но намената сега беше за лекување на наша сограѓанка во странство.

## УЧЕНИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ И УЧЕСТВО

Сите ученици во училиштето ја сочинуваат Училишната заедница. Учениците имаат право на ученичко организирање на ниво на паралелка и училиште. За организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште, учениците се организираат во заедница на паралелка и Ученички парламент. Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките. Претседателите и нивните заменици се избираат редовно во текот на месец септември, на час на одделенската заедница. Изборот се прави на демократски начин, со можност секој ученик да се пријави за претседател или заменик. При изборот на претседател и заменик во секое одделение се внимава да се застапени двата пола (доколку има соодветни кандидати, едната функција да ја врши момче, а другата девојче) и се поттикнуваат и учениците кои се претставници на заедниците да земат учество во училишното организирање.
Ученичкиот парламент оваа година беше составен од 54 ученици (претседатели на одделение и заменик-претседатели) од второ до деветто одделение и ученици кои покажуваат интерес да се вклучат во активностите на Ученичката организација. Ева Камчева од IX-3 одд. беше претседател на Ученички парламент, заменик претседател беше Александра Вучкова VIII-3, а секретар Елена Конзулова.

- **Годишен извештај на Ученички правобранител**

За ученички правобранител оваа учебна година беше избрана ученичката Нина Крстева од IX-3 одделение. На крајот на месец октомври учениците поддржани од

педагошко-психолошката служба спроведоа демократски избори за Ученички правобранител. Потоа истиот се претстави себе си и задачите кои ги има со оваа функција пред сите ученици поминувајќи во сите училници.

**Цели:**

1**.**Подобрување на видливоста на Ученик Правобранител во училиштето и зголемување на информираноста на учениците за задачите на оваа функција.

2. Истражување на состојбите во училиштето во поглед на исполнетоста на детските права и ученичкото учество во работата на училиштето.

3. Промовирање на правата на детето во училиштето преку едукативни – врснички работилници и други активности.

## ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ

- **Екскурзии, излети и настава во природа**

Стручниот тим за подготовка на Програма за изведување на ученички екскурзии, излети и други слободни ученички активности за учебната 2025/2026година го сочинуваа:

1. Орце Трајанов - Директор
2. Татјана Митева - психолог
3.Зорка Христова Трајкова – предметен наставник
4. Живка Ицова – одделенски наставник
5. Ана Тамаќарова – одделенски наставник
6. Невенка Маринковска – предметен наставник

За секоја планирана наставно-научна посета, излет или екскурзија е назначено одговорно лице за реализација на поставените воспитно-образовни цели на активноста и за доставување на извештај од реализацијата на активноста.

Сите ученици од I до IX одделение имаа можност да учествуваат на есенски и пролетен излет, кој за учениците од I до IVодделение се одржа на Градскиот рид, а за учениците од V до IX одделение на местото познато како „Канлиева Воденица“. Исто така согласно програмата за екскурзии учениците имаа можност да ги посетат планирантите локалитети и места. За сите спроведени вонучилишни активности назначените координатори уредно доставија извештаи.

## НАТПРЕВАРИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ

| Учесник | Одд. | Ментор | Предмет | Општински | Регионален | Државен | Меѓу-народен |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Мелани Ристова | IV | Биљана Соколова | природни науки | III | III | | |
| Атанасија Станојковиќ | IV | Биљана Соколова | природни науки | III | | | |
| Давид Јановски | V | Невенка Маринковска | природни науки | II | II | I | |
| Никола Божинов | V | Невенка Маринковска | природни науки | II | III | | |
| Лилија Митевска | V | Невенка Маринковска | природни науки | II | II | II | |
| Дариа Војовска | V | Невенка Маринковска | природни науки | III | II | | |
| Иван Трпчев | V | Невенка Маринковска | природни науки | III | III | | |
| Стефан Коцев | V | Невенка Маринковска | природни науки | III | Пофалница | | |
| Теодора Ристова | V | Невенка Маринковска | природни науки | Пофалница | III | | |
| Ана Свиркова | VI | Невенка Маринковска | природни науки | III | Пофалница | | |
| Ева Соколова | VI | Невенка Маринковска | природни науки | III | Пофалница | | |
| Марија Трајанов | VI | Татјана Ѓозева | природни науки | I | I | III | |
| Ана Илкова | VI | Татјана Ѓозева | природни науки | I | Пофалница | | |
| Михаела Коцева | VI | Татјана Ѓозева | природни науки | III | III | | |
| Матеа Коцева | VI | Татјана Ѓозева | природни науки | III | II | III | |
| Мима Јованова | VI | Татјана Ѓозева | природни науки | III | III | | |
| Ана Јованова | VI | Татјана Ѓозева | природни науки | III | III | | |
| Сандра Спасова | VI | Татјана Ѓозева | природни науки | III | Учество | | |
| Дина Цинцовска | V | Митко Ристов | англиски ј. | I | I | I | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Давид Јановски | V | Митко Ристов | англиски ј. | II | I | I | |
| Каја Арнаутова | VI | Силвана Андонова | англиски ј. | / | | | |
| Ана Свиркова | VI | Силвана Андонова | англиски ј. | II | Учество | | |
| Ана Дамјанска | VII | Марија И.Газепова | англиски ј. | II | I | **Учество** | |
| Нина Божинова | VII | Марија И.Газепова | англиски ј. | / | | | |
| Васил Газепов | VIII | Билјана Спасова | англиски ј. | I | Учество | | |
| Јован Тамаќаров | VIII | Билјана Спасова | англиски ј. | III | Учество | | |
| Ева Камчева | IX | Соња Митева | англиски ј. | III | II | **Учество** | |
| Анастасија Цветанова | IX | Соња Митева | англиски ј. | / | | | |
| Мелани Тимова | VII | Марјана Илкова | биологија | I | II | II | |
| Марија Јованова | VIII | Марјана Илкова | биологија | II | III | | |
| Трајче Коцев | IX | Марјана Илкова | биологија | I | I | I | |
| Ива Горгиева | IX | Марјана Илкова | биологија | II | I | III | |
| Диљара Салиова | IX | Марјана Илкова | биологија | III | III | | |
| Андреа Камчева | IX | Марјана Илкова | биологија | III | II | | |
| Анастасија Цветанова | IX | Марјана Илкова | биологија | III | II | | |
| Ѓорге Газепов | IX | Марјана Илкова | биологија | III | II | | |
| Ања Лазаров | VII | Зорка Х.Трајкова | биологија | I | I | I | |
| Елена Конзулова | VII | Зорка Х.Трајкова | биологија | II | Пофалница | | |
| Георгина Митевска | VII | Зорка Х.Трајкова | биологија | III | III | II | |
| Ивона Ефтимова | VII | Зорка Х.Трајкова | биологија | III | III | | |
| Тијана Манчевска | VII | Зорка Х.Трајкова | биологија | пофалница | Пофалница | | |
| Димитар Лефков | VII | Зорка Х.Трајкова | биологија | учество | | | |
| Ања Лазаров | VII | Зорка Х.Трајкова | хемија | I | II | III | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Елена Конзулова | VII | Зорка Х.Трајкова | хемија | I | II | II | |
| Георгина Митевска | VII | Зорка Х.Трајкова | хемија | II | II | III | |
| Мила Стојанова | VII | Зорка Х.Трајкова | хемија | II | III | | |
| Ана Дамјанска | VII | Зорка Х.Трајкова | хемија | III | Пофалница | | |
| Душица Трајанова | VII | Зорка Х.Трајкова | хемија | III | III | | |
| Тамара Ризов | VII | Зорка Х.Трајкова | хемија | Пофалница | / | | |
| Тијана Манчевска | VII | Зорка Х.Трајкова | хемија | Пофалница | | | |
| Јоана Јованова | VII | Зорка Х.Трајкова | хемија | Пофалница | | | |
| Лара Георгиева | VII | Зорка Х.Трајкова | хемија | Пофалница | | | |
| Викторија Станкова | VIII | Зорка Х.Трајкова | хемија | III | III | | |
| Александра Вучкова | VIII | Зорка Х.Трајкова | хемија | Пофалница | III | | |
| Васил Газепов | VIII | Зорка Х.Трајкова | хемија | Пофалница | Пофалница | | |
| Лилјана Стефанова | VIII | Зорка Х.Трајкова | хемија | Пофалница | III | | |
| Невена Митевска | VIII | Зорка Х.Трајкова | хемија | Пофалница | | | |
| Јован Тамаќаров | VIII | Зорка Х.Трајкова | хемија | / | | | |
| Марија Јованова | VIII | Зорка Х.Трајкова | хемија | / | | | |
| Трајче Коцев | IX | Зорка Х.Трајкова | хемија | II | I | II | |
| Ива Ѓоргиева | IX | Зорка Х.Трајкова | хемија | III | II | | |
| Бојан Спасов | IX | Зорка Х.Трајкова | хемија | Пофалница | | | |
| Мила Спасова | IX | Зорка Х.Трајкова | хемија | Пофалница | | | |
| Андреа Камчева | IX | Зорка Х.Трајкова | хемија | Пофалница | | | |
| Ѓорге Газепов | IX | Зорка Х.Трајкова | хемија | / | | | |
| Елена Камчева | IX | Зорка Х.Трајкова | хемија | / | | | |
| Сара Сандева | IX | Зорка Х.Трајкова | хемија | / | | | |
| Ѓорги Миовски | IV | Билјана Соколова | математика | II | II | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ивона Ефтимова | VII | Сања Тодорова | математика | I | III | Учество | |
| Мила Стојанова | VII | Сања Тодорова | математика | III | Учество | | |
| Ана Дамјанска | VII | Сања Тодорова | математика | III | Учество | | |
| Златка Манева | VII | Сања Тодорова | математика | III | Учество | | |
| Стефанија Миовска | VII | Сања Тодорова | математика | Пофалница | III | Пофалница | |
| Мелани Тимова | VII | Сања Тодорова | математика | Пофалница | Учество | | |
| Марија Трајанов | VI | Татјана Ѓозева | географија | I | I | Учество | |
| Мима Јованова | VI | Татјана Ѓозева | географија | II | I | Учество | |
| Михаела Коцева | VI | Татјана Ѓозева | географија | Учество | | | |
| Лилјана Стефанова | VIII | Татјана Ѓозева | географија | I | III | III | |
| Невена Митевска | VIII | Татјана Ѓозева | географија | I | III | Учество | |
| Викторија Станкова | VIII | Татјана Ѓозева | географија | II | I | Учество | |
| Ивона Ефтимова | VII | Румена Ѓоргиева | географија | I | Учество | | |
| Ања Лазаров | VII | Румена Ѓоргиева | географија | I | I | III | |
| Јована Зафирова | VII | Румена Ѓоргиева | географија | II | Учество | | |
| Трајче Коцев | IX | Румена Ѓоргиева | географија | I | Учество | | |

## УНАПРЕДУВАЊЕ НА МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ/ИНТЕРКУЛТУРАЛИЗМОТ И МЕЃУЕТНИЧКАТА ИНТЕГРАЦИЈА

Во нашето училиште се изведуваа интерни активности за унапредување на интеркултурализмот, препознавање на сличностите, прифаќање на различностите и надминување на стереотипите и предрасудите. Сето тоа успешно го реализираат наставниците во одделенска и од предметна настава, во рамки на редовната настава и воннаставните активности.

Тим одговорен за спроведување на активностите:

1. Мевљуда Асанова – наставник по одд. настава-координатор
2. Татјана Митева - психолог
3. Јулија Свирков – наставник по англиски јазик

## ПРОЕКТИ ШТО СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО УЧИЛИШТЕТО

Нашето училиште од мај 2023 година е дел од проектот „Инклузизија на деца со посебни образовни потреби“ поддржан од Детската фондација Песталоци. Во рамките на овој проект училиштето две години по ред доби грантови од 123 000,00 денари. Сретствата беа искористени за набавка на дидактички и друг материјал потребен за работа со деца со посебни образовни потреби. Исто така беа доделени и стипендии на деца со ПОП и деца со надмината возраст. Беа организирани обуки за наставниот кадар со цел унапредување на инклузијата. Вклученоста во овој проект ќе продилжи и наредната учебна година.
Проект „Играј и расти“. Наставничката Ана И. Тамаќарова беше дел од овој проект кој има за цел развивање на развоен умствен склоп кај учениците преку дигитална гејмификација, а спроведува Македонскиот центар за граѓанско образование (МЦГО) со поддршка на Детската фондација Песталоци.
Исто така дел од нашите наставници се во фаза на одобрување на проект од Еразмус.

## ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

- **Постигнување на учениците**

Преглед на општиот успех на учениците на **македонски наставен јазик** за крајот на учебната 2025/26година

| Одделение | Вкупно Ученици | | 1 Одлични | | 2 Мн. добри | | 3 Добри | | 4 Доволни | | Вкупно ученици кои ја минуваат годината во јуни | | 1 Со 1 сл. | | 2 Со 2 сл. | | 3 3 и повеќе 1 | | 4 | | Средна оценка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | се | ж | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | Неоцен | оцен | |
| **I -вкупно** | **58** | 28 | | | | | | | | | **58** | 100.00% | | | | | | | **0** | **58** | |
| Ж | | | | | | | | | | | 28 | 100.00% | | | | | | | 0 | 28 | |
| **II- вкупно** | **59** | 30 | | | | | | | | | **59** | 100.00% | | | | | | | **0** | **59** | |
| Ж | | | | | | | | | | | 30 | 100.00% | | | | | | | 0 | 30 | |
| **III-вкуп.** | **45** | 18 | | | | | | | | | **45** | 100.00% | | | | | | | **0** | **45** | |
| Ж | | | | | | | | | | | 18 | 100.00% | | | | | | | 0 | 18 | |
| **IV-вкуп.** | **63** | 31 | **55** | 87.30% | **8** | 12.70% | **0** | 0.00% | 0 | 0.00% | **63** | 100.00% | | | | | | | **0** | **63** | **4.8** |
| Ж | | | 28 | 90.32% | 3 | 9.68% | 0 | 0.00% | 0 | 0.00% | 31 | 100.00% | | | | | | | 0 | 31 | |
| **V-вкуп.** | **61** | 28 | **49** | 80.33% | **8** | 13.11% | **3** | 4.92% | **1** | 1.64% | **61** | 100.00% | | | | | | | **0** | **61** | **4.6** |
| Ж | | | 27 | 96.43% | 1 | 3.57% | 1 | 3.57% | 0 | 0.00% | 29 | 103.57% | | | | | | | 0 | 28 | |
| **I-V-вкуп.** | **286** | 135 | **104** | 36.36% | **16** | 5.59% | **3** | 1.05% | **1** | 0.35% | **286** | 100.00% | | | | | | | **0** | **286** | **4.7** |
| Ж | | | 55 | 40.74% | 4 | 2.96% | 1 | 0.74% | 0 | 0.00% | 136 | 100.74% | | | | | | | 0 | 135 | |
| | **65** | 30 | **38** | 58.46% | **8** | 12.31% | **10** | 15.38% | **8** | 12.31% | **64** | 98.46% | | | | | | | **1** | **63** | **4.2** |
| Ж | | | 22 | 73.33% | 4 | 13.33% | 2 | 6.67% | 2 | 6.67% | 30 | 100.00% | | | | | | | 0 | 30 | |
| **VII** | **83** | 46 | **48** | 57.83% | **15** | 18.07% | **20** | 24.10% | **0** | 0.00% | **83** | 100.00% | | | | | | | **0** | **83** | **4.2** |
| Ж | | | 32 | 69.57% | 5 | 10.87% | 9 | 19.57% | 0 | 0.00% | 46 | 100.00% | | | | | | | 0 | 46 | |
| **VIII** | **74** | 39 | **40** | 54.05% | **16** | 40.00% | **8** | 10.81% | **9** | 12.16% | **73** | 98.65% | 1 | 1.35% | | | | | **0** | **74** | **4.2** |
| Ж | | | 26 | 66.67% | 6 | 15.38% | 5 | 12.82% | 2 | 5.13% | 39 | 100.00% | | | | | | | 0 | 39 | |
| **IX** | **48** | 22 | **30** | 62.50% | **10** | 20.83% | **6** | 12.50% | **1** | 2.08% | **47** | 97.92% | | | | | | | **1** | **47** | **4.8** |
| Ж | | | 18 | 81.82% | 2 | 9.09% | 1 | 4.55% | 0 | 0.00% | 21 | 95.45% | | | | | | | 0 | 22 | |
| **VI-IX** | **270** | 137 | **156** | 57.78% | **49** | 18.15% | **44** | 16.30% | **18** | 6.67% | **267** | 98.89% | | | | | | | **2** | **267** | **4.35** |
| Ж | | | 98 | 71.53% | 17 | 12.41% | 17 | 12.41% | 4 | 2.92% | 136 | 99.27% | | | | | | | 0 | 137 | |
| **I-IX** | **556** | 272 | **260** | 46.76% | **65** | 11.69% | **47** | 8.45% | **19** | 3.42% | **553** | 99.46% | | | | | | | **2** | **553** | 4.4667 |
| Ж | | | 153 | 56.25% | 21 | 7.72% | 18 | 6.62% | 4 | 1.47% | 272 | 100.00% | | | | | | | 0 | 272 | |

Преглед на општиот успех на учениците на **турски наставен јазик** за крајот на учебната 2025/26 година

| Одделение | Вкупно | | 1 | | 2 | | 3 | | 4 | | Вкупно ученици ко минуваат годината јуни | | 1 | | 2 | | 3 | | 4 | | Средна оценка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ученици | | Одлични | | Мн. добри | | Добри | | Доволни | | | | Со 1 сл. | | Со 2 сл. | | 3 и повеќе 1 | | | | |
| | се | ж | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | Неоцен | оцен | |
| I -вкупно | 61 | 35 | | | | | | | | | 59 | 96.72% | | | | | | | 2 | 59 | |
| Ж | | | | | | | | | | | 35 | 100.00% | | | | | | | 0 | 34 | |
| II- вкупно | 82 | 38 | | | | | | | | | 80 | 97.56% | | | | | | | 2 | 80 | |
| Ж | | | | | | | | | | | 37 | 97.37% | | | | | | | 1 | 37 | |
| III-вкуп. | 72 | 41 | | | | | | | | | 71 | 98.61% | | | | | | | 1 | 71 | |
| Ж | | | | | | | | | | | 39 | 95.12% | | | | | | | 0 | 41 | |
| IV | 74 | 20 | 19 | 25.68% | 26 | 35.14% | 21 | 28.38% | 6 | 8.11% | 72 | 97.30% | | | | | | | 2 | 72 | 3.81 |
| Ж | | | 6 | 30.00% | 7 | 35.00% | 5 | 25.00% | 1 | 5.00% | 19 | 95.00% | | | | | | | 2 | 18 | |
| V-вкуп. | 67 | 36 | 28 | 41.79% | 23 | 34.33% | 14 | 20.90% | 0 | 0.00% | 65 | 97.01% | | | | | | | 2 | 65 | 3.4 |
| Ж | | | 16 | 44.44% | 12 | 33.33% | 7 | 19.44% | 0 | 0.00% | 35 | 97.22% | | | | | | | 1 | 35 | |
| I-V-вкуп. | 356 | 170 | 47 | 13.20% | 49 | 28.82% | 35 | 9.83% | 6 | 1.69% | 347 | 97.47% | | | | | | | 9 | 347 | 3.605 |
| Ж | | | 22 | 12.94% | 19 | 11.18% | 12 | 7.06% | 1 | 0.59% | 165 | 97.06% | | | | | | | 4 | 165 | |
| VI | 55 | 23 | 7 | 12.73% | 9 | 16.36% | 17 | 30.91% | 5 | 9.09% | 38 | 69.09% | | | | | 9 | 69.09% | 8 | 47 | 3.08 |
| Ж | | | 5 | 21.74% | 6 | 26.09% | 5 | 21.74% | 0 | 0.00% | 16 | 69.57% | | | | | 4 | 17.39% | 3 | 20 | |
| VII | 59 | 23 | 6 | 10.17% | 7 | 11.86% | 28 | 47.46% | 14 | 23.73% | 55 | 93.22% | | | | | 3 | 5.08% | 1 | 58 | 2.6 |
| Ж | | | 4 | 17.39% | 4 | 17.39% | 11 | 47.83% | 2 | 8.70% | 21 | 91.30% | | | | | | | 1 | 22 | |
| VIII | 62 | 31 | 8 | 12.90% | 8 | 12.90% | 31 | 50.00% | 11 | 17.74% | 60 | 96.77% | 2 | 3.23% | | | 2 | | 2 | 60 | 2.9 |
| Ж | | | 5 | 16.13% | 6 | 19.35% | 16 | 51.61% | 2 | 6.45% | 29 | 93.55% | 1 | | | | 0 | | 1 | 30 | |
| IX | 54 | 31 | 5 | 9.26% | 12 | 22.22% | 27 | 50.00% | 8 | 14.81% | 52 | 96.30% | | | | | | | 2 | 52 | 3.6 |
| Ж | | | 2 | 6.45% | 9 | 29.03% | 14 | 45.16% | 4 | 12.90% | 29 | 93.55% | | | | | | | 2 | 29 | |
| VI-IX | 230 | 108 | 26 | 11.30% | 36 | 15.65% | 103 | 44.78% | 38 | 16.52% | 205 | 89.13% | 2 | 0.87% | | | 14 | 6.09% | 13 | 217 | 3.045 |
| Ж | | | 16 | 14.81% | 25 | 23.15% | 46 | 42.59% | 8 | 7.41% | 95 | 87.96% | 1 | 0.43% | | | 4 | 3.70% | 7 | 101 | |
| I-IX | 586 | 278 | 73 | 12.46% | 85 | 14.51% | 138 | 23.55% | 44 | 19.13% | 552 | 94.20% | 2 | 0.34% | | | 14 | 2.39% | 22 | 564 | 3.2317 |
| Ж | | | 38 | 13.67% | 44 | 15.83% | 58 | 20.86% | 9 | 3.24% | 260 | 93.53% | 1 | 0.36% | | | 4 | 1.44% | 11 | 266 | |

- **Професионална ориентација на учениците**

Активностите за професионална ориентација на учениците ги реализираше тимот за професионална ориентација во состав: Татјана Митева-психолог, одделенски раководители во IX одделение. Во рамките на планираната програма за професионална ориентација на учениците беа реализирани следниве активности:

- Работилница за личен раст и развој- „Да си направам муабет со себе си“;
- Пополнивање на скала за самопроценка на интересите и способностите – тест RIASEC;
- Анализа на резултатите;
- Информирање на учениците каде можат да добијат повеќе информации за условите за запишување во конкретни средни училишта;
- Организирање на посети од страна на стручни училишта
- Посета на Отворен ден на гимназијата во Радовиш;
- Делење пропаганден материјал во форма на брошури.
- Индивидуални разговори со ученици кои имаат потреба од помош во донесување на одлука за упис во средно училиште.

- **Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација**

Училиштето има изготвено и применува политика која ја промовира добросостојбата на учениците, има изготвено интерен акт за пријавување и заштита на ученик – жртва на било која форма на насилство. По неговата изработка секој одделенски раководител имаше за задача да го презентира пред своите ученици, се' со цел да бидат добро запознаени со начинот и постапката за пријавување на насилство. Секој облик на насилно однесување пројавено во училиштето се сфаќа сериозно и се преземаат адекватни чекори за справување со истото. Сите вработени во училиштето се запознаени со законските норми, Кодекси на однесување и правилници за работа. Во рамките на одделенските часови и согласно програмите секој наставник и стручните соработници реализираа активности на оваа тема. Покрај превенцијата училиштето посветува внимание и на интервенцијата, така што доследно се применува правилникот за изрекување на педагошки мерки, правилникот од МОН, оствaруваме соработка со други релевантни институции, како што е Центарот за социјална работа, МВР, Здравен дом Радовиш итн.

## ОЦЕНУВАЊЕ

Оценувањето како една од најважните компоненти на наставниот процес кој се користи за следење и подобрување на поучувањето и учењето на учениците се изведува континуирано според стандардите за оценување дадени од БРО и МОН. Согласно концепцијата за деветгодишно образование учениците се оценуваа

описно и бројчано. Во прviот период, постигањето на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се запишува со описни оценки. Во вториот период, постигањето на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се запишуваат со описни и бројчани оценки. Учениците од вториот образовен период, на крајот на прво тримесечје и второ тримесечје добиваат известување за успехот со описни оценки, а на крајот на прво полугодие и крајот на учебната година добива свидетелство со бројчани оценки. Во третиот период, постигањето на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се запишуваат со бројчани оценки. Општиот успех на ученикот се утврдува врз основа на годишните оценки од сите предмети според наставниот план на крајот на годината, а за учениците упатени на поправен испит по завршувањето на поправните испити.

- **Самоевалуација на училиштето**

Последната самоевалуација се спроведе во учебната 2024/25 година. За нејзино спроведување комисијата обезбеди активно учество на целиот образовен кадар во процесот, со што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја, односно :

**Подрачје 1 Планирање, настава и учење.**

Членови на тимот: Зорка Х. Трајкова-одговорна, Билјана Соколова, Виолета Бехлимова, Јилмаз Шерифов, Светлана Василева, Верица С. Исаиловска, Хулија Али, Блаже Ангелов.

**Подрачје 2 Постигнување на учениците.**

Членови на тимот: Татјана Митева-одговорна, Јулија Ефтимова, Татјана Ѓозева, Фиген Салиова, Ана И. Тамаќарова, Билјана Наунов, Севгин Абдиев, Сања Тодорова

**Подрачје 3 Училишна клима и односи во училиштето**

Членови на тимот: Марија И. Газепова-одговорна, Сенка Б. Ѓозева, Лина Тодоров, Тони Ангелов, Елена Божинова, Билјана Иванова, Герасим Митев, Дарко Милентијевиќ.

**Подрачје 4 Управување и раководење**

Членови на тимот: Јулија Свирков-одговорна, Соња Митева, Александар Чаракчиев, Мевљуда Асанова, Светлана Чапова.

## БЕЗБЕДНОСТ ВО УЧИЛИШТЕТО

Училиштето во соработка со МВР се грижи за безбедноста на учениците. Се одржа предавање за опасностите од користењето на пиротехнички средства. Постои изготвен план за движење при евакуација, исто така и МАПА која е закачена во холот на училиштето и според која учениците и вработените можат да се движат при евакуација при пожар. Училиштето има инсталирано видео надзор.
Во однос на безбедноста, во училиштето има изготвено:

• Правилник за заштита од пожари, поплави и слични закани и ризици како една од мерките за заштита од елементарни незгоди, во кој се пропишани мерки за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор.

• План за заштита и спасување, во кој се пропишани правилата за постапување во случај на елементарни незгоди.

• План за добросостојбата на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување на дискриминација

• Куќен ред, со одредби во него: за учениците, наставниците, стручните соработници, администартивниот и раководниот кадар, помошните работници

• Изготвен Кодекс на однесување за наставниците и стручните соработници, за учениците и родителите

• Истакнат рапоредот на дежурства на наставниците на видно место. Со обезбедување на дежурство од страна на наставниците за време на големиот одмор и одморите меѓу часовите, се води грижа за безбедноста на учениците.

## ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО

***Реализираќи ја програмата на училиштето за здравјето на учениците, за здравствената заштита и здравственото воспитување се допринесе во изградувањето на психички, физички и социјално здрави личности, способни да се грижат за своето здравје и здравјето на своето семејство и поблиска околина.***

- **Хигиената во училиштето**

Во текот на учебната година посебно внимание се обрна на одржувањето на хигиената во училиштето. Редовно беа чистени училишните простории и училишниот двор, а се организираа и акции во кои беа вклучени и учениците со цел на подигнување на свеста кај учениците за грижа за себе и околината. Одржувањето на хигиената во училишната зграда и училишниот двор ја вршаат хигиеничари кои користат средства што се еколошки безбедни и кои нема да ја загадуваат околината. Со особена посветеност и внимание уште на првиот училишен ден во текот на часовите се изврши едукација за значењето на хигиената, особено на колективната хигиена, како основна мерка за спречување ширењето на заразни болести, како што се жолтицата и сипаницата, од страна на наставниот кадар во училиштето.

- **Систематски прегледи**

Сите ученици од прво, трето, петто, седмо и деветто одделение беа опфатени со систематски прегледи во одредени термини , со договор и соработка со лекар од

Школска медицина од Здравен Дом - Радовиш. Учениците до Здравниот Дом се придружувани од раководителот на паралелката или лице од стручната служба.

- **Вакцинирање**

Со календарот за имунизација и вакцинација се реализираше вакцинација на сите ученици кои беа опфатени во оваа рамка и кои добија покана. Вакцинацијата се спроведуваше во Здравен Дом - Радовиш, а учениците беа придружувани од родителите или раководителот на паралелката.

- **Едукација за зрава исхрана**

Во рамките на класните часови и при реализација на наставни содржини учениците беа запознаени со начините за здрава исхрана. Исто така и активно учествуваа во активности со цел подигање на свеста и одговорноста за сопственото здравје воедно одбележувајќи го меѓународниот ден на храната на 16-ти Октомври.

## УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

- **Дисциплина**

Дисциплината во училиштето го опфаќа меѓусебниот однос на сите субјекти во воспитно - образовниот процес ( ученици, наставници, персонал ), како и односот на секој од нив поединечно кон материјалните добра и училишниот имот. Таа е пропишана и се реализира според повеќе правни акти како: правила за однесување на учениците, куќниот ред на училиштето, интерни правила за педагошки мерки, распоред на дежурства на наставниот кадар. Во нив детално се разработени правилата на однесување на секој од гореспоменатите субјекти, како и санкциите во случај на прекршување на утврдените правила. Наставниците во учебната 2025/2026 година беа одговорни и за одржувањето на редот и дисциплината во ходниците за време на одморите. За таа цел беше направен распоред на дежурни наставници и истите оддржуваа дежурства според следниов распоред:

**Распоред на дежурство за наставниците во учебната 2025/2026година**

| ПОНЕДЕЛНИК | ПОНЕДЕЛНИК |
|---|---|
| **1. Сања Тодорова – одговорен наставник** | **1. Невенка Маринковска – одговорен наставник** |
| 2. Лина Тодоров | 2. Елена Божинова |
| 3. Ана Иванова Тамаќарова | 3. Светлана Василева |
| 4. Руменка Ѓоргиева | 4. Светлана Чапова |
| 5. Фиген Караелмазова Салиова | 5. Јулија Свирков |
| 6. Пинар Амушева | 6. Билјана Иванова |
| **ВТОРНИК** | **ВТОРНИК** |
| **1. Маријана Илкова – одговорен наставник** | **1. Силвана Андонова – одговорен наставник** |

| | |
|---|---|
| 2. Ванчо Ѓоргиев | 2. Татјана Ѓозева |
| 3. Фенчо Петровски | 3. Виолета Бехлимова |
| 4. Верица С. Исаиловска | 4. Сенка Б. Ѓозева |
| 5. Билјана Ѓоргиева | 5. Јулија Ефтимова |
| 6. Севгин Абдиев | 6. Герасим Митев |
| **СРЕДА** | **СРЕДА** |
| **1. Билјана Наунов – одговорен наставник** | **1. Сенем Еминова – одговорен наставник** |
| 2. Зорка Христова Трајкова | 2. Кемалетин Дестанов |
| 3. Февзи Салиов | 3. Валентина Лазарева |
| 4. Јилмаз Шерифов | 4. Малинка Петровска |
| 5. Лујза Спасова | 5. Живка Ицова |
| 6. Дејан Бибовски | 6. Блаже Ангелов |
| **ЧЕТВРТОК** | **ЧЕТВРТОК** |
| **1. Билјана Соколова – одговорен наставник** | **1. Павле Петров – одговорен наставник** |
| 2. Шабан Дервишев | 2.Тања Коцева |
| 3. Анита Ципушева | 3. Билјана Спасова |
| 4. Марика Димитријева | 4. Александар Ицов |
| 5. Агим Арифов | 5. Томе Постолов |
| 6. Нежлах Ахмет | 6. Зорка Ангелова |
| **Петок** | **Петок** |
| **1. Магдалена Коцева – одговорен наставник** | **1. наставник** |
| 2. Митко Ристов | 2. Димче Здравев |
| 3. Сердар Арифов | 3. Емел Мемишева |
| 4. Хулија Али | 4. Олгица Стојанова |
| 5. Марија Газепова | 5. Ремзи Абдурманов |
| 6. Соња Митева | |

**Должности на дежурните наставници**

- ✓ Воспитно-образовниот кадар доаѓа 10 минути пред почетокот на часот,а дежурните 20 минути пред почетокот на наставата;
- ✓ Дежурните наставници се должни да обезбедат влезната врата да биде навремено отворена и затворена за непречено одвивање на наставата;
- ✓ Дежурните наставници во зависност од временските услови и должината на одморот определуваат дали учениците ќе се задржат во училишниот двор или училницата-кабинетот. Дежурните наставници го контролираат дежурството на учениците на влезната врата и се грижат за успешноста;
- ✓ Секое одсуство на дежурниот наставник мора да биде најавено заради обезбедување на замена.

- **Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето**

Сите вработени и ученици во училиштето се задолжени да придонесат за естетското и функционално уредување на училиштето со свои изработки, проекти и презентации. Изгледот на училиштето е важен сегмент во прилагодувањето на учениците и нивно максимално ангажирање во воспитно- образовниот процес. Со учество на учениците и наставниците во уредувањето на училиштето, а во некои активности и со учество на родителите се води и континуирана грижа за изгледот и хортикултурно уредување на училишниот двор, одржување на зеленилото, цвеќињата, поставените клупи и кантите за отпадоци.

Во прилог на тоа во училиштето беа преземаа следните активности:

- Одржување на училиштето преку уредување на училниците и кабинетите, ходниците, училишната зграда и училишниот двор.
- Во нашето училиште се спроведуваат еколошки акции, чија главна цел е преземање активности за зачувување на животната и работната средина и нејзино естетско и функционално облагородување, па во училиштето функционира и Еколошка секција . Членовите на оваа секција се ученици кои имаат изразени афинитети кон оваа област и тематика и со помош на наставниците по хемија и биологија спроведуваат соодветни активности.

Исто така во училиштето функционираат и слободните ученички активности со кои се создаваат претпоставки за задоволување и негување на индивидуалните интереси и способности на учениците, а во интерес на уредувањето и одржувањето на просторот и опкружувањето на училиштето. Такви се ликовната секција и секцијата на млади биолози.

- **Етички кодекси**

Училиштето има изработено кодекси на однесување за сите структури во училиштето (кодекс за ученици, за наставници, за родители и кодекс за однесување на техничкиот персонал), со цел сите учесници во училишниот живот имаат јасен став за тоа кое однесување е пожелно и не води до успех и просперитет. Куќниот ред е поставен на видно место во училиштето, а исто така на почетокот на учебната година се прави презентација на Кодексот на однесување за учениците.

- **Односи меѓу сите структури во училиштето**

Во училиштето постои традиција на негување на позитивната атмосфера за работа и училишна клима, што се огледува во надворешните и интерни процени на училиштето, како во самоевалуацијата. Соработка постои помеѓу сите училишни структури, комисии, активи и тела. Соработката на индивидуално ниво помеѓу сите вработени, како и со учениците и родителите се темели на принципите на транспарентност, взаемно почитување и тимска работа. Се почитуваат и применуваат принципите на групно информирање на родителите преку редовни и вонредни родителски средби, родителите се вклучуваат во работата на училиштето

преку работата на Советот на родители и иницијативи на ниво на паралелки; учениците се вклучуваат преку работата на Ученичкиот парламент, преку поднесени иницијативи и преку акции организирани со Ученикот правобранител и наставниот и стручен кадар. За подобрување на комуникацијата и активното учество на сите вклучени страни, се организираат дебати, работилници и состаноци.

## ПРОФЕСИОНАЛЕН И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВНИОТ КАДАР

- **Детектирање на потреби и приоритети**

Согледувајќи ја националната програма за развој на образованието, последната направена самоевалвација и насоките на МОН и основачот неминовно ги наметнуваат потребите самите наставници да се свртат еден кон друг, како непосредна помош за сопствен и колегијален развој. Секој наставник преку сопствениот актив непосредно ги изнесува личните потреби за професионален развој кои потоа по хоризонтала и вертикала се проследуваат.

- **Личен професионален развој**

Личниот професионален развој на наставниците се следи преку професионалното досие и годишните извештаи за реализација на Личниот план за професионален развој на наставникот и се развива преку следење на обуки, семинари, предавања организирани од МОН и БРО, како и интерни обуки и дисеминации организирани од училиштето. Секој наставник е задолжен а да изработи и води сопствено професионално досие, а за контрола на процесот се задолжени директорот, стручните соработници, тимот за професионален развој, како и надлежните инспекторати (ДПИ, општински просветен инспектор). Кај наставниците се поттикнува мотивација за посетување на семинари, обуки, конференции и стручни средби за стекнување на нови искуства, знаења и сертификати. Секој наставник на почетокот на учебната година треба да има изготвено сопствен план за професионален развој, и истиот да го реализира преку обуки, семинари, вебинари, меѓусебни стручни посети, отворени часови, консултации, интерни обуки или работилници. На тој начин се одвива континуирано учење и надоградување на компетенциите на наставниците.

- **Хоризонтално учење**

Стекнатите знаења, искуствата стручното усовршување на наставниците се споделуваат со другите наставници преку различните облици на хоризонтално учење. Во училиштето постои пракса на изведување на отворени часови, креирање на заеднички активности и работилници како и интерни обуки и дисеминација на стекнатите знаења од посетени обуки.

- **Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар**

Професионалниот развој и едукација на наставниците води кои кариерно напредување на кадарот. Кариерниот развој на наставниците и стручните соработници се одвива низ три фази: приправнички период, период кога наставникот/стручниот соработник работи самостојно и период во кој се напредува во звање наставник (т.е стручен соработник) - ментор и наставник или стручен соработник – советник. Кариерниот развој на наставиците/стручните соработници се следи преку принципите поставени во Основните професионални компетенции за наставници/стручни соработници, Професионалните стандарди за наставник-ментор и Професионални стандарди за наставник-советник. Во училиштето на Јавниот повик на МОН за избор на наставник-советник беше избрана Зорка Христова Трајкова- предметен наставник по хемија.

## СОРАБОТКА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ СО РОДИТЕЛИТЕ/СТРАТЕЛИТЕ

- **Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето**

Семејствата и родителите на нашите ученици во учебната 2025/2026 година беа редовно и навремено информирани и вклучени во сите активности кои ги планираше и реализираше училиштето. Родителите редовно се информираа за работењето на училиштето преку индивидуалните и групни родителски средби како и на седниците на Советот на родители. Со цел подобрување на успехот, дисциплината, поведението и изостаноците на учениците, училиштето ги вклучуваше родителите за надминување на пројавените проблеми. Преку соработката на одделенскиот наставник родителите навремено беа информирани за индивидуалниот напредок на нивното дете, социјализација, адаптација и детектираните проблеми на ученикот.
Родителите и семејството имаа увид во начинот и условите за работа во училиштето, реализација на наставата, напредокот на учениците и проектите кои се реализираат во училиштето.

- **Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и вонnаставните активности**

Во текот на учебната 2025/2026одина, родителите електронски преку е – дневник, мејл адресите и вибер групите кои ги формираа заедно со одделенските и предметни наставници се известуваа за успехот, дисциплината, поведението и изостаноците на учениците. Училиштето оваа учебна година покрај редовните родителски средби два пати организираше и „Отворен ден“ каде родителите имаа можност да се информираат за индивидуалните напредувања на учениците по одделни предмети. Во соработка со нив, се работеше на помош на ученикот за надминување на пројавени проблеми или предизвици. Во соработка со одделенските и предметните наставници, родителите навремено се информираа за индивидуалниот напредок на нивното дете, социјализацијата, адаптацијата и детектираните проблеми на учениците.

- **Едукација на родителите**

Советувањето на родители го реализира психологот во училиштето, согласно Законот за основно образование.
Целта на советувањето на родителите е нивно едуцирање за начините на кои може да се подобрат вештините на воспитување на децата и да се унапредат односите во семејството за да можат нивните деца поуспешно да се справуваат со разни видови училиштни тешкотии и животни предизвици. Секојдневното искуство покажа дека вклученоста на родителите во училишниот живот има позитивно влијание во подобрување на редовноста, успехот на нивните деца, како и врз нивниот развој и севкупно однесување. Во текот на оваа учебна година психологот реализира 2 групни советувања, по едно во секое полугодие. Во првото полугодите беа повикани 22 родители, а во второто полугодие 52 родители чии деца имаат намален успех во учењето, се нередовни или пројавуваат некаков вид на несоодветно однесување. Согласно повиканите родители исто така беше направено советување и со учениците. Покрај групните советувања континурано во текот на целата година се врши и индивидуално советување согласно потребите на учениците и родителите. Како заклучок од спроведените советувања е дека родителите имаат слаба контрола врз однесувањето на нивните деца, особено учениците кои доаѓаат од подрачните училишта и имаат организиран превоз. Мора да напоменеме дека поголемиот број на ученици и родители кои се повикуваат на советување припаѓаат на маргинализирана група во општеството и се уште може да кажеме дека немаат развиено свест за значајноста на образованието, како и родителска одговорност за исполнување на законските обврски кон образванието на нивните деца..

## КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И ПРОМОЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Училиштето како воспитно-образовна институција е во постојана комуникација со локалната заедница, остварува перманентна и континуирана соработка, вклучувајќи го локалното население и родителите во реализација на училиштните проекти, еколошки акции, унапредување на наставата и промоција на работењето на училиштето. Промоцијата на училиштето на ниво на локална заедница се одвиваше преку активно и организирано учество на учениците на манифестации и настани организирани од локалната самоуправа и различни културно-образовни институции, еколошки и хуманитарни акции, конкурси, натпревари и слично. Соработката со други образовни институции се одвива на сите нивоа: со основните и средните училишта во заедничка организација и соработка при организирање на натпревари, гостувања на литературни читања, конкурси, патронати, активности за меѓуетничка интеграција на учениците, при уписот на ученици и слично. Училиштето соработува со Бирото за развој на образованието, Државниот и општинскиот просветен инспекторат, Државниот испитен центар, и други институции во планирањето и реализацијата на наставата, организирање и посета на обуки, спроведување на истражувања и новитети во наставата, достава на податоци и слично. Училиштето има постојана соработка и со другите институции како Меѓуопштински центар за социјална работа, Совет на Општина Радовиш, градинките, спортските клубови и слично.

Презентацијата на сите училишни активности, како и промоцијата на училиштето се вршеше преку ФБ страната на училиштето, web страната на училиштето, регионалната телевизија Кобра, а исто така и преку:

- Пишани материјали наменети за родителите на почетокот на учебната година;
- Пишани материјали за родителите во кои се презентирани целите и задачите на наставните предмети;
- Издавање на Брошура за родителите на почетокот од учебната година;
- Полугодишни извештаи за работата на училиштето наменети за потребите на Советот на родители, Училишниот одбор и Локалната самоуправа;
- Упатства за родителите и учениците при изведувањето на наставните екскурзии.

**ПРИЛОЗИ**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**

# За работата на директорот на ООУ„Крсте П. Мисирков“ – Радовиш

## за учебната 2025/2026 година

Директор:
Орце Трајанов

2026година

**Програма за педагошко- инструктивната работа на директорот за учебната 2025/2026год. при ООУ „Крсте Петков Мисирков“ - Радовиш**

Основното училиште, како дел од задолжителното основно образование во Република Северна Македонија, бара современ менаџер кој успешно ќе го раководи училиштето и ќе обезбеди квалитетна реализација и имплементација на воспитно-образовниот процес.

Од директорот, како менаџер на училиштето, се очекува постојано да ги следи современите образовни текови, како на национално, така и на меѓународно ниво, со цел нивна успешна примена во секојдневната работа на училиштето.

Директорот е носител на организацијата и координацијата на целокупниот воспитно-образовен процес. Тој го следи одвивањето на наставата, обезбедува услови за непречена реализација на наставниот процес и ја организира работата на училиштето на сите нивоа.

Успешното организирање и раководење со училиштето не е можно без континуирана соработка со сите релевантни институции кои се вклучени во воспитно-образовниот процес. Пред сѐ, тоа се Локалната самоуправа на Општина Радовиш, Бирото за развој на образованието, Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, како и сите други институции и организации со кои училиштето директно или индиректно соработува и разменува искуства.

Следејќи ги одредбите од Законот за основното образование, во својата работа директорот се раководи од Годишната програма за работа на училиштето, програмите за работа на стручните органи и тела, одлуките на Училишниот одбор, мислењата и предлозите на Советот на родители, како и упатствата и насоките добиени од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието.

Работата на директорот се реализира преку четири основни подрачја на делување:

- Административно-организаторско работење;
- Педагошко-инструктивно работење;
- Инфраструктурно поле на делување;
- Активно работење со медиумите.

## 1. Административно-организаторско работење

Во рамките на ова подрачје ја иницирав, организирав и координирав целокупната работа на училиштето, согласно законските прописи, одлуките и насоките на органите на управување, врз основа на кои се организира и реализира воспитно-образовниот процес. Посебен акцент беше ставен на координацијата на работата на сите вработени и на обезбедување услови за ефикасно функционирање на училиштето.

Во текот на учебната година беше извршена соодветна распределба на работните задачи и обврски меѓу носителите на поединечните активности, при што беа воспоставени механизми за континуирано следење, координација и навремена реализација на поставените задачи.

## 2. Педагошко-инструктивно работење

Педагошко-инструктивната работа беше насочена кон стручно следење, координирање и унапредување на наставниот процес, преку континуирана соработка со наставниците, одделенските и предметните наставници, одделенските раководители, стручната служба и сите носители на програмските активности во училиштето.

При реализацијата на ова подрачје, сите активности се спроведуваа во согласност со Законот за основното образование, наставните програми, годишната програма за работа на училиштето, како и поставените цели и задачи на воспитно-образовната дејност.

Во текот на учебната година континуирано ја следев реализацијата на наставата, работата на наставниот кадар, административното работење, грижата за здравјето и безбедноста на учениците, како и одржувањето на хигиената и здравата училишна средина, со цел обезбедување квалитетни услови за непречено одвивање на воспитно-образовниот процес.

## 3. Инфраструктурно поле на делување

Во рамките на инфраструктурното унапредување на училиштето беа реализирани следните активности:

- Целосна реконструкција, адаптација и опремување на просториите за продолжен престој на учениците.
- Обелување на дел од училниците во централното училиште, како и обелување на подрачното училиште во с. Коџалија во текот на месец јули.
- Подготовка и создавање услови за уредување и опремување на нова училишна библиотека.

- Поставување нови завеси во дел од училниците.
- Набавка на 100 нови училишни клупи и шкафови за сите училници.

Инфраструктурното унапредување на училиштето претставува континуиран процес кој бара постојано планирање, инвестирање и реализација на нови активности. Потребата од подобрување на просторните и материјално-техничките услови е секојдневен предизвик, при што секогаш постои можност за нови инфраструктурни зафати со цел создавање подобри услови за работа и учење.

**4. Медиумско поле на делување**

Во текот на учебната 2025/2026 година беше реализирана континуирана промоција на сите позначајни активности на училиштето. Јавноста беше редовно информирана за уписите на учениците, реализираните проекти, освоените награди и признанија, постигнатите резултати на учениците и наставниците, како и за сите останати активности од значење за училиштето.

Промоцијата на училиштето се реализираше преку различни медиуми: телевизија, радио, официјалната веб-страница на училиштето, социјалните мрежи и печатените медиуми. На тој начин беше обезбедена транспарентност во работењето, афирмација на постигнатите резултати и навремено информирање на јавноста.

Секоја успешно реализирана активност, проект и соработка беше медиумски презентирана и архивирана како дел од документацијата на училиштето. Со ваквиот пристап се промовира квалитетот на воспитно-образовната работа, се зајакнува угледот на училиштето и се создаваат услови за привлекување нови ученици и воспоставување нови партнерства.

Планираните активности од сите подрачја на делување беа успешно реализирани во текот на целата учебна година.

Учебната година беше заокружена со традиционалниот настан, кој оваа година се одржа по третпат. На настанот, во присуство на родители, претставници на локалната самоуправа, бизнис-заедницата и други гости, беа доделени признанија и награди за најуспешните ученици и наставници, а беа прогласени и првенецот на генерацијата и спортистот на генерацијата за 2025 година.

Настанот беше медиумски проследен,со присуство и на администрацијата и градоначалникот на општината.

Работата на директорот како менаџер на училиштето претставува континуиран и одговорен процес кој бара професионалност, добра организација, посветеност, лидерски способности и јасна визија за развојот на училиштето. Преку тимска работа,

соработка со сите чинители во воспитно-образовниот процес и континуирано унапредување на условите за работа, се создаваат предуслови за успешно функционирање и понатамошен развој на училиштето.

Учебната 2025/2026 ја завршивме успешно, останува да се направат подготовките за новата учебна година, а тоа секако бара планирање, организирање и делување.

Август 2026 година
Радовиш

Директор
Орце Трајанов

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## За работата на училишниот педагог од ООУ „Крсте П. Мисирков“ – Радовиш за учебната 2025/2026 година

Годишен извештај за учебната 2025/2026

ООУ„Крсте П. Мисирков“ – Радовиш

Август, 2026 год.

Училишен педагог
Марија Долдурова

**Вовед:**

Работата на училишниот педагог претставува интегрален дел на предвидените активности од Годишната програма за работа на Училиштето во насока на унапредувањето на воспитно-образовната дејност во основното училиште. Целта на педагошката работа ќе биде да ги воочува и идентификува педагошките и дидактичко-методските прашања и проблеми со кои се соочуваат наставниците, учениците и родителите во текот на воспитно-образовната работа. Во Извештајот се опфатени сите подрачја и тоа:

| | **Реализатор** | **Време на реализација** | **Извори/ ресурси** | **Активности и ефекти** |
|---|---|---|---|---|
| **1.1. Изготвување, планирање и програмирање на ниво на Училиште**<br>**Подготовка за остварување на училишната програма**<br>**Планирање и подготовка на работата на педагогот**<br>- Учество во изработката на Годишниот план и програмата за работата на училиштето, училишниот курикулум (наставна програма), статистички податоци - Изработка на годишниот и месечниот план и програма за работењето на педагогот<br>Планирање проекти и истражување<br>- Помош во годишното и месечното планирање на работењето на наставниците<br>- Планирање Програма за грижа за здравјето | Директор, педагог психолог, надворешни соработници и училишниот тим за изработка на Годишна програма на училиштето. Наставници-членови на тимот за инклузија. | Август-септември | Годишна програма и годишен извештај за работата на училиштето за минатата учебна година;<br>Статистички извештаи од класификациски периоди;<br>Насоки од МОН;<br>Правилник за изработка на ГПР. | Анализирање на реализацијата на поранешните планови и програма за работа на Училиштето<br>Утврдување на воспитно-образовните потреби на средината во којашто работи Училиштето<br>Поголема ефикасност на планираните активности<br>Учество во осмислувањето и креирањето на краткорочниот и долгорочниот развој на Училиштето<br>Статистички податоци<br>Изработува брошури за родители и ученици<br>Планирање и програмирање на годишен план на работата на Училиштето, план на работата на педагогот<br>Соопштенија за планирани вакцинации на „Здравствен дом“ Следење на здравјето<br>Изготвување извештај |
| **Учествува во изработка на:**<br>Годишна програма за работа на Училиштето<br>Програма за работа на тимот за инклузија<br>Програма за работа на Училишната заедница<br>Програма за професионална ориентација на учениците | Педагог | Август, ноември, јануари, април, јуни | Извештаи за реализирани програми од претходната година | Креирање краткорочен и долгорочен развој на Училиштето Планирање и програмирање на годишен план на работата на Училиштето, план на работата на педагогот.<br>Доказ: Изработена Годишна програма за работата на Училиштето Подготвен акционен план за програмата за работата на педагогот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Програма за работа со ученици со ПОП<br>Изработува:<br>Годишна програма за работа на педагогот Полугодишен и Годишен извештај за работата на педагогот | | | | |
| **1.2. Учествува во:**<br>- Работата на стручните органи и тела<br>- Одделенскиот совет<br>- Наставничкиот совет<br>- Стручни активи | Педагог | Август, ноември, јануари, април, јуни | **Извештаи за реализирани програми од претходната година** | **Активности**<br>Учествува во подготовка на интерна документација за Училиштето, правилници, процедури и правила Учествува во подготовка на анализи и извештаи за успехот, редовноста и поведението на учениците во сите класификациски периоди Учествува во подготовка на извештаи |
| **1.3.** Работа во стручни тимови за самоевалуација, тимот за подготовка на извештаи за работата на Училиштето, тимот за ненасилно однесување, тимот за инклузија, МИО, ЕКО | Педагог | Август, ноември, јануари, април, јуни | Извештаи за реализирани програми од претходната година | **Активности**<br>Учествува во изработка на полугодишни и годишни извештаи за работата на Училиштето на: Училишната заедница, Инклузивниот тим. |

| **Непосредно учество во воспитно-образовниот процес** | **Реализатор** | **Време на реализација** | **Извори/ ресурси** | **Активности и ефекти** |
|---|---|---|---|---|
| **2.1 Постигања на учениците** | | | | |
| Следење на успехот | Стручни соработници, педагог, психолог | Септември-јуни | Стетистички прегледи за постигањата на учениците | **Активности:**<br>- Подготовка на формулари за следење на успехот, редовноста и поведението на учениците<br>- Доставување до одделенските и предметни наставници<br>- Подготовка на компаративна анализа за успехот, редовноста и поведението на учениците во сите класификациски периоди од учебната 2023/2024 година **Ефекти**<br>Обезбедување статистички прегледи за напредувањето на учениците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Утврдување на подготвеноста на децата за воспитнообразовна работа во прво одделение | Психолог, педагог, наставници, директор | Мај, јуни, август | Формулари, водење евиденција | **Активности:**<br>-Подготовка на материјали за запишување на учениците во прво одделение<br>-Разговор-интервју со децата и нивните родители<br>-Евиденција на разговорите и основните податоци за учениците<br>-Прибирање на потребната документација<br>-Подготовка на табеларни прегледи за запишани ученици во прво одделение<br>-Распределба по паралелки<br>-Доставување прегледи на барање на МОН и Општина Радовиш<br>**Ефекти:** Соодветно формирање одделенија и помош на наставниците при осознавање на личноста на учениците и нивна адаптација на училишната средина. |
| **Упис и работа со новодојдени ученици**<br>- Водење педагошка евиденција и документација за запишани и отпишани ученици | **Педагог, психолог, директор** | **Септември-јуни** | Свидетелства, преведници, согласности за запишување и барање на родител | **Активности:**<br>- Разговор-интервју со децата и нивните родители<br>- Водење педагошка евиденција и документација за запишани и отпишани ученици<br>**Ефекти**<br>Обезбедување примерен воспитно-образовен третман, воведување во новото училишно окружување, поддршка во надминување на воспитно-образовните потешкотии. |
| **2.3 Учење и настава** | | | | |
| Работа со ученици со посебни потреби | Психолог, педагог, специјален едукатор и рехабилитатор | Септември-јуни | Прашалници, инструменти, чек листа | **Активности:**<br>- Идентификација, следење<br>- Поддршка на наставниците<br>- Советодавна работа со наставници<br>- Соработка со инклузивниот тим за образование<br>- Советодавна работа со родители<br>- Упатување до стручни институции<br>**Ефекти:**<br>Соодветен пристап кон индивидуалните потреби на учениците |
| Работа со ученици кои заостануваат со учењето | Психолог, педагог, специјален | Септември – јуни | Евидентни листови | **Активности:**<br>- Идентификација, следење<br>- Поддршка на наставниците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | едукатор и рехабилитатор | | | - Советодавна работа со наставници<br>- Советодавна работа со родители<br>- Упатување до стручни институции |
| Учество во работата на тимот за инклузивно образование | Психолог, педагог, специјален едукатор и рехабилитатор | Септември – јуни | Програма за работа<br>Полугодишен извештај за работата на инклузивниот тим<br>Стручни материјали | **Активности**<br>Учество во подготовка на програма за работа<br>Учество во работата<br>**Ефекти:**<br>Поддршка на учениците и наставниците за работа со ученици со ПОП |
| **2.4 Поддршка на учениците** | | | | |
| Подготовка на компаративни анализи за постигањата на учениците по предмети | Психолог, педагог | Ноември, јануари, април, јуни | Извештај за првото полугодие | **Активности:**<br>Прибирање на податоци од наставниците<br>**Ефекти**<br>Изработени компаративни анализи за постигањата на учениците по предмети во соработка со одделенските раководители |
| Советодавна работа со ученици со потешкотии (ранлива група) | Психолог, директор, педагог, наставници | Септември-мај | Дискусија<br>Советодавна работа | **Активности:**<br>Учество во: Разговор со ученици, разговор со наставници, разговор со родители и препораки за подобрување<br>Водење евиденција<br>**Ефекти**<br>Создавање услови за подобрување на однесувањето и редовноста |
| Советодавна работа со одделенските раководители за подобрување на состојбите со ученици со потешкотии | Психолог, педагог | Септември-мај | Дискусија, советодавна работа | **Активности:**<br>Разговор со наставници<br>Препораки за подобрување<br>Водење на евиденција<br>**Ефекти**<br>Иновирање и подобрување на ефикасноста на воспитно-образовната работа |
| Работа со учениците со посебни потреби<br>Работа со ученици со потешкотии во учењето | Ученици, наставници, родители, | Континуирано во текот на годината | Евиденциски листи<br>Прашалници<br>Разговори и | **Активности:**<br>Идентификување на учениците со посебни потреби<br>Работа со учениците кои се соочуваат со неуспех<br>Развој на набљудувања, извештаи |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Воочување, охрабрување, поттикнување и следење на надарени ученици | стручни соработници | | евиденција на разговорите | Оспособување на учениците за самостојно учење<br>Упатување во техниките за успешно учење<br>Консултации со наставниците и родителите и насоки за работа со овие ученици<br>Следење на напредокот на учениците<br>Вклучување во проектни активности, учество на натпревари и манифестации<br>**Ефекти**<br>Организирана помош за учениците.<br>Развиени позитивни социјални односи во училиштето и одделението.<br>Креирани мерки за зголемување на сигурноста на учениците.<br>Се води континуирано советување на учениците. |
| Работа со Училишниот парламент | Членови на училишна заедница Ученички парламент, педагог и психолог | Септември-јуни | | **Активности:**<br>Учество во работата на Училишниот парламент<br>Вклучување на учениците во воннаставни активности според планираните проекти<br>Следење на реализацијата<br>**Ефекти**<br>Вклученост на учениците во работата на училиштето |
| **2.5 Училишна клима** | | | | |
| 2.5.1 . Следење на наставата-организација на часот, примена на техники и ИКТ во наставата | Педагог | Септември-јуни | | **Активност:**<br>Консултации со наставникот за целите на посетата,опсервација на час, советодавна работа со наставник, водење евиденција, координирање на активностите преземени од наставници<br>**Ефекти**<br>Ученици мотивирани за повисоки постигања |
| 2.5.2. Соработка со наставници | Педагог, психолог, наставници, родители | Во текот на годината | Формулари за евиденција на разговор со наставникот | **Активности:**<br>Увиди во планирањата на наставата и консултации во врска со нивно подобрување Давање стручна помош при воведувањето разни наставни форми и иновации во наставата<br>Помош при реализацијата на одделни проекти |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | Соработка во работата со ученици кои имаат потешкотии и проблеми од различен карактер<br>Работа со приправници<br>Работата поврзана со професионалниот развој на наставниците<br>Изработка на месечен план за уредување на паноата во училиштето со свежи информации за активностите на наставниците и учениците<br>Советодавна работа со наставниците во врска со ученици кои имаат потешкотии и проблеми од различен карактер<br>Соработка со директорот<br>**Ефекти**<br>- Координација во реализацијата на наставни содржини<br>- Соработка во работата |
| 2.5.3. Соработка со родители | Стручни соработници, директор | Септември-јуни | Формулари за евиденција на разговор со родител | **Активности:**<br>Советодавна работа со родители<br>Советување на родители чии деца нередовно посетуваат настава, покажуваат слаб успех во учењето или имаат несоодветно однесување.<br>Средби со родители кои запишуваат ученици во текот на годината од други училишта<br>Водење евиденција за работа со родители<br>**Ефекти**<br>Надминување проблеми од различен карактер во насока на подобрување на учењето и воспитувањето на децата. |
| 2.5.4 Водење педагошки картон на наставниците | Педагог, наставници | Септември-јуни | Формулар за евиденција на педагошка и друга ангажираност на наставникот | **Активности:**<br>Пополнување на педагошкиот картон за ангажираност на наставникот во тековната година<br>Континуирано ажурирање на податоците<br>**Ефекти**<br>Евиденција на стручното ангажирање на кадарот во воспитно-образовниот процес |
| **Учество во работата на стручни тела**<br>Работа на Одделенски совети<br>Работа на Наставнички совет<br>Работа на Стручните активи | Тимски | Според Годишниот план и програма за | Оценување и вреднување на ефективноста на процесот и | Придонес во работата на стручните тела на Училиштето |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Работа со Ученичката заедница<br>Работа во стручни тимови на професионални проекти: оние за самоевалуација, тимот што ја прави годишната програма за работата на Училиштето<br>Следење и анализа на изостаноците на учениците<br>Следење на успехот и напредокот на учениците, соработка во спроведувањето на програмата за работа и работата одделенскиот раководител и ученичката заедница | | работата на училиштето | резултатите на воспитнообразовната работа | Оценување и вреднување на ефективноста на процесот и резултатите на воспитнообразовната работа<br>Информирање и дискусија за нивото на квалитетот<br>Поддршка на развојот и напредувањето на учениците.<br>Развој на здрав стил на живот. Се препознаваат важни факти за физичкото и психичкото здравје. |
| **Педагошка евиденција и документација** Следење на педагошката евиденција и документација и консултации со наставници Водење сопствена евиденција и документација Водење педагошки картони за наставници | Педагог, директор, комисија | Континуирано | Формулари за евиденција<br>Педагошки картон по наставник<br>Потсетник за педагогот | Евиденција на увидите |
| Увид во водењето на одделенските дневници, годишните програми на наставниците, дневно оперативните планови, матични книги и друг вид документација | Педагог | На почетокот на годината, во текот на првото тримесечје, првото полугодие и во третото тримесечје | Педагошка документација која се проверува | Квалитетно водење педагошка документација на наставниците |
| Соработка со други институции<br>- Локалната средина<br>- Бирото за развој на образованието<br>- Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија<br>- Невладини организации<br>- Здружение на социјални работници и Ресурниот центар | | Континуирано | | Соработува со основните и средните училишта, факултетите и други научни институции<br>Локалната средина<br>Соработува со Бирото за развој и Министерството за образование и наука на Република Македонија<br>Државниот просветен инспекторат |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. Изработка на статистички извештај за запишани првоодделенци, завршени деветтоодделенци<br>2. Доставување број на ученици во учебната година<br>3. Изготвување полугодишен извештај за реализирани работни денови и часови по паралелки | Педагог, психолог, директор | Септември | Податоци од полугодишен Извештај за работата на Училиштето | Табеларно евидентирање Податоци за работата достапни на ДПИ<br>Правилно внесени информации, податоци за состојбата во училиштето за крајот на изминатата година и почетокот на новата учебна година<br>Изготвување информации до институциите |
| **Лично стручно усовршување**<br>Учество на обуки, семинари, проучување на стручна литература во насока на унапредување на својот професионален развој | | Септември-август | | **Активности:**<br>Учество на обука „Професионална ориентација кај учениците“,<br>Учество на панел дискусија за дискриминација, учество на презентација на резултатите од тестирање на читање со разбирање, учество на презентација и споделување на искуства и резултати од Инклузија на деца со ПО.<br>**Ефекти:**<br>Професионален развој |

Училишен педагог
Марија Долдурова

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## за работата на психологот во ООУ „Крсте П. Мисирков“ – Радовиш за учебната 2025/26 година

психолог
Татјана Митева

Август, 2026 год.

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## за работа на училишниот психолог при ООУ "Крсте П.Мисирков"-Радовиш во учебната 2025/26 год.

Годишниот извештај е изработен по подрачја и содржини врз основа на Програмата за работата на училишниот психолог за учебната 2025/26 год., Програмата за работа на училиштето.

### 1. Планирање и програмирање на воспитно – образовниот процес

- Учество и изработка на програми и извештаи: програма и извештај на училиштето, сопствена програма и извештај, програма за професионална ориентација и кариерно советување на ученици, програма за советување на родители, програма на инклузивниот тим и програма за работа на тимот за справување со насилство во училиштето;
- Формирање на паралелки за прво и шесто одделение на македонски и турски наставен јазик;
- Поддршка во планирањето на работата на училишниот парламент, ученичкиот правобранител;
- Упис на првачиња за учебната 2026/27 год.

### 2. Работа со ученици

- Следење на адаптацијата на учениците во прво одделение, во шесто одделение и новодојдени ученици;
- Советување со ученици кои се нередовни и имаат голем број на изостаноци, ученици кои имаат намален успех во учењето и такви кои манифестираат несоодветно однесување;
- Бев дел од тимот за поддршка на ученици на кои им се изрекуваат педагошки мерки;
- Соработував со наставниците во следењето и евиденција на учениците кои постигнуваат високи резултати во училиштето и учествуват на општински, регионални и државни натпревари;
- Поддршка на работата на Ученичкиот парламент, Ученичкиот правобранител и Ученичката заедница;
- Упис на ученици во прво одделение за учебната 2026/27год.;
- Учество во изработка на ИОП и ревизија на истиот за учениците со ПОП;
- Професионална ориентација и кариерно советување на учениците од деветто одделение (спроведени прашалници за интереси, активности за самоспознавање и организирање на посети од страна на средните училишта) ;
- Работилници за превенција на различни теми поврзани со физичкото и менталното здравје (справување со насилство, справување со дискриминација, емоционална писменост).

**3. Соработка со наставници**

- Имав консултативни средби со дел од наставниците со цел унапредување на нивниот начин на реализирање на наставата и справување со специфични ситуации на ученици кои бараат заедничка соработка;
- Советодавно-консултатативна работа со наставници почетници и одд. раководители;
- Следење и консултации за годишните, тематските планирања на наставниците и водењето на педагошката евиденција;
- Учество во училишниот инклузивен тим, учество во работата на одделенските совети и наставничкиот совет;
- Соработка со стручни активи на наставници.

**4. Соработка со родители**

- Индивидуални советодавни разговори со родители;

Во текот на целата учебна година имав индивидуални советодавни разговори со родители на ученици кои се нередовни или го попречуваат наставниот процес или пројавуваат несоодвветно однесување во училиштето.

- Групни советувања со родители;

Согласно законот реализирав групни советувања на кои беа повикани родители на ученици кои се нередовни, имаат намален успех во учењето или несоодветно се однесуваат.

**5. Аналитичко-истражувачка работа**

- Изработени месечни извештаи, полугодишен и годишен извештај за сопствената работа;
- Статистичка анализа на постигнувањата и поведението на учениците по класификациони периоди;
- Учество во изработка на полугодишен и годишен извештај на училиштето;
- Примена на психолошки инструменти за професионална ориентација и анализа на резултатите;
- Изработка на споредбена анализа за последните три учебни години 2022/23, 2023/24 и 2024 /25 година. Заедно со педагогот направивме споредбена анализа за општиот успехот, успех по наставни предмети и редовноста на учениците .

**6. Водење на педагошка евиденција и документација**

- Водење на евиденција за соработка со ученици, наставници, родители;

- Водење евиденција за запишени ученици во прво одд.;
- Изработка на табеларен извештај за успехот, редовноста и поведението на учениците за првото тримесечје и полугодие, трето тримесечје и крај на учебната година;
- Изготвување на статистички извештај за успехот, редовноста на учениците, број на ученици и паралелки, за потребите на Државниот завод за статистика ( УОК за крајот на учебната 2024/25 годиан и УОП - за почетокот на 2025/26 година);
- Водење евиденција за изречени педагошки мерки во текот на учебната година;
- Водење евиденција за талентирани ученици кои учествуваат на општински, регионални и државни натпревари;
- Водење на професионално досие за наставниците - евиденција за професионалниот развој;

**7.Соработка со заедницата**

- Соработка со основни и средни училишта, просветниот инспектор, Евиденција на незапишени ученици во прво одд. во учебната 2026/27 год. Увид на списоците од средните училишта на незапишани ученици во прва година средно образование а кои минатата учебна година завршиле IX-то одд. во нашето училиште;
- Соработка со Локалната самоуправа и МОН;
- Соработка со ЈЗУ Здравствен дом - Радовиш за реализација на систематски и стоматолошки прегледи на учениците;
- Соработка со ЦСР-Радовиш, извештаи од следење на редовноста, однесувањето, прилагоденоста и напредокот на учениците за кои ЦСР има потреба од информација.

**8. Лично стручно усовршување**

- Обука за спроведување на општествено корисна работа на учениците;
- Присуство на локална работилница и дискусија со цел запознавање на граѓаните со механизмите за заштита на човековите права и заштита од дискриминација, како и со улогата и надлежностите на Народниот правобранител и Комисија за спречување и заштита од дискриминација и Народен правобранител;
- Напредна обука за методи, техники и инструменти за советување и професионална ориентација на учениците“

**јуни, 2026год.** **Психолог**
**Татјана Митева**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## за работата
## на училишниот дефектолог/ специјален едукатор и рехабилитатор
## во учебната 2025/26 година

**Август, 2026 год.**

**Специјален едукатор и рехабилитатор**
**Игор Евтимов**

# Вовед

Годишниот извештај за работата на дефектологот е изработен врз основа на реализираните активности предвидени со годишната програма на дефектологот, предвидена за учебната 2025/2026 година, програмата за работа на училиштето и понудените тези и сугестии од бирото за развој на образованието и министерството за образование.

Во текот на учебната учебната година 2025/2026 дефектологот ги реализираше своите работни обврски, согласно планираните активности за секоја програмска област, со акцент на дирекна и индирекна опсервација на новозапишаните ученици, на кои при упис им беа констатирани можни отстапки во развојот, целта на опсервацијата беше потврдување или отфрлање на потенцијалните отстапки, на кои се сомневаше комисијата за упис при ООУ “Крсте Петков Мисирков”.

Кај учениците кај кои беа потврдени потенцијалните отстапки, дефектологот презема формативни и содржински мерки чија цел беше вклучување на учениците во редовната настава. Формативните мерки беа спроведени преку адаптација на просторот кон состојбата на учениците и формирање на инклузивни тимови (училишен инклузивен тим и инклузвни тимови за секое дете поодело). Содржинските, преку организирање информативна средба со наставниот кадар при училиштето, тема на информативната средба беше: **“Изработка и примена на индивидуална образовна програма кај учениците со П.О.П”**, советодавна работа со наставниот кадар и родителите, остварување на соработка со наставниците со цел: Индивидуална подготовка на учениците за усвојување на предвидените цели според индивидуалната образовна програма којашто ја изработил наставникот како главен актер во изработката на истиот, и дефектологот кој имаше консултативна улога во оваа ситуација.

Индивидуалната подготовка е првиот дел од индивидулната работа на дефектологот со учениците, вториот но не и помалку важен дел беше примена на општи и специфични стимулативни вежби, општите вежби се однесуваат на вежбите од психомоторната реедукација а специфичните на состојбата во којашто се наоѓа ученикот.

**1. Планирање, програмирање и организирање на воспитно образовниот процес**

**1.1 Изготвување на сопствената годишна и месечна програма за работа во учебната 2025/2026 година.**

-Период: Август, Септември;

-Соработници: Педагог, Психолог;

-Цел: Планирање и програмирање на сопствената и работата на училиштето.

**1.2 Изготвување на полугодишен и годишен извештај за сопствената работа за учебната 2025/2026 година**

-Период: Јануари, Август

-Соработници: Самостојно

-Цел: Извештај за воспитно – образовната работа, извештај за сопствената работа.

**1.3 Формирање на тела за инклузија во училиштето**

-Формирање на **училишен инклузивен тим.**

-Состав: Директор, Педагог, Психолог, Дефектолог и надворешен соработник

-Формирање на **инклузивен тим за секое дете** кај кое се потврдени отстапки во развојот.

-Состав: Педагог, Психолог, Дефектолог, одделенски наставник или предметен наставник и родител на детето

-Период на реализација: Октомври

-Соработници: педагог и психолог.

**2. Работа со ученици**

**2.1 Евидентирање на учениците**

Учениците со П.О.П беа евидентирани на два начини, според приложена од страна на родителите, медицинска документација и функционална проценка. Оние ученици кои немаа медицинска документација и функционална проценка, а комисијата за упис се сомневаше во можни отстапки во развојот, беа упатувани на понатамошни медицинско и функционално проценување.

Во учебната 2025/2026 се запишаа четири деца со П.О.П од кои три имаат МКФ проценка а едното поради некои околности не доби ни во текот на учебната година, меѓутоа согласно направената процена на дефектологот во училиштето и за истото беше изработен ИОП кој успешно се реализира.

-Период на реализација: Мај

-Соработници: педагог и психолог

**2.2 Дефектолошко дијагностицирање на учениците со П.О.П**

Откако беа потврдени отстапки во развојот кај учениците за кои имаше претходни индиции за тоа, дефектологот премина во следната фаза од неговата работа со учениците, односно дефектолошко дијгнастицирање на учениците со П.О.П, утврдување на рефлексиите на редовниот образовен систем врз состојбата на ученикот со П.О.П како и утврдување на рефлексиите на состојбата на ученикот врз редовниот образовен систем, дефектолошкото дијагностицирање се одвиваше

според динамичко – функционалниот модел, при спроведувањето на овој модел, најпрво се утврдуваат капацитетите на ученикот ( што може, а што не може ученикот), потоа реакциите на ученикот кон средината и реакциите на средината кон ученикот и на крај се утврдуваат можностите за прифаќање на ученикот од средината.
За спроведување на дефектолошкото дијагностицирање беа користени следниве инструменти:
Тестови од психомоторната реедукација:

- Проценка на гнозија – топографија
- Тест за латерализација
- Тест за праксија и праксичка организираност
- Тест за графомоторика – линеација
- Тест за ритам
- Зрелост на ракопис
- Тест за просторни односи
- Тест за сознајни функции

Сите овие тестови се дел од дефектолошкиот наод и мислење врз основа на кои дефектологот е во можност да формира крајна слика за способностите на ученикот.

**2.3 Давање на соодветна поддршка и следење на напредокот на учениците со ПОП** Поддршката на учениците се обезбедуваше на следните начини:

- Помош на ученикот за полесно да се адаптира во одделението;
- Подготовка на одделението за прифаќање на ученикот;
- Асистенција на час.

Следењето на напредокот на учениците, дефектологот го следеше преку развојни тестирања.
-Период на реализација: Во текот на цела учебна година -Соработници: Педагог и психолог

**3. Професионална и кариерна ориентација на учениците** Професионалната и карирната ориентација кај учениците се реализираше преку следните активности на дефектологот:

- Следење анализирање и еваулација на напредувањето на учениците со П.О.П;
- Следење на интересите на учениците;
- Следење на вештините на учениците;
- Градење на навики за стекнување на вештини согласно интересите на учениците;
- Вежби за фина моторика;
- Стимулација на визуелна перцепција;
- Стимулација на аудитивна перцепција;

- Вежби од психомоторната реедукација При професионалната и кариерна ориентација на учениците, дефектологот во предвид ги зема состојбата на ученикот, неговите можности, интереси и вештини.
- Период на реализација: Во текот на целата учебна година.

**4. Советодавно – консултативна работа со наставници**

Советодавно – консултативнта работа со наставници се движеше во насока на проширување на квантумот на знаења кај наставниците во врска со инклузивнта настава;

- Оддржување на информативна средба на тема: “ИОП – начин на примена”
- Давање насоки за неопходните модификации и адаптации во наставата;
- Давање насоки за изработка на прилагодени тестови во согласност со можностите на ученикот;
- Насочување на наставниците кон инклузивната архитектура на часот;
- Советување во однос на пристапот кон одреден ученик којшто се соочува со одредена состојба;
- Советување во однос на примената на соодветни методи, форми и техники на работа – согласно состојбата на ученикот
- Индвидуални разговори со наставноци со цел: изнаоѓање на најдобро решение за работа со ученикот

Период на реализација: Советувањето на наставниците се одвиваше во текот на целата учебна година и беше диктирано од потребите на наставниците.

**5. Работа со родители**

- Изработка на програма за работа со родители;
- Соработка со родителите со цел запознавање со состојбата на нивното дете, што тие можат да направат во домашни услови за да му помогнат на детето во стимулацијата на неговите можности и како да му помогнат со цел да му го олеснат патот кон училишните постигнувања кои првенствено се однесуваат на социјализацијата на детето и усвојувањето на содржините и целите предвидени со ИОП. ( работа, дома, што, како и колку);
- Редовно известување на родителите за напредокот на нивното дете според ИОП;
- Упатување на родителите до компетентни стручни лица – специјализирани за состојбата на детето;
- Информирање на родителите на децата со ПОП за нивните права и бенефиции кои можат да ги добијат од други институции и упатување до истите;
- Барање на писмена согласност од родителите со цел овозможување на дирекна и индиректна работа на дефектологот со децата со П.О.П.

Реализирана е соработка со сите родители, односно со сите родители чии деца се дијагностицирани и евидентирани како деца со посебни образовни потреби. Добиена е писмена согласност за директна и индиректна работа на дефектологот истотака од сите родители. Советувањето на родителите се движеше во насока на мотивирање и активирање на родителите во образовниот процес на нивното дете,

при што им беше предочена значајноста на активната улога на родителите во образовниот процес како клучен фактор во напредокот на детето низ образовниот процес и надминување на стереотипите и предрасудите со кои се очекува нивното дете да се судри низ образовниот процес.

Период на реализација: Цела учебна година - работата со родителите беше диктирана од потребите на учениците, родителите и дефектологот во текот на целото полугодие.

Соработнци: Педагог и Психолог

**6. Соработка со заедницата**

Односот со заедницата се градеше во текот на целата учебна година низ воспоставување на соработка со општински и државни институции од областа на:

- Образованието
- Здравствената заштита
- Социјлна заштита

**7. Водење на педагошка евиденција и документација**

- Водење на хронолошки дневник за сопствената работа;
- Водење на досие за секој ученик;
- Водење на дневник за индивидуалната работа со секој ученик, содржина на активноста, цел на активноста, форми и методи, инструменти, соработници, средства за работа;
- Водење на личен профил и проценка на ученикот;
- Изработка на ИОП во соработка со наставниците, дефектологот има консултативна улога;
- Водење на регистар за ученици
- Извештаи за напредокот на децата

Период на реализација: Цела учебна година.

**8. Професионално усовршување на дефектологот** Професионалното усовршување на дефектологот се одвиваше во текот на целата учебна година и се реализираше преку:

Консултација со стручна литература; Консултација со интернет содржини; Консултација со стручни кадри, компетентни за состојбата на детето; Консултација со педагошко – психолошката служба во училиштето; Консултација со наставниот кадар во училиштето. Соработници: Педагог и Психолог.

Специјален едукатор и рехабилитатор

Игор Евтимов

# ООУ „Крсте Петков Мисирков“ – Радовиш

## Извештај за работата на
## Училишната библиотека
## во учебната 2025/2026година

Август, 2026 година

Библиотекар
Кристина Митева

***Училишната библиотека во нашето училиште е клучен фактор во нудење на разновидна и квалитетна воспитно – образовна и културна услуга на корисниците. Училишната библиотека е составен дел на целокупната воспитно-образовна дејност во едно училиште. Преку неа се остварува контакт меѓу наставата, наставниците и учениците.Библиотеката во нашето училиште располага со околу 2 103 наслови на книги. Покрај книги на македонски јазик има и книги на англиски, француски и турски јазик. Сите тие се обработуваат библиотечно, се средуваат и се наменети за задоволување на потребите на учениците, наставниците, но и другите вработени во нашето училиште. Библиотеката има цел и настојува нејзиното работење да го приближи до учениците. Работата на библиотеката не се состои само од издавање и примање на книги, евиденција на прочитаното, водење на библиотечна книга – инвентарна книга, список на членови, сето тоа подржано и електронски, тука е и секцијата и се друго што е потребно, а е поврзано со учениците и книгата.***

- Најголем дел од книгите се за наставата по македонски јазик и литература, за нејзино продлабочување и вистинско оживување на сите предложени дела во програмата за наставата по овој предмет. Освен тоа има и книги од областа на другите наставни предмети: историја, географија, филозофија, ликовна уметност, музичка уметност, спорт и спортски активности, биологија, физика. Тука би ги издвоиле лексикони, речници, стручна педагошка и психолошка литература за наставниците. Како стручна литература може да се најдат и математички списанија, но и книги за Информатика. Фонд од книги кои постојано се зголемува. Корици има и нови и стари, а сепак сите заедно почиваат во еден прекрасно - разновиден библиотечен фонд во добро уреден простор. Ако се разлистаат книгите почнувајќи од најстарите изданија па се до денешните, најнови и ако се разгледаат печатите на тие книги, може да се забележи целиот историски развој на нашето ООУ „Крсте П. Мисирков“. Тука ќе се пронајде душата и жигот на времето кое: како минувало - така се запишувало со мастило, кое потајно и скржаво избледува како да сака да сокрие тајна. Потребата од училишна библиотека, од создавање интерес и навика за читање кај учениците била присутна уште кај првите наши генерации. Потоа се нижат и настани во кое препознаваме подарок на книги од други училишта или културни дејци од минати времиња, но веројатно така се оформила училишната библиотека, во почетокот со скромен фонд од книги. Ги поминале тие книги сите премрежја за овој голем период и денес, денешните генерации на запишани ученици можат во секој момент да ги позајмат на користење. И денес, како и низ годините стремежот за развој на

училишната библиотека е ист: да се пробуди кај учениците интерес за читање, да се развива културата на читањето, да се гради естетски однос кон книгата. Со еден збор да се има почит кон книгата – нашиот најверен другар!

Училишната библиотека во ООУ„Крсте Петков Мисирков "Радовиш располага со книжен фонд на македонски јазик , турски јазик и српско – хрватски јазик.Вкупниот број на библиотечен фонд изнесува **10 691** книги, од кои **8 011** се на македонски јазик, **2 235** на турски јазик и **445** на српско-хрватски јазик. Вкупниот број на наслови изнесува **2 103** и тие се класифицирани на следниот начин:

| Ред. Бр. | Библиотечен фонд | Количество |
|---|---|---|
| 1. | Лектири за I одделение (сликовници, сказни) | 102 |
| 2. | Лектири за II одделение | 225 |
| 3. | Лектири за III одделение | 223 |
| 4. | Лектири за IV одделение | 135 |
| 5. | Лектири за V одделение | 214 |
| 6. | Лектири за VI одделение | 126 |
| 7. | Лектири за VII одделение | 189 |
| 8. | Лектири за VIII одделение | 262 |
| 9. | Лектири за IX одделение | 185 |
| 10. | Вкупно лектирни изданија | 1661 |
| 11. | Лектири што не се во обработка | 5 687 |
| 12. | Енциклопедија | 14 |
| 13. | Слободна литература | 122 |
| 14. | Класици | 141 |
| 15. | Македонски автори | 116 |
| 16. | Турска литература | 133 |
| 17. | Нобеловци | 130 |
| 18. | Македонска книжевност и критика | 45 |
| 19. | Стручни и прирачници за настава | 280 |
| 20. | Останато | 2.215 |
| 21. | Вкупно | 10.544 |

**Библиотеката како дел од училиштето работи со иста цел како и целите на секоја воспитно-образовна институција во рамките на основното, што значи:**

- оспособување на учениците активно и одговорно да учествуваат во економскиот,општествениот и културниот живот;
- да ја развиваат сопствената личност и потенцијали,почитувајќи ги другите;
- успешно да ги здоволуваат своите интереси и потреби и да стекнуваат знаења, умеења, вештини, способности за понатамошно образование и учење како и компетенции за врботување;

**Секако дека ќе се очекуваат и позитивни ефекти од работата на библиотеката на крајот на учебната година што ќе значи формирање на :**

- подготвени ученици за истражувачка работа во библиотека и самостојно проценување со цел полесно снаоѓање во многуте извори на информации и самите информации;
- професионално ориентирани ученици;
- ученици со развиен и насочен интерес за книгата што е секако во во склад со нивните желби ,склоности и потреби;
- ученици со развиена љубов кон книгата и убаво изразување;
- учениците со високо ниво на радозналост кон светот на книгата и пишаниот збор;
- високо развиени навики за користење на библиотеката и литературата воопшто во целиот живот;
- високо развиена свест за важноста на слободниот пристап кон информациите и правото за изразување на своето мислење;

Во текот на учебната година работеше и **Библиотечната секција** која имаше планирано и реализирано:

- <u>Планиран број на ученици: 20- 25 од трето до деветто одделение</u>
- <u>Планиран број на часови: 2 часа неделно/72 часа годишно</u>
- <u>Време на реализација: во текот на целата учебна година</u>

| **Содржина на работата** | **Време на реализација** | **Цели и задачи** |
|---|---|---|
| 1. Усвојување на планот и програмата за работа на училишната библиотека, запознавање со формите и содржината на работа во текот на учебната година<br>2. Прибирање на ученици кои сакаат да бидат активни членови на библиотеката и формирање термини за работа во две смени<br>3. Запознавање со библиотеката како дел од училишните активности<br>4. Формирање на библиотечната секција | **VIII**<br>**IX** | - Проширување и продлабочување на знаењата за библиотеката;<br>- Запознавање на учениците со активностите на<br><br>- Училишната библиотека за 2024/25година; |
| 1. Октомври – месец на книгата<br>2. Изработка на хамер посветен на месецот на книгата и лични творби за книгата<br>3. Подготовка за натпреварот „Млади библиотекари“<br>4. Подготовка за натпреварот „Млади библиотекари“<br>5. Подготовка за натпреварот „Млади библиотекари“<br>6. Подготовка за натпреварот „Млади библиотекари“<br>7. Подготовка за натпреварот „Млади библиотекари“<br>8. Подготовка за натпреварот „Млади библиотекари“ | **X** | - Проширување на знаењата за Библииотеките;<br>- Да умеат да го согледаат разликата од Градската библиотека и Училишната библиотека. |

| | | |
|---|---|---|
| 1. Запознавање со еден странски автор<br>2. Дискусија за дело од тој странски автор<br>3. Запознавање со еден македонски автор<br>4. Уметничко говорење (рецитирање) на текст од тој македонски автор<br>5. Креативно пишување<br>6. Интерпретација на лирска песна со помош на доживувањата на учениците<br>7. Запознавање со македонскиот деец Крсте П. Мисирков – по кој е именувано нашето училиште<br>8. Креативно пишување за Патронатот на нашето училиште | **XI** | - Подобрување на способноста за уметничко интерпретирање на поезијата;<br>- Проширување на знаењата и запознавање со македонски но и други автори. |
| 1. Разгледување и дискусија на некои наслови од лектирните изданија<br>2. Запознавање со еден македонски автор<br>3. Запознавање со еден странски автор<br>4. Пишување на поетски, прозни и драмски творби на теми од Нова година<br>5. Драматизација на ученички драмски текст<br>6. Предлог од членовите на библиотечната секција за набавување на книги<br>7. Набавка и примање на нови книги<br>8. Посета на Новогодишна претстава, во соработка со другите одделенија во центарот за култура „Ацо Караманов“ | **XII I** | - Проширени знаењата;<br>- Да знаат за елементите на драмски текст;<br>- Да се оспособат за драматизација |
| 1. Читање од дневникот воден за време на Зимскиот распуст<br>2. Разгледување и дискусија на некои наслови од лектирните изданија<br>3. Запознавање со еден странски автор<br>4. Запознавање со еден македонски автор<br>5. Речник и стил<br>6. Мојот омилен текст, стих<br>7. Посета на Градската библиотека „Браќа Миладиновци“ | **II** | - Да ги прошират знаењата за странски и македонски автори;<br>- Да ги прошират знаењата од областа Јазик ( Граматика ). |

| | | |
|---|---|---|
| 1. Роман – по избор на членовите на библиотечната секција<br>2. Историски развој на Библиотеките<br>3. Омилен македонски автор<br>4. Творби на тема „ За мене библиотеката е ...“<br>5. Пролетно освежување на библиотеката со творби, хамер, цртежи и букмаркери<br>6. Разгледување на книгите и нивниот формат<br>7. Како се класифицира библиотечниот фонд<br>8. Подредувањето на библиотечниот фонд во Училишната библиотека | **III** | - Да ги прошират знаењата за работата на библиотеката<br>- Подигнување на свест за библиотеката како институција. |
| 1. Книгата - мојот најверен другар<br>2. Запознавање со еден македонски автор<br>3. Запознавање со еден странски автор<br>4. Писмено изразување<br>5. 23 април светски ден на книгата и авторските права<br>6. ЕКСКУРЗИЈА во Скопје и посета на библиотеките<br>7. ЕКСКУРЗИЈА во Скопје и посета на библиотека | **IV** | - Да ги прошират стекнатите знаења;<br>- Да умеат самостојно писмено да се изразуваат;<br>- Подигнување на |
| 1. Творби за Гоце Делчев<br>2. Говор<br>3. Творечко говорење (рецитирање) на песни<br>4. Дневник - водење дневник<br>5. Дискусија за Св. Кирил и Методиј<br>6. Проширени знаења за првите отпечатени книги на македонски јазик<br>7. Самостојна творечка активност | **V**<br>**VI** | - Да ги продлабочат знаењата за поезијата на Гоце Делчев;<br>- Да знаат за дневник - водење дневник од страна на учениците;<br>- Да се подготват за применување на |

Годишен извештај за учебната 2025/2026

ООУ„Крсте П. Мисирков“ – Радовиш

И во првото и во второто полугодие стремежот за развој на училишната библиотека е ист: да се пробуди кај учениците интерес за читање, да се развива културата на читањето, да се гради естетски однос кон книгата. Со еден збор да се има почит кон книгата – нашиот најверен другар!

Јуни, 2026

Библиотекар
Кристина Митева

# ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТАТА НА СОВЕТОТ НА РОДИТЕЛИ ВО УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

На почетокот од учебната 2025/26 година беше ажурирано членството во советот на родители со цел поактивно делување и учество во целокупната работа на училиштето. Така утврдениот Совет на родители до крајот на учебната година реализираше три состаноци на кои се дискутираше за релевантни теми. Активностите и содржините се прикажани во табелата подолу.

| Содржина на активностите | време |
|---|---|
| - Информации за почеток на учебна 2024/25 година;<br>- Информациите се однесуваат на почитување на куќниот ред на училиштето како и кодексот и правилникот за однесување на учениците при ООУ„Крсте П.Мисирков“, со посебен акцент на почитувањето на обврската за носење на униформа, внесот на храна и забраната за употреба на мобилни телефони.<br>- Анализа на самоевалуацијата на училиштето- советот даде позитивно мислење за истата.<br>-Идеја и реализација на :<br>Повик за донација и собирање на стара училишна униформа која е мала, но е во добра состојба | 16.09.2025г. |
| - Разно(иницијатива за организација на Новогодишен базар и намена на средствата собрани на базарот за хуманитарни цели за лекување на Милена, под мотото “Од срце за Милена”<br>-Учество на советот на родители на “Новогодишен базар” во холот на училиштето со ученички новогодишни изработки и домашно подготвена храна. | 22.12.2025г. |
| - Разгледување на понуди за осигурување од незгода на учениците; | Февруари 2025г. |
| - Разгледување и давање мислење по Програмите за изведување на ученички екскурзии за трето, шесто и деветто одделение. | |

| | |
|---|---|
| -Разгледување и давање мислење за изведување на настава во природа за учениците од петто одделение.<br><br>-Давање позитивно мислење за Програмите како за ученичките екскурзии и реализација на повеќедневна настава во природа. | Март 2026г. |
| -Разгледување на понуди за избор на фото студио за фотографирање на полуматурантите од нашето училиште и одлучување по истите. | Април 2026г. |

Претседател: <u>Даниела Ѓоргиева</u>

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА  СТРУЧЕН АКТИВ ВО ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА ОД ПРВО ДО ТРЕТО ОДДЕЛНИЕ

**за учебна 2025/2026 година**

### 1. ЦЕЛИ НА РАБОТАТА НА СТРУЧНИОТ АКТИВ ВО ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА ОД ПРВО ДО ТРЕТО ОДДЕЛНИЕ

Стручниот актив ги опфаќа наставниците од наставниците од прво до трето одделение, кои дискутираат за стручни прашања на методичкото изведување на предметните содржини во наставата во одделенска настава. Со работата раководеше одговорен наставник од членовите на активот.. Улогата на активот беше формирање на заеднички став при следењето на напредокот на учениците и вреднување на нивните знаења и вештини.,како и реализирањето на наставта за оваа учебна година.Со заедничка работа се дојде до  поедноставување на наставните содржини, што придонесоа за  поголем квалитет,на наставата, а на учениците  им беше поинтересен  и појасен.Се договаравме за теми и подрачја кои можеа да се решат со заедничка работа или пак со соработка со другите активи. Стручниот актив предлагаше различни теми со чија обработка на наставниците им се приближуваат можните проблеми, недостатци, индивидуални постапки и прилагодување на наставната програма за што подобри резултати во наставниот процес.

### 1.2. ЧЛЕНОВИ НА АКТИВОТ ОД ПРВО ДО ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ:

Во активот на одделенска настава со наставниците од прво до трето одделение учествуваа сите одделенски наставници кои изведуваат настава во прво, второ и трето одделние.

Состаноци на стручниот актив се одржува еднаш месечно, а ги подготвуваше , свикуваше одговорниот на активот во соработка со останатите членови.Се договараше и се земаше учество во програмата за воннаставни активности.Стручниот актив даваше предлози за набавка на наставни средства и помагала, за што поквалитетна и полесна работа во наставата.Со ваквиот вид на работа членовите на стручниот актив меѓусебно си помагаа, комуницираа и се усовршуваат, што  позитивно да се одрази на нивната индивидуална работа

Активот се договараше за начинот на организација на наставните часови како и околу изработката на чек листи за следење на активноста на учениците како и процесот на реализација на часовите.На ниво на активи се вршеше размена на материјали како што се презентации, видеа и разни едукативни материјали.

## 2. ЗАДАЧИ НА СТРУЧНИОТ АКТИВ

**Работа со ученици**

-со активностите на активот се потикнуваа учениците на креативност,тимска работа, работа во парови како и индивидуална работа.

-учениците се потикнуваа за изработка на проекти , натпревари, одржување на училниците и училишниот хол

-поттикнување на натпреварувачки дух кај учениците со цел за подобрување на успехот

-поттикнување учество на учениците во изработка на различни проекти со цел стекнување одговорност и соработка во тимска работа.

-учество во реализирањето на МИО работилници во рамките воннаставните активности во нашето училиште.

-учесво во е-твиниг проекти.

**Работа со наставници**

-соработка со колегите од стручниот актив на ниво на училиште или со наставниците по истите предмети од други училишта поради размена на искуства и знаења.

-задолжително сопствено перманентно усовршување, соработка со останатите колеги во нашето или друго училиште, потоа на стручни собири.

**Останато**

-соработката  со педагог, директор, психолог и останати стручни соработници

-по потреба и на покана од одделенски раководител стручната служба присуствуваше на индивидуални родителски средби на кои се разговара со родителите за потешкотиите и успехот при работата.

-во соработка со стручната служба се реализираа работилници на различни теми како дел од другите активности планирани и реализирани во наставата.

**АКТИВНОСТИ ОД РАБОТА  НА АКТИВОТ ВО ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА ОД ПРВО ДО ТРЕТО ОДДЕЛНИЕ ВО УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОД.**

1. Обука за користење на современи наставвни методи
2. Осовременување на воспитно-образовниот процес преку реализирање на Наставните планови и програми
3. Подобрување на квалитетот на наставата преку внесување на современи методи,форми и нагледни средства во наставниот процес
4. Следење на онлине семинари
5. Следење обуки за инклузивна настава
6. ИКТ алатки во натавата
7. Е твининг проекти

| Цел | Активности | Носители | Временска рамка | Евалуација (критериуми) |
|---|---|---|---|---|
| *** подобрување на квалитетот на наставата преку внесување на современи методи,форми и нагледни средства во наставниот процес**<br><br>*** зголемување на мотивацијата и одговорноста на наставниците за сопствено напредување(следење онлине семинари)**<br><br>***осовременување на воспитно-образовниот процес преку реализирање на Наставните планови и програми**<br><br>***Меѓусебно помагање во изработувањето на годишните програми преку пренесување на искуства од примена на стратегии и техники во претходното одделение.**<br><br>*** подобрување на успехот и дисциплината** | *** проектни активности – Еко проект**<br><br>***модернизација во образованието**<br>***информирање на наставниците, родителите, учениците**<br><br>***информирање на наставниците, родителите, учениците за проектните активности**<br><br>***соработка со стручната служба (педагог-психолог),наставници,родители,ученици**<br><br>***Разговор за содржината на портфолиото и формуларот** | •членови на стручниот актив<br><br>·стручна служба<br><br>•директор<br><br>•предметен наставник<br><br>•педагог<br><br>•ученици<br><br>(наставник-ученик)<br><br>•директор<br><br>•, училишни обучувачи или провајдери<br><br>•членови на активот | •Во текот на целата учебна година<br><br>•Во текот на учебната 2025/2026 година<br><br>•Во текот на учебната 2024/2025 година<br><br>•Во текот на учебната 2025/2026 година<br><br>•На почетокот на учебната година заедно со изготвувањето на планирањата | • членовите на активот да направија планирања за вметнување на еко содршини во тематските планирања<br><br>•котинуирана изработка на краткорочни планирања<br><br>• членовите на активот да изготват инструменти за оценување<br><br>•секој член на активот да учествува на стручни усовршувања<br><br>-членовите на активот земат активно учество во развивањето на еколошката свест кај учениците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **за дневна подготовка** | | | |

| **Ред. Бр.** | **Предмет на содржината и цел (што, зошто)** | **Време на реализа ција** | **Форми и методи (како)** | **Средства (со што)** | **Соработка (со кого)** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Состанок на активот, поделба на обврски и задачиза работа и поставување приоритет на активот за учебната 2025/2026 год. | Август | Разговор и водење записник | | - членовите на активот,<br>- стручна служба<br>- директор |
| 2. | Разгледување на наставните планови и програми ,понудени учебници, методи на работа, наставни средства и помагала, како и инструменти за оценување кои ќе се користат во текот на учебната година | Август | Разговор и водење записник | Со програми и упатства дадени на семинарите од страна на БРО | - членовите на активот,<br>- советници<br>- обучувачи<br>- стручна служба<br>- директор |
| 3. | Изготвување на долгорочни и среднорочни планирања,глобални,тематски и месечни распределениа,како и изготвување на распоред на часовите,изработка на сценарија и планирања според новата конепциска програма | -Во септемвр и почетокот од учебната година | Состанок и активно учество на секој член од активот | Со помош на наставната програма, упатствата дадени од БРО | - членовите на активот,<br>- советници<br>- обучувачи<br>- стручна служба |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4. | Изготвување краткорочни планирања и сценарија во кои што се опишани техниките, вештините иприменaта на знаењето и стратегиите во решавањето на проблеми ,научно истражување кое подразбира идеи, вреднување докази, планирање истражувачка работа, забележување и анализа на податоци, и соодветно на тоа изработка на инструменти за следење и вреднување на знаењата и вештините на учениците | -во текот на учебната година | Состанок и активно учество на секој член од активот | Со помош на наставната програма, упатствата дадени од БРО и прирачниците од семинарот | - членовите на активот,<br>- советници<br>- обучувачи<br>- стручна служба |
| 5. | Користење на линкови за дигитални содржини вметнати во наставните програми<br>- апликации од порталот едуино - користење на едуино во наставата по математика-природни науки и останатаите предмети | -во текот на учебната година | Разговор и бележење | Имплементација на стекнатите искуства и вештини од учеството на спроведените обуки | - членовите на активот<br>- обучувачи<br>- стручна служба |
| 6. | Договор за избор на наставни содржини во кои ќе се вметнат теми од ЕКО-стандарди | Септември | Состанок со членовите од активот и координатор за ЕКО-проектот на нашето училиште | Со упатства од координаторот за ЕКО-проектот на нашето училиште и формулар со теми | - Наставниците од активот<br>- координатор за ЕКО - проектот на нашето училиште |
| **7.** | Изготвување на контролни задачи, наставни ливчиња и проверка на знаењата на учениците со примена на стандардите и критериумите за оценување**.** | Во текот на учебната година | Размена на претходни искуства, анализа на претходно изготвени тестови, како и готовите стандарди | Со прирачникот за сумативно оценување од обуката - ПОДОБРУВАЊЕ НА ОЦЕНУВАЊЕТО | - Наставници од активот<br>- педагог<br>- училишни обучувачи<br>- ученици |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | зирани тестови | | |
| 8.. | Планирање и реализација на слободните ученички активности, додатна настава, претстојни натпревари и учество на истите | Септември | Разговор и анкетирање на учениците | Со анкетен лист | - педагог<br>- ученици<br>- наставници<br>- родители |
| 9. | Планирање и реализација на дополнителната настава со учениците кои имаа потешкотии во следењето на наставата | Во текот на учебната година | Разговор,работа низ игра и индивидуална работа | Тестови, наставни ливчиња , контролни задачи прилагодени на нивните можности и способности | - Наставници,<br>- ученици<br>- педагог |
| 10. | Учество во е твининг проекти | Март | Активности со учениците | Работилиници | -Одделенските и предметните наставници, учениците |
| 11. | -Анализа на постигнатите резултати по предметите од наставниот план и програма на крајот од учебната 2024/2025 година | Јули | Со анализа на досегашната работа -со анализа на постигнатите резултати | Извештај за работата во текот на учебната година со споредбени показатели | -Со членовите на активот |
| 12. | Реализирање на вонаставнни активности програми по повод :Денот на жената,Нова година,Први април,Денот на пчелата,Денот на штедењето,Денот на здраството,на штедењето,Новогодишен базар | Во текот на целата година | Со активно учество на сите ученици и наставници ,стучна служба | Со реализирање на програмата од секциите во училиштето | - Наставници,<br>- ученици<br>Стручна служба,<br>Директор |

Јуни, 2026 год.

Одговорен наставник:
Светлана Василева

Реализатори: наставниците од одделнска настава од 1 до 3 одд.

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТИ НА V-ТО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

Овој извештај ги сумира активностите реализирани од страна на учениците од 5-то одделение во рамките на проектните часови, вonнаставните активности, литературните активности, натпреварите и манифестациите во текот на учебната 2025/2026 година. Активностите се реализирани согласно Годишната програма за работа на училиштето и Концепцијата за воннаставни активности во основното образование утврдена од Министерството за образование и наука.

### 1. Проектни часови

Проектните часови беа организирани со цел да се поттикне креативноста, тимската работа и практичната примена на знаењата кај учениците. Реализирани се следните проекти:

- **Проект: „Еко-акција“**
  Во рамките на проектот учениците зедоа учество во собирање на стара хартија и пластика.
- **Проект: ,,Светски ден на мирот”**
  Во рамките на овој проект учениците од 5 одделение изработуваа пароли и литературни творби.

- **Проект: ,,Новогодишен базар’’**
  Во рамките на овој проект се вклучија и родителите и учениците со подготовка на изработки и разновидна храна кои истите се продаваа во училиштето,а средствата наманети за хуманитерни цели.

**2. Воннаставни активности**

Воннаставните активности беа насочени кон поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците, со фокус на индивидуалните интереси и инклузијата.

- **Литературно-новинарска секција**
  Учениците учествуваа во литературно-новинарска секција . Изработени се училишни весници и кратки литературни творби, кои беа презентирани на училишни приредби.
- **Сценско-музички настап**
  Учество на учениците од 5 одделени за прием на првачињата,Недела на детето и манифестацијата Снежен град.
- **Настава во природа-**реализирана од страна на сите ученици и наствaниците од 5 одделение во Охрид.
- **Еко-тимот**
- Организирани се акции за чистење на училишниот двор и работилници за рециклирање, со цел подигање на свеста за еколошки прашања.
- **Спортски активности**
  Учениците учествуваа во спортски игри и тимски активности за промоција на физичката активност и соработка. Овие активности беа организирани по редовните наставни часови и вклучуваа игри како одбојка и забавни штафети.

**3. Литературни активности**

Литературните активности беа дел од наставните и воннаставните програми, со цел негување на љубовта кон книжевноста и развивање на изразните способности.

- **Литературна секција „Творци на уметничкиот збор“**
  Учениците од 5-то одделение, под менторство на наставник по македонски јазик, учествуваа во литературни работилници. Тие пишуваа кратки раскази и поезии, а некои од творбите беа презентирани на училишни приредби и во локални библиотеки.
- **Посета на библиотека**
  Организирана беше посета на локална библиотека, каде учениците се сретнаа со македонски писатели и учествуваа во дискусии за значењето на книгите. Оваа активност го поттикна интересот за читање кај учениците.
- **Рецитации и драмски изведби**
  Учениците подготвија рецитации и кратки драмски изведби за одбележување на значајни датуми, како Денот на училиштето и Новогодишната приредба.

**4. Натпревари**

Учениците од 5-то одделение учествуваа на повеќе општински, регионални и државни натпревари, каде постигнаа забележителни резултати.

- **Природни науки** Под менторство на наставничката Невенка Маринковска, учениците од V одделение постигнаа значајни успеси на натпреварите по природни науки. На општинскиот натпревар освоија три втори и три трети награди, на регионалниот натпревар освоија три втори и две трети награди, додека на државниот натпревар освоија една прва и една втора награда. Овие резултати претставуваат потврда за успешната работа на наставничката и високото ниво на знаења и вештини што ги поседуваат учениците.
- **Натпревар по англиски јазик**
Под менторство на наставникот Митко Ристов, учениците постигнаа значајни успеси на натпреварите по англиски јазик. На општинскиот натпревар освоија една прва и една втора награда, на регионалниот натпревар освоија две први награди, додека на државниот натпревар освоија две први награди. Остварените резултати претставуваат потврда за успешната работа на наставникот-ментор и високото ниво на знаење и подготвеност на учениците.

- **Заклучок**

Учениците од 5-то одделение покажаа голем ентузијазам и креативност во сите активности во текот на учебната 2025/2026 година. Проектните часови и воннаставните активности придонесоа за развивање на нивните вештини, самодоверба и тимска работа, додека учеството на натпревари и манифестации го афирмираше учалштето во локалната заедница. Овие активности не само што го збогатија воспитно-образовниот процес, туку и ги мотивираа учениците да продолжат со активно учество во иднина.

Актив на пето одделение
Лујза Спасова
Александар Чаракчиев
Весна Костадинова
Сенем Еминова
Ремзи Абдурманов
Селбие Зекир
Билент Зубер

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА АКТИВОТ ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА**

**Учебна година: 2025/2026 година**
**Училиште: ООУ „Крсте Петков Мисирков“ – Радовиш**
**Актив по македонски јазик**

Според програмата на Активот по македонски јазик и литература за учебната 2025/2026 година, сите наставници ја започнаа наставната година со подготвени наставни програми и планови. Исто така, во состав на Активот се доделени за реализација проектни часови, воннаставни активности, активности на литературни и рецитаторски клубови и драмска секција, како и воннаставвни активности за Денот на мајчиниот јазик, за Светскиот ден на поезијата и пролетта и сл.

**Цели**

Активот по македонски јазик во текот на учебната 2025/2026 година реализира разновидни активности со цел

- реализација на наставата за учебната 2025-2026 година и поедноставување на содржините;

- следење на напредокот на учениците и вреднување на нивните знаења и вештини;
- промовирање, негување и чување на македонскиот јазик, литературата и културата;
- поттикнување на креативноста кај учениците и нивно вклучување во воспитно-образовниот процес преку проектни часови, воннаставни активности, секции, клубови, манифестации и натпревари:
- зголемување на интересот кај учениците за македонската книжевност и развој на вештини за тимска тработа и критичко размислување.

**Членови на активот по македонски јазик**

Во активот учествуваат сите предметни наставници по македонски јазик од VI до IX одделение: Верица Спасова-Исаиловска, Томе Постолов, Гордана Здравкоска, Лина Тодоров, Димче Здравев и Адриана Аџиева.

Состаноци на стручниот актив се одржуваа редовно, а ги подготвуваше и свикуваше одговорниот наставник на активот во соработка со останатите членови. Стручниот актив се договараше, даваше предлози за поквалитетна и полесна работа во наставата. Членовите на активот по македонски јазик меѓусебно си помагаа, соработуваа, се усовршуваа, што позитивно се одрази на нивната индивидуална работа.

Активот се договараше за начинот на организација на наставните часови како и околу изработката на чек листи за следење на активноста на учениците како и процесот на реализација на часовите. На ниво на активи се вршеше размена на материјали како што се презентации, видеа и разни едукативни материјали.

**Активности, натпревари, манифестации и награди**

- **Активности на проф. Верица Спасова-Исаиловкса**

  Проектни часови (активности):

- Одбележување на Недела на детето и прием на првачињата во Детската организација преку сценска изведба на пиеса за детските права во соработка со наставничката Лујза Спасова.
- Поетска работилница на дадена тема „Дијалектите се душата на еден народ“ по повод Денот на училиштето – групна работа
- Одбележување на Денот на мајчиниот јазик – работилница во групи;
- Животот и делото на Кочо Рацин и на Браќата Миладиновци – изготвување предавање од страна на учениците;

  Воннаставни активности:

- Учество на учениците од IX одделение во изведба на театарската претстава адаптирана според книгата „Радовишки маабети“ од Павлина Кошевец по

повод Денот на училиштето во соработка со наставниците од активот: Лина Тодоров и Томе Постолов;

- Тридневна екскурзија со научно-рекреативен карактер, релација Радовиш-Охрид-Радовиш.
- Литературен клуб (секција) – подготовка на литературни творби (поезија и проза), творење за одредени празници, конкурси, поетски читања, манифестации и сл. организирани од општината, од општински училишта и ОНБ „Браќа Миладиновци“;
- Учество и на училишни и општински поетски читања, општински литературни манифестации, литературни конскурси оргранизирани за Денот на општинските училишта.
- Учество на општински ораторски натпревар со ученичката Нина Крстева и освоено прво место;
- Учество на државен рецитаторски натпревар, ученик: Нина Крстева;
- Учество на регионален натпревар по македонски јазик и литература на кој ученичките Диљара Салиова и Ива Ѓоргиева освоија трето место.
- Учество на државен натпревар по македонски јазик и литература и освоено прво место, ученик Диљара Салиова и благодарница, ученик Ива Ѓоргиева;

**Активности на проф. Томе Постолов**

Проектни часови (активности):

- Одбележување на Денот на мајчиниот јазик – ѕиден весник;
- Интерпретација на народни приказни и нивана класификација – дискусија и групна работа

Вонnаставни активности:

- Одбележување на 8 Септември – Ден на независноста, со поетски и сценско-музички рецитал;
- Идејна и содржинска изработка на училишно пано за ликот и делото на Крсте Петков Мисирков, изложено во холот на училиштето.
- Учество на учениците од VIII одделение во изведба на театарската претстава адаптирана според книгата „Радовишки маабети“ од Павлина Кошевец по повод Денот на училиштето во соработка со наставниците од активот: Лина Тодоров и Верица Спасова Исаиловска;
- Поетско-сценски рецитал во чест на Гоце Делчев – општинска организација.;
- Литературен клуб (секција) – подготовка на литературни творби (поезија и проза), творење за одредени празници, конкурси, манифестации и сл. организирани од општината, од општински училишта и ОНБ „Браќа Миладиновци“;
- Учество и на училишни и општински поетски читања, општински литературни манифестации;

- Учество на општински библиотекарски натпревар и осворно трето место, ученик Викторија Станкова;
- Учество на државна манифестација „Детски лирки треперења“ во Охрид и диплома за најдобра литературна творба, ученик: Јована Здравкоска;
- Учество на регионален натпревар по македонски јазик и литература, ученици: Марија Баџакова и Лилјана Стефанова и освоено второ место на регионален натпревар по македонски јазик и литература, ученик: Лилјана Стефанова;
- Учество на државен натпревар по македонски јазик и литература и освоена втора награда, ученик Лилјана Стефанова.

**Активности на проф. Лина Тодоров**

Проектни часови (активности):

- Одбележување на Светскиот ден на поезијата- поетско читање;
- Поетска работилница на дадена тема „Дијалектите се душата на еден народ“ по повод Денот на училиштето – групна работа.

Воннаставни активности:

- Посета на Саемот на книгата – еднодневна екскурзија во Скопје со научно-рекреативен карактер.
- Учество на учениците од VII одделение во изведба на театарската претстава адаптирана според книгата „Радовишки маабети“ од Павлина Кошевец по повод Денот на училиштето во соработка со наставниците од активот: Томе Постолов и Верица Спасова Исаиловска;
- Литературен клуб (секција) – подготовка на литературни творби (поезија и проза), творење за одредени празници, конкурси, манифестации и сл. организирани од општината, од општински училишта и ОНБ „Браќа Миладиновци“ и освоено прво место, ученик: Михаела Исаиловски;
- Учество и на училишни и општински поетски читања, општински литературни манифестации;
- Учество на државна манифестација „Детски лирки треперења“ во Охрид и диплома за најдобра литературна творба, ученик: Михаела Исаиловски;
- Учество и освоено трето место на регионален натпревар по македонски јазик и литература, ученик: Еџе Абдураман;
- Учество на државен натпревар по македонски јазик и литература и освоено прво место, ученик: Еџе Абдураман.

**Активности на проф. Гордана Здравкоска**

Проектни часови (активности):

- Одбележување на Светскиот ден на поезијата- поетско читање;

Воннаставни активности:

- Посета на Саемот на книгата – еднодневна екскурзија во Скопје со научно-рекреативен карактер.
- Литературен клуб (секција) – подготовка на литературни творби (поезија и проза), творење за одредени празници, конкурси, манифестации и сл. организирани од општината, од општински училишта и ОНБ „Браќа Миладиновци“;
- Учество и на училишни и општински поетски читања, општински литературни манифестации;
- Учество на државна манифестација „Детски лирки треперења“ во Охрид и диплома за најдобра литературна творба, ученик: Тијана Манчевска;
- Учество на регионален натпревар по македонски јазик и литература, ученик: Тијана Манчевска.

**Активности на проф. Димче Здравев**

Проектни часови (активности):

- Македонска народна поезија – анализа и интерпретации, изготвување презентации од страна на учениците;
- Поетска работилница на дадена тема „Дијалектите се душата на еден народ“ по повод Денот на училиштето – групна работа.

Воннаставни активности:

- Литературен клуб (секција) – подготовка на литературни творби (поезија и проза), творење за одредени празници, конкурси, манифестации и сл. организирани од општината, од општински училишта и ОНБ „Браќа Миладиновци“;
- Учество и на училишни и општински поетски читања, општински литературни манифестации
- Учество на регионален натпревар по македонски јазик и литература, ученик: Ана Јованова.

**Активности на проф. Адриана Аџиева**

Во учебната 2025/2026 година наставничката Адриана Аџиева имаше работна задача за реализација на наставата по и изборен предмет граѓанско образование. Но се вклучи во активности со активот како и активности од областа на нејзината работна задача за оваа учебна година.

Проектни часови (активности):

- Одбележување на Денот на училиштето – портрет на Крсте Петков Мисирков;
- Поетска работилница на дадена тема „Дијалектите се душата на еден народ“ по повод Денот на училиштето – групна работа.
- Одбележување на Денот на словенските просветители „Светите Кирил и Методиј“ – портрет или симбол со кој ќе ги претстават.

Воннаставни активности:

- Дводневна екскурзија од научно-рекреативен каратер – изразување емоции и доживувања преку цртање постери, места, знаменитости.
- Ликовен клуб (секција) – подготовка на ликовни творби, творење за одредени празници, конкурси, манифестации и сл. организирани од општината, од општински училишта.

Активот по македонски јазик преку реализацијата на разновидните активности не само што придонесе за промовирање, љубов и негување на македонскиот јазик, литература и култура, туку истовремено придонесе и развој на креативноста на талентираните ученици, како и зајакнување на нивните социјални, емоционални и комуникациски вештини.

Постигнатите резултати на литературните манифестации и натпреварите го потврдуваат квалитетот на работата на Активот.

**Претседател на Активот по македонски јазик**
**Верица Спасова-Исаиловска**
**Јуни, 2026 година**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СТРУЧНИОТ АКТИВ ПО МАТЕМАТИКА И ФИЗИКА

за учебната 2025/2026 година

Основно училиште: ООУ „Крсте Петков Мисирков"
Претседател на активот: Јулија Ефтимова
Број на членови: 7

**1. Членови на стручниот актив:**

- Сања Тодорова – наставник по математика, ментор на VI одделение
- Тања Коцева – наставник по математика, ментор на VII одделение
- Билјана Наунов – наставник по математика, ментор на VIII одделение
- Јулија Ефтимова – наставник по математика, ментор на IX одделение
- Блаже Ангелов – наставник по физика
- Хулија Али – наставник по математика
- Павле Петров – наставник по математика

**2. Цели на активот:**

- Подобрување на наставниот процес по математика и физика
- Размена на добри наставни практики и методи
- Менторство на ученици по одделенија
- Вклучување на ученици во натпревари и активности
- Мотивација и поттикнување љубопитност кај учениците кон природните науки

**3. Состаноци и активности:**
Во текот на учебната година се одржаа повеќе состаноци на кои беа обработени теми како:
- Анализа на наставни програми и годишни подготовки
- Методски пристапи и примена на дигитални алатки
- Подготовка на тестови и материјали
- Следење на успехот и напредокот на учениците
- Координација околу реализација на активности по одделенија

**4. Специјални активности:**
-Одбележување на Денот на бројот Пи (14 март):
Активот традиционално го одбележа овој ден со креативни ученички изработки, квизови, презентации и тематски задачи, со цел да се поттикне интересот за математиката на интересен и едукативен начин.
-Одбележување на патрониот празник ,,100 години Крсте” (18 ноември)
Активот традиционално го одбележа овој ден со креативни ученички изработки, квизови, презентации и тематски задачи, со цел да се поттикне интересот за математиката на интересен и едукативен начин.
-Проект за енергетска ефикасност

**5. Учество на натпревари и постигнувања:**
Учениците беа подготвувани за учество на:
- Општински, регионален и државен натпревар по математика
-Општински натпревар по физика
Постигнати се забележителни резултати, со повеќе ученици кои добија пофалби и награди:

**-Општински натпревар по математика**
Ивона Ефтимова-прва награда VI одд. (ментор Сања Тодорова)
Ања Лазаров-трета награда VI одд. (ментор Сања Тодорова)
Ана Дамјанска-пофалница VI одд. (ментор Сања Тодорова)
Елена Конзулова-пофалница VI одд. (ментор Сања Тодорова)
Викторија Станкова -трета награда VII одд. (ментор Тања Коцева)
Васил Газепов-трета награда VII одд. (ментор Тања Коцева)
Невена Митевска-трета награда VII одд. (ментор Тања Коцева)
Лидија Баџакова-втора награда VIII одд. (ментор Билјана Наунов)
Нина Крстева-трета награда VIII одд. (ментор Билјана Наунов)
Филип Коцев-прва награда VIII одд. (ментор Јулија Ефтимова)
Леонид Ефтимов-втора награда VIII одд. (ментор Јулија Ефтимова)
Ива Димитриева-трета награда VIII одд. (ментор Јулија Ефтимова)

**-Регионален натпревар по математика**
Ивона Ефтимова-прва награда VI одд. (ментор Сања Тодорова)
Ања Лазаров-трета награда VI одд. (ментор Сања Тодорова)

**-Државен натпревар по математика**
Ивона Ефтимова-трета награда VI одд. (ментор Сања Тодорова)
Ања Лазаров-пофалница VI одд. (ментор Сања Тодорова)

-**Општински натпревар по физика**
Ива Димитриева –трета награда IX одд (ментор Блаже Ангелов)
Филип Коцев-пофалница IX одд (ментор Блаже Ангелов)

**6. Предизвици и препораки:**

- Потреба од поголема вклученост на сите членови во активностите
- Поттикнување на интерактивна и истражувачка настава по физика
- Планирање на уште повеќе заеднички активности во следната учебна година
- Организирање на внатрешни училишни натпревари за дополнителна мотивација

**7. Заклучок:**

Работата на стручниот актив по математика и физика се одвиваше успешно, со ангажираност на наставниците и желба за подобрување на наставата. Продолжуваме да вложуваме во развојот на учениците, нивната љубов кон науката и постигнување на уште поголеми резултати.

Јуни, 2026

Претседател на активот:
Јулија Ефтимова

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СТРУЧНИОТ АКТИВ ПО ГЕОГРАФИЈА

- Татјана Ѓозева – претседател
- Румена Ѓоргиева – член
- Шабан Дервишев – член

### 1. Реализација на наставната програма:

Наставната програма по географија беше реализирана согласно планот, при што беа користени разновидни методи и современи наставни средства. Часовите беа збогатени со интерактивни содржини, визуелни прикази и тематски квизови кои го поттикнуваа интересот кај учениците.

### 2. Дополнителна и додатна настава:

Се реализираа редовни дополнителни часови со ученици со потешкотии и додатни часови со ученици кои покажаа интерес и способности за учество на натпревари.

### 3. Проекти, активности и училишни ангажмани:

✅ Изработка на паноа, модели и проекти на теми како „Климата во светот“, „Заштита на планетата“, „Вулканизам“

✅ Учество во еко-акции и хуманитарни настани

✅ Презентации и вклучување во училишни акции за Денот на демократијата и Денот на човековите права

4. **Постигања на ученици на натпревари:**

**ГЕОГРАФИЈА**

**- МАРИЈА ТРАЈАНОВА** (VI одделение): Прво место – општински натпревар, прво место на регионалниот натпревар и учество на државен натпревар;

**- МИМА ЈОВАНОВА** (VI одделение): Второ место – општински натпревар, ПРВО место на регионалниот натпревар и учество на државниот натпревар;

**- МИХАЕЛА КОЦЕВА** (VI одделение): учество на општинскиот натпревар;

**- ИВОНА ЕФТИМОВ** (VII одделение): прво место на општинскиот натпревар и учество на регионален натпревар;

**- АЊА ЛАЗАРОВА** (VII одделение): прво место на општинскиот натпревар, прво место на регионалниот натпревар и трето место на државниот натпревар;

**- ЈОВАНА ЗАФИРОВА** (VII одделение): второ место на општинскиот натпревар, учество на регионалниот натпревар;

**- ТРАЈЧЕ КОЦЕВ** (IX одделение): прво место на општински и учестбо на регионалниот натпревар;

**- ЛИЛЈАНА СТЕФАНОВА** (VIII одделение): прво место на општински, трето место на регионален и државен натпревар;

**- НЕВЕНА МИТЕВСКА** (VIII одделение): прво место на општинскиот натпревар, трето место на регионалниот и учество на државниот натпревар;

**- ВИКТОРИЈА СТАНКОВА** (VIII одделение): второ место на општински, прво место на регионален и учество на државниот натпревар.

**ПРИРОДНИ НАУКИ**

- **МАРИЈА ТРАЈАНОВА** (VI одделение) прва награда на општински и регионален и трета награда на државниот натпревар;
- **АНА ИЛКОВА** (VI одделение) прво место на општинскиот натпревар;
- **МИХАЕЛА КОЦЕВА** (IV одделение) трета награда на општински и регионален натпревар;
- **МАТЕА КОЦЕВА** (IV одделение) трето место на општински, второ на регионален им трето место на државниот натпревар;
- **МИМА ЈОВАНОВА** (IV одделение) трето место на општински и регионален натптревар;
- **АНА ЈОВАНОВА** (IV одделение) трето место на општински и регионален натптревар;
- **САНДРА СПАСОВА** (IV одделение) трето место на општински и учество на регионалниот натпревар.

5. **Предлози за 2026/27 година:**

- Организирање нови проектни активности со истражувачки задачи
- Почесто користење на географски апликации (Google Earth, интерактивни мапи и тестови)
- Поголема вклученост во меѓупредметни активности и тематски денови
- Изложба на изработки и презентации на учениците во холот на училиштето

**Заклучок:**

Работата на стручниот актив по географија во учебната 2025/26 година се одвиваше успешно и продуктивно. Остварените постигања, реализираните активности и интересот кај учениците се резултат на посветената и усогласена работа на сите членови на активот.

***ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СТРУЧНИОТ АКТИВ ПО БИОЛОГИЈА И ХЕМИЈА***

*за учебната 2025/2026 година*

**1. ВОВЕД И ОПШТИ ПОДАТОЦИ**

Во текот на учебната 2025/2026 година, стручниот актив по Биологија и Хемија работеше континуирано, плански и организирано, следејќи ги насоките од Годишната програма за работа на училиштетомвклучувајки ги новите наставни програми по Хемија и Биологија за 7 одделение. Главна цел на активот беше унапредување на наставниот процес, примена на современи методи и техники во наставата, подигнување на нивото на постигнувања на учениците и реализација на предвидените воннаставни активности и натпревари.

**Претседател на стручниот актив: Зорка Христова Трајкова**
**Членови на активот:** Предметни наставници по биологија, природни науки и хемија.

**Тони Ангелов**

**Марјана Илкова**
**Севгин Абдиев**
**Невенка Маринковска**

## 2. ПРЕГЛЕД НА ОДРЖАНИТЕ СОСТАНОЦИ

Со цел успешна реализација на наставните планови и програми, стручниот актив во текот на годината одржа вкупно **8 (осум) редовни состаноци**. На состаноците се разгледуваа клучни прашања поврзани со наставата, успехот на учениците, професионалниот развој на наставниците и тековните училишни активности.

| Состанок бр. | Време на реализација | Главни содржини и донесени заклучоци |
|---|---|---|
| Состанок 1 | Август / Септември 2025 | Усвојување на Годишниот план за работа на активот. Разгледување и подготовка на глобалните и тематските планирања по биологија и хемија согласно новите наставни програми. Договор за критериумите за оценување. |
| Состанок 2 | Октомври 2025 | Анализа на првичните резултати од иницијалните тестирања по предмети. Планирање на дополнителна и додатна настава за учениците. Организација на работата на еколошките секции. |
| Состанок 3 | Ноември 2025 | Анализа на постигнатиот успех и дисциплина на учениците на крајот од првото тромесечие. |
| Состанок 4 | Декември 2025 / Јануари 2026 | Анализа на успехот на учениците на крајот од првото полугодие. Утврдување на мерки за подобрување на успехот кај учениците со слаби оценки. Подготовки за престојните натпревари. |
| Состанок 5 | Февруари 2026 | Организација и спроведување на натпревари по биологија , хемија и природни науки. Подготовка на учениците за претстојните регионални натпревари. Професионална рефлексија и меѓусебни хоспитации. |

| | | |
|---|---|---|
| Состанок 6 | Март 2026 | Анализа на постигнатите резултати од регионалните натпревари и селекција за државни натпревари. Дискусија за реализација на вonнаставни активности поврзани со Денот на пролетта и екологијата. |
| Состанок 7 | Април / Мај 2026 | Анализа на успехот на учениците на крајот од третото тромесечие. Подготовки за одбележување на Светскиот ден на животната средина. Потребени нагледни средства.Планирање на завршните согледувања од наставниот материјал. |
| Состанок 8 | Јуни 2026 | Анализа на годишниот успех на учениците по биологија и хемија. Евалуација на реализацијата на наставните програми (процент на реализација). Подготовка на Годишниот извештај за работа на активот. |

### 3. КЛУЧНИ АКТИВНОСТИ И ПОСТИГНУВАЊА ВО УЧЕБНАТА ГОДИНА

- **Унапредување на наставата:** Посебен акцент беше ставен на практичната работа и лабораториските вежби. Наставниците успешно применуваа методи на активно учење, истражувачки проекти и мултимедијални презентации, што придонесе за поголема мотивација кај учениците.
- **Натпревари и манифестации:** Учениците под менторство на членовите на активот зедоа учество на училишните, регионалните и државните натпревари по биологија ,хемија и природни науки  каде беа постигнати забележителни резултати и беа освоени високи места.
- **Воннаставни активности и екологија:** Успешно беа реализирани неколку акции за уредување на училишниот двор, предавања за заштита на животната средина и одбележување на еколошки патрони денови.
- **Професионален развој:** Наставниците редовно учествуваа на обуки, семинари и вебинари за дигитални алатки и современи оценувачки техники, со што се подигна квалитетот на сопствениот професионален профил.

## 4. ЗАВРШНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

Врз основа на целокупната работа, може да се заклучи дека наставните програми по предметите во рамките на овој актив се целосно реализирани со висок степен на ефикасност. Соработката меѓу членовите на активот беше на професионално и колегијално ниво, со редовна размена на нагледни средства, искуства и добри практики.

За следната учебна година се препорачува:

- **Континуирано збогатување** на лабораторискиот инвентар со нови хемикалии и помагала за практична настава.
- **Интензивирање** на меѓупредметната интеграција (на пр. биологија-хемија-географија) преку заеднички проекти и отворени часови.
- **Поголема вклученост** на учениците во истражувачки активности во локалната заедница.

Датум: 04.06.2026 година

Претседател на активот:

_________________________

**Зорка Христова Трајкова**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВ ПО ИСТОРИЈА

Период: 01.09.2025 – 31.05.2026
Наставен предмет: Историја и општество, Историја, Граѓанско образование, етика на религии
Учебна година: 2025/2026
Училиште: Крсте Петков мисирков

Претседател на активот: Герасим Митев
Членови на активот:
1.Дејан Бибовски
2.Маре Димитриева
3.Сашо Стојчев

## I. ЦЕЛИ НА АКТИВОТ

- Унапредување на наставниот процес преку современи пристапи.
- Развивање на критичко размислување кај учениците преку историски содржини.
- Поттикнување интерес за историјата преку воннаставни активности.
- Соработка меѓу наставниците по историја и други наставни предмети. - Активно користење на ИКТ алатки во наставата.

## II. СОСТАНОЦИ И АКТИВНОСТИ

**Состанок бр. 1 – 20.08.2025**

Теми: - Преглед на наставната програма по одделенија (VI–IX).
- Изработка на годишни и оперативни планови.
- Договор за вклучување на дигитални алатки (Kahoot, Genially, Canva).
- Планирање за обележување на важни датуми.

Сработено по одделенија:
- VI одд: Преглед на темите за праисторија и антички период.
- VII одд: Разгледана програма за среден век и Византија.
- VIII одд: Договорени пристапи за објаснување на османлискиот период.
- IX одд: Фокус на двете светски војни и студената војна.

**Состанок бр. 2 – 01.11.2025**

Теми:
- Подготовка и организација на „Ден на античката историја“. - Изработка на тематски постери и презентации со ученици.

Сработено по одделенија :
- VI: Македонските цареви – групна презентација.
- VII: Александрија и Хеленизмот – видео изработка. - VIII–IX: Учество како помошници/водичи.
- Активност: „Ден на античка Македонија“ – ученици од VI и VII одделение направија костими на антички воини, драматизација и кратки квизови. Сработено по одделенија: - VI: Македонските цареви – групна презентација. - VII: Александрија и Хеленизмот – видео изработка.
- VIII–IX: Учество како помошници/водичи.

**Состанок бр. 3 – 29.12.2025**

Теми:
- Интерна обука: користење на интерактивни презентации.
- Примена на историски мапи и временски линии.
- Сработено по одделенија:
- VII: Користење на Google Earth за следење на миграции.
- VIII: Креирање на временска линија за Османлиското Царство.
- IX: Подготовка на дигитални постери за Првата светска војна.

**Состанок бр. 4 – 01.03.2026**

Теми:
- Обука за истражувачка работа: користење на извори и архиви.
- Тематска работилница: „Историја преку карикатура“. Сработено по одделенија: - VIII–IX: Подготовка на тестови и вежби
- VI–VII: Работилница за стрипови со историски ликови.

**Состанок бр. 5 – 15.05.2026**

Теми:
- Евалуација на целогодишната работа.
- Планирање на активности за наредната година.
- Идеја за организирање на „Историски музеј во училница“.

**III. ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ**
- Посета на Музејот на Македонија со ученици од VIII и IX одделение.
- Проект: „Моето семејство низ историјата“
- Обележување на 11 Октомври, 8 Септември и 24 Мај со изложби и реферати. - Соработка со наставник по ликовно и македонски јазик за подготовка на историска театарска сценка.

**IV. ЗАКЛУЧОЦИ**
- Активот функционираше со координирана соработка и иновативен пристап. - Учениците беа вклучени во бројни активности кои поттикнаа креативност и љубопитност.
- Зголемена е употребата на ИКТ во наставата, особено во повисоките одделенија.
- Потребна е уште поголема поддршка од семејствата и локалната заедница за проекти надвор од училницата

**ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТАТА НА АКТИВОТ ПО ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК ПРИ ООУ“КРСТЕ П. МИСИРКОВ“ – РАДОВИШ ЗА УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА**

Активот по германски јазик во целост ја реализираше предвидената програма за учебната 2025/2026 година. Учениците од сите одделенија работеа според наставните планови и програми подготвени од страна на БРО.

За учениците од шесто одделение немаше учебник, па реализацијата на наставната програма во целост беше подготвена од наставниците кои што предаваа оваа година во шесто одделение.

Учениците од седмо одделение учеа според учебникот „Planet A1“ од издавачката куќа Hueber, од лекција број девет до лекција број шеснаесет.

Учениците од осмо и деветто работеа според учебникот „Logisch A2“ од издавачката куќа Langenscheidt.

Осмоодделенците ги изучија првите осум лекции, а деветтоодделенците од лекција 9 до лекција 16.

И оваа година учениците од нашето училиште имаа можност да учествуваат на натпреварот по германски јазик. На училишниот натпревар беа избрани по тројца ученици од секоја генерација, кои продолжија на регионалниот натпревар.

Пласман на државната олимпијада обезбедија две ученички од шесто одделение, МИМА ЈОВАНОВА и МАРИЈА ТРАЈАНОВА, три ученички од деветто одделение –

МЕЛАНИЈА ЦИНЦОВСКА, МИЛА КАРАНФИЛОВА и ЛИДИЈА БАЏАКОВА, и ученичката ДУШИЦА ТРАЈАНОВА од седмо одделение.

Државната олимпијада се одржа во Скопје, на истата најдобар успех постигнаа ученичченичките Душица Трајанова, Мима Јованова и Марија Трајанова, кои освоија трета награда.

## ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТАТА НА НАСТАВНИЧКИОТ СОВЕТ ЗА УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

Наставничкиот совет како највисок стручен орган одржа 10 состаноци. За сите одржани состаноци на Наставничкиот совет се изготвени записници во кои детално може да се види на кој начин се водени и кои теми се опфатени. Во текот на учебната 2025/2026 година Наставничкиот совет во целост ја реализира програмата предвидена во Годишната пограма за работа на училиштето.

Реализирани задачи на Наставничкиот совет на седниците:

| Дата | Тема, содржина | Реализатори |
|---|---|---|
| 27.08. 2025 | • Разгледување и утврдување на успехот од поправните испити во август месец.<br>• Самоевалуација;<br>• Почеток на учебната 2025/2026 година; | Директор, стручни соработници, наставници |

| | | |
|---|---|---|
| 18.09. 2025 | • Одредување ментор на наставниците – приправници; | Директор, стручни соработници, наставници |
| 11.11.2025 | • Утврдување на успехот и поведението на првото тримесечје;<br>• Подоготовка за патронатот; | Директор, стручни соработници, наставници |
| 04.12.2025 | • Давање мислење за стипендии;<br>• Тековни активности. | Директор, стручни соработници, наставници |
| 14.01.2025 | • Утврдување на успехот и поведението на учениците од првото полугодие од учебната 2025/26 | Директор, стручни соработници, наставници |
| 04.02.2026 | • Давање мислење од ментор Зорка Христова Трајкова за полагање приправнички стручен испит за наставник-приправник Дејан Бибовски и од ментор Кемалетин Дестанов за полагање приправнички стручен испит за наставник-приправник Фирдес Алиова; | Директор, стручни соработници, наставници |
| 30.03.2026 | • Утврдување на постигнатиот успех на учениците за трето тримесечје од учебната 2025/2026год.<br>• Родителски средби<br>• Априлијада за учениците оц I до V одд | Директор, стручни соработници, наставници |
| 13.05.2026 | • Одлука од Наставнички совет за предлог ранг листа за избор на најдобар наставник;<br>• Пролетен ден<br>• Формирање комисија за избор на првенец и спортист на генерацијата 2017/2026 | Директор, стручни соработници, наставници |
| 11.06.2026 | • Утврдување на успехот и поведението на учениците од IX одделение;<br>• Предлог-одлука за избор на првенец и спортист на генерацијата; | Директор, стручни соработници, наставници |
| 16.06.2026 | • Утврдување на постигнатиот успех и поведението на учениците од I до VIII за учебната 2025/2026г;<br>• Разгледување на приговор за полагање и поправака на оцени на ученикот Мехмед Ѓулен Сулејман; | Директор, стручни соработници, наставници |
| 06.07.2026 | • Усвојување и потврдување на успехот на учениците упатени на одделенски испити и продолжна настава за учебната 2025/2026г. | Директор, стручни соработници, наставници |

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР ЗА УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

Работа на Училишниот одбор при Општинското основно училиште „Крсте Петков Мисирков“ - Радовиш во учебната 2025/2026 година произлегува од надлежностите утврдени со Законот за основно образование, подзаконските акти и Статутот на училиштето. Сите планови и дејствија на Училишниот одбор водат во насока на остварување на нашата мисија и визија.

Во прилог табела за реализирани активности на Училишниот Одбор.

| Дата | Дневен ред | Реализатори |
|---|---|---|
| 16.10.2025 | ➢ Усвојување на самоевалуација<br>➢ Тековни активности<br>➢ Реакција на родителите за превоз на децата од с. Дамјан | УО, директор, секретар |
| 05.12.2025 | ➢ Претставување на вршител на должност<br>➢ Изјави на членовите на УО за роднински/нероднински врски со директор<br>➢ Разгледување и давање мислење за избор на наставници по распишан оглас бр. 04-133/1 од 04.11.2025 | УО, директор, секретар |

| | | |
|---|---|---|
| | ➢ Предлог план за 2026- Буџет<br>➢ Тековни активности | |
| 10.12.2025 | ➢ Разгледување и усвојување на предлог годишен план за вработување за 2026 година<br>➢ Разгледување и усвојување на одлука за броило на Елрад Енерџи ДООЕЛ | УО, директор, секретар |
| 22.01.2026 | ➢ Разгледување и усвојување на прво проширување на финансов план за намирување на обврските за 2026 година | УО, директор, секретар |
| 30.01.2026 | ➢ Разгледување и усвојување на полугодишниот извештајх за работата на училиштето за учебната 2025/2026год<br>➢ Разгледување и усвојување на предлог за помошник директор<br>➢ Колективно осигурување на учениците и Одлука за формирање на комисија за набавка за избор на најповолен економски оператор и избор на најповолна понуда за осигурување на учениците | УО, директор, секретар |
| 26.02.2026 | ➢ Формирање на стручен тим за подготовка на програми за изведување на ученички екскурзии – донесување одлука за учебната 2025/2026година<br>➢ Програма за изведување на настава во природа со учениците<br>➢ Предлог завршна сметка за 2025 година – донесување одлука за усвојување<br>➢ Разгледување за давање на користење на комбе во сопственост на училиштето – донесување одлука | УО, директор, секретар |
| 19.03.2026 | ➢ Донесување одлука за одобрување на програмите за екскурзии и настава во природа и формирање комисија за спроведување на огласна постапка и евалуација на понудите<br>➢ Предлог мислење за вработување по јавен оглас за наставник по одделенска настава на македонски јазик<br>➢ Предлог мислење и одлука за фотографирање на учениците<br>➢ Предлог мислење за отстранување на автобус | УО, директор, секретар |
| 07.04.2026 | ➢ Разгледување и усвојување на на одлука за избор на правен субјект за изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности и настава во природа<br>➢ Разгледување и усвојување на кодекс на однесување на учениците за време на ученички екскурзии, излети и други вонучилишни активности заведена под бр. 03-182/9 од 07.04.2026 год. | УО, директор, секретар |
| 23.04.2026 | ➢ Разгледување и усвојување на годишен план за вработување за 2027г. | УО, директор, секретар |

| | | |
|---|---|---|
| 30.04.2026 | ➢ Усвојување на одлука на предлог за прв ребаланс на финансов план за намирување на обврските на Училиштето за 2026 година | УО, директор, секретар |
| 03.05.2026 | ➢ Донесување одлука за усвојување на Правилник на водење на дисциплинска постапка за вработените во ООУ„Крсте П. Мисирков“ - Радовиш | УО, директор, секретар |

Претседател на Училишен одбор:
Невенка Николова

## ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТАТА НА СОВЕТОТ НА РОДИТЕЛИ ВО УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

На почетокот од второто полугодие беше ажурирано членството во советот на родители со цел поактивно делување и учество во целокупната работа на училиштето. Така утврдениот Совет на родители до крајот на учебната година реализираше три состаноци на кои се дискутираше за релевантни теми. Активностите и содржините се прикажани во табелата подолу.

| Содржина на активностите | време |
|---|---|
| - Реализација на Новогодишен базар (учество на сите ученици, наставници и родители од одделенска и предметна настава во спроведување на активноста) | Јануари 2025г. |

| | |
|---|---|
| - Разгледување на понуди за осигурување од незгода на учениците; | Февруари 2025г. |
| - Разгледување и давање мислење по Програмите за изведување на ученички екскурзии за трето, шесто и деветто одделение.<br><br>-Разгледување и давање мислење за изведување на настава во природа за учениците од петто одделение.<br><br>-Давање позитивно мислење за Програмите како за ученичките екскурзии и реализација на повеќедневна настава во природа. | Март 2025г. |
| -Разгледување на понуди за избор на фото студио за фотографирање на полуматурантите од нашето училиште и одлучување по истите.<br>*Организација на полуматурска вечер. | Април 2025 |
| -Реализација на завршен настан<br>Ученици, родители, наставници- сите сме ‘Крсте’ | Јуни 2025 |

Претседател:
Даниела Ѓоргиева

## ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТАТА НА УЧЕНИЧКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА И УЧИЛИШНИОТ ПАРЛАМЕНТ ВО УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

Ученичката организација претставувана од Училишниот парламент е дел од нашето училиште кој им овозможува на учениците слободно и на демократски начин да ги застапуваат правата на учениците, нивното организирање поради застапување на интересите на сите ученици во училиштето, како и учество на учениците во донесување на одлуки, кои непосредно се однесуваат на нив.
Ученичкиот парламент оваа година функционираше во текот на првото и второто полугодие од учебната 2025/26 год., односно од 01.09.2025год. до 10.06.2026 год. Училишниот парламент оваа година беше составен од ученици-претседатели на одделение) од прво до деветто одделение. Претседател на ученички парламент беше назначена Ева Камчева од IX 3 одд., а училишен правобранител Нина Крстева од IX 3 одд.

| Ред. бр. | Активности | Време на реализација | Реализатори |
|---|---|---|---|
| 1. | * Формирање на Училишниот Парламент;<br>Избор на раководни лица;<br>Консултации за изготвување на програма за работа | Септември | Членови на училишен парламент, стручни соработници, одговорен наставник за работа на УП |
| 2. | * Одбележување на почетокот на учебната година и свечено примање на децата од прво одд. во ученичката заедница со пригодна програма од страна на постарите ученици; | Септември | Ученичка заедница, стручни соработници, одговорен наставник за работа на УП |
| 3. | * Одбележување на детската недела од 01 до 07 октомври преку презентација на правата на детето на учениците во одделенска настава од страна на учениците од предметна настава. | Октомври | Ученици, наставници |
| 4. | *Учество во активности за одбележување на Патрониот празник | Ноември | Ученици, наставници и родители |
| 5. | * Учество во активности поврзани со новогодишната манифестацијата организирана од општината;<br>* Проследување на презентација „ Болести на зависност“ спроведена од страна на стручно лице-лекар;<br>* Организиран маскембал за учениците од деветто одделение | Декември | Стручно лице-лекар, ученици, наставници, Дом на култура„Ацо Караманов„ ,<br>Општина Радовиш |
| 6. | * Анализа на успехот и поведението на учениците постигнат во првото полугодие;<br>* Давање идеи кои беа земени во предвид при изработката на нов и подобрен кодекс на однесување за сите структури во училиштето, со акцент на кодексот на однесување на учениците. | Секое тримесечје | Ученички парламент, стручни соработници, наставник одговорен за работата на ученичката заедница |
| 7. | * Одбележување на Меѓународен ден на мајчин јазик преку јазични игри и вежби од страна на учениците од македонска и турска националност;<br>* Одбележување на денот на подарување книга за деца под мотото„Подари книга-збогати ја училишната библиотека“<br>* Учество во предавање за влијанието на здравата храна врз развојот на децата;<br>* Учество во одбележување на глобалниот настан Safer Internet Day | Февруари | Ученичка заедница, директор, наставници, стручно лице-нутриционист |
| 8. | * Одбележување на Денот на водата;<br>* Учество во изработка на забавни паноа од страи закачалки и табли;<br>* Одбележување на Денот на пролетта, Светскиот ден на поезијата и Денот на лицата со Down синдром- 21март; | Март | Ученичка заедница, директор, наставници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | * Посета на против пожарната станица во Радовиш;<br>* Одбележување на „Денот на Пи“;<br>* Посета на Домот за стари лица-Астреон по повод 8-ми март-Денот на жените и подарување честитки на лицата од женски пол;<br>* Изработка на мартинки | | |
| 9. | * Учество во Првоаприлски маскембал;<br>* Учество во Инклузивна мултиетничка работилница по повод празникот Велигден;<br>* Учество во Велигденска работилница;<br>* Одбележување на 2-ри април-Светскиот ден на литература за деца со учество во промоција на книгата„ Букварче мое другарче“ од Сузана Мицева | Април | Ученичка заедница, директор, наставници, ОНБ„Браќа Миладиновци“ |
| 10.. | * Изработен Еко Календар по повод Светскиот ден за заштита на животната средина;<br>* Посетен Саемот на книгата;<br>* Посетено збратименото училиште„ II шумадијски одред“ во Србија.<br>* Учество во еднодневна инклузивна прошетка во етно ресторан Кај Виктор;<br>* Активно учество во акцијата „Генералка Викенд“ | Мај | Ученичка заедница, директор, наставници, родители,стручни соработници, општина Радовиш |
| 11. | * Одбележан меѓународниот ден на детето преку интерактивен kahoot квиз; | Јуни | Ученичка заедница, директор, наставници, родители |

Претеседател на училишен парламент
Нина Крстева

## Поврзување на еколошката програма со редовната настава

**Еко стандарди кои се реализирани во текот на оваа учебна година се:**

- **Еко стандард 1-заштеда на енергија;**
- **Еко стандард 2-заштеда на вода;**
- **Еко стандард 3-чисти ученици, чисто училиште;**
- **Еко стандард 4-уреден и еколошки двор;**
- **Еко стандард 5- селектиран отпад;**
- **Еко стандард 6-чиста животна средина.**

Тие се имплементирани во годишните планирања на наставниците и се реализираат во текот на наставата. Одделенските наставници ги имплементираат во сите предмети, но најмногу во животни вештини, македонски јазик, природни науки и математика. Во предметна настава содржините на еколошката програма се застапени во сите предмети во теми каде најмногу ќе биде издржан еко стандардот.

## ВОДИЧ ЗА НАСТАВНИКОТ ВО НАСТАВНИОТ ПРОЦЕС

- Планирање на воспитно-образовната работа, согласно програмата што треба да се реализира, при што ставајќи акцент на дневната подготовка, претставува предуслов за квалитетна настава. За остварување на оваа цел, покрај другото, наставникот треба да има јасно дефиренцирани цели што треба да се реализираат на часот;
- Часот да започне со испрашување на предзнаењата на учениците за новата содржина преку фронтална работа, усно искажување и контролни ливчиња, односно да се води сметка колку и како ќе го користи ученичкото искуство;
- Создавање на релаксирана атмосфера следена со мотивациони фактори, како и задачи на часот и упатства за работа на учениците;
- Наставните методи да одговараат на содржината:
  - Организирана самостојна работа на учениците преку наставни ливчиња, водичи и литература како извор на знаења;
  - Да се развива култура и навика за тимска работа (работа во парови, групи и кооперативно учење);
- Да ги потттикнува и усмерува учениците во учењето ;
- Да има диференциран приод спрема интересите и способностите на учениците;
- Поставување на проблемски ситуации заради развивање на мисловните активности;
- При раководење на часот, а и од самата содржина да има високи и остварливи очекувања;
- Добивање фид-бек преку контролни ливчиња, тематски тестови и тестови по нивоа;
- Да го прати развојот и напредокот на ученикот;
- Искористување на постоечки ресурси (матерјални, природни, човечки) и план за унапредување на истите;
- Повисок стандард на културно ниво;
- Самопроценка, самостојност и самопочитување ;
- Двонасочна комуникација: наставник – ученик, наставник – родител – локална средина.

# Резиме на  годишниот извештај за работата на ООУ „Крсте Петков Мисирков“ – Радовиш, за учебната 2025/2026 година



## КРАТОК ОСВРТ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ОСНОВНОТО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ „КРСТЕ ПЕТКОВ МИСИРКОВ“ – РАДОВИШ ВО УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

Воспитно-образовниот процес во ООУ „Крсте Петков Мисирков“ – Радовиш во наставната 2025/2026 година се реализираше според Годишната програма за работа на училиштето, разгледана на Наставничкиот совет и усвоена на седницата на Училишниот одбор, одржана во август 2025 година, според Календарот за организација на наставата за учебната 2025/2026 година, донесен од МОН на РС Македонија.

Наставната година започна на 01.09.2025година, а првото полугодие заврши на 31.12.2025 година. Зимскиот распуст за учениците започна на 01.01.2026 година и траеше до 20.01.2026 година. Настава не се реализираше за време на државните и верските празници.

Пред почетокот на наставната година беа реализирани следните подготовки:

- изработка на Годишната програма за работа на училиштето;
- распределба на часови по наставни предмети во јуни и август;
- распределба на одделенски раководства;
- поделба на задолженија (одговорни наставници на стручните активи, комисии за изведување на одделенски испити и др. комисии .);
- изработка на распоред на часови;
- изработка на распоред за дополнителната и додатната настава
- изработка на глобални и тематски планирања во кои се интегрирани и содржини од еко стандардите.

Во училиштето се образуваат ученици од македонска и турска националност. Воспитно-образовната дејност во училиштето ја реализираат 88 наставника, стручни соработници (педагог, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор, библиотекар), секретар и директор на училиштето. За хигиената се ангажирани 14 хигиеничари.

Од страна на сите наставници беа изработени и предадени, годишни, глобални и тематски распределенија. Годишен план за работа е изработен од Директорот, стручните соработници и сите стручни активи. Во текот на годината, наставниците изработуваа дневни подготовки и сценарија за наставен час по сите наставни предмети. Наставната програма е реализирана по сите предмети. Освен редовна настава, наставниците реализираа и дополнителна настава за учениците кои покажуваат слаби резултати во учењето, а додатна за учениците кои покажуваат зголемен интерес за проширување и продлабочување на содржините на одделни предмети и подрачја и учество на учениците на натпревари.

Наставниците се групирани во активи:

- Стручен актив за прво, второ, трето, четврто и петто одделение;
- Стручен актив македонски јазик;
- Стручен актив англиски јазик;
- Стручен актив германски јазик;
- Стручен актив турски јазик;
- Стручен актив хемија, биологија и природни науки;

- Стручен актив географија;
- Стручен актив математика, физика и иновации;
- Стручен актив техничко образование и информатика;
- Стручен актив музичко;
- Стручен актив ликовно;
- Стручен актив ФЗО
- Стручен актив историја и граѓанско образование.

Стручните активи во текот на учебната година на своите состаноци го разгледуваа и анализираа успехот и редовноста на учениците, предлагаа мерки за подобрување на истите и ги усогласуваа критериумите за оценување.
Во настојувањето за унапредување на воспитно-образовниот процес беа застапени групна, индивидуална и друга форма на работа. Во наставата покрај усното проверување користени се контролни вежби, писмени работи и тестови кои беа планирани на почетокот на годината. Во зависност од програмата учениците се оценети описни или бројчано. Раководителите на паралелките го следеа успехот, редовноста и дисциплината на учениците, соработуваа со Директорот, стручната служба и родителите, беа одржани индивидуални и родителски средби, а исто така беше организиран и Отворен ден за родителите. На родителските средби родителите беа запознати со условите за работа, Наставниот план и програма, распоредот за реализација на редовната настава, успехот, редовноста и дисциплината на часовите и други тековни прашања како на пример: задолжувањето со бесплатни ученици, осигурувањето на учениците и сл. Родителите преку Советот на родотели беа вклучени во сите активности од целокупната воспитно-образовна работа на училиштето.

Директорот на училиштето ги реализира задачите и активностите планирани во Годишната програма за работа на училиштето и програмата за работа на Директорот и други тековни работи кои произлегоа од соработката со Секторот за образование на Град Радовиш, МОН , БРО и пошироката општествена заедница. Во текот на работата Директорот заедно со педагогот и психологот потсетија на имплементирање на активни наставни методи и ИКТ технологијата и други вештини и способности со кои наставниците се стекнаа во процесот на професионало усовршување. Директорот ја следеше и учествуваше во целокупната работа во училиштето: воспитно-образовниот процес, техничко – материјалните услови за работа, кадровската политика, финансиската итн.
На одделенсите совети се разгледуваше успехот, редовноста и поведението на учениците, се изрекуваа педагошки мерки, соработуваше со Советот на родители и предлагаа мерки за надминување на проблеми со редовноста и дисциплината на учениците.
Наставничкиот совет на училиштето одржа 11 состаноци на кои беа утврдени успехот, редовноста и дисциплината на учениците, беа изрекувани педагошки мерки и пофалби за учениците како и предлог мерки за надминување на одредени проблеми поврзани со подобрување на успехот, редовноста и дисциплината на учениците. На состаноците беа разгледувани и усвоени: Годишниот извештај за работа, Годишната програма, Правилници, молби, актуелните ситуации и други тековни работи.

Соработката со **Советот на родителите** се одвиваше континуирано во текот на целата учебна година. Родителите беа директно запознати и вклучени во сите активности на училиштето.
Советот на родители разгледуваше прашања од животот и работата на училиштето, го разгледуваше успехот, редовноста и поведението на учениците, соработуаше со директорот, наставниците, стручните соработници, учествуваше во организација на ученички екскурзии и со свој претставник учествуваше во работата на Училишниот одбор. Советот меѓудругото донесе одлука за осигурување на учениците од незгода во осигурителната компанија „Триглав Осигурување“. На сите состаноци ја разгледуваа безбедносната состојба во училиштето при што проценија дека е на високо ниво благодарение на преземените мерки, но со препорака родителите, учениците и наставниците да ја истакнуваат потребата од поголема меѓусебна толеранција и почитување помеѓу сите субјекти во воспитно-образовниот процес.
Покрај редовната настава во училиштето се реализираа часови за дополнителна и додатна настава и многубројни вонннаставни активности.

**Техничко –материјални услови**
Со цел за подобрување на условите за реализација на воспитно-образовната работа, естетскиот изглед и целокупната клима во училиштето во текот на учебната година се реализираа следните активности:

- Средување на училишнот двор, дезинфекција на санитарните јазли, молерисување на училниците во училишната зграда, бојадисување на ходниците со мрсна боја, замена на расветлувачки тела – неонки;
- Генерална дезинфекција, дезинсекција и дератизација на сите простории во училишната зграда;
- Поправка на училишниот инвентар;
- Бојадисување и средување на инвентарот во спортската сала;

**Соработка**

-Соработка со МОН , Секторот за образование на Град Радовиш и БРО. За успешна реализација на целокупната работа во училиштето неминовна беше соработката со МОН , Секторот , БРО. Беа проследени и разменети многу извештаи , податоци и други информации. Беа организирани обуки и семинари.
-Соработка со Здравствен дом –Радовиш – извршени се систематски прегледи на вработените, учениците и вакцинации.
-Соработка со МВР
-Соработка со други училишта
-Соработка со ОНБ„Браќа Миладиновци“
-Соработка со ЦК „Ацо Караманов“

## Проекти

„Инклузија на деца со посебни ибразовни потреби“ поддржан од Детската фондација Песталоци
„Вело училишта“

## Општествено - корисната работа и унапредување на здравјето на учениците

Во рамките на општествено-корисната работа учениците спроведоа активности со цел помагање на поединци и семејства кои имаат потреба, па така се спроведоа акции за собирање на парични средства, потоа се направија пакети со храна и средства за хигиена кои беа доделени на социјално загрозени семејства. Во однос на унапредување на здравјето учениците оваа година учествуваа во работилници за ментално здравје, потоа предавања за здрава храна, учествуваа во еколошки акции за уредување на училишниот двор и училишните простории, исто така активно се вклучивме во настанот „Генералка Викенд“ организиран од општина Радовиш. Во реализација на содржините од подрачјето за заштита и унапредување на здравјето на учениците беа реализирани систематски прегледи за учениците и вакцинација против морбили.

## Заклучоци и предлог мерки за понатамошно делување

Извештајот за работата на ООУ „Крсте Петков Мисирков“ – Радовиш за учебната 2024/2025 година според изнесените податоци сугерира одредени заклучоци:
- Условите во кои работи училиштето се во согласност со Законот за основно образование на РСМ . Потребни се заложби од МОН на РСМ, Локалната самоуправа, Советот на родители и Училишниот одбор за понатамошно подобрување.
- Стекнатите знаења од обуките кои ги посетија и ги посетуваат наставниците активно се инплементираат во наставата и влијаат врз мотивацијата на учениците.
- Средниот успех на учениците кој изнесува **3,85** е во согласност со обидите на наставниците да се почитуваат стандардите и критериумите на оценувањето и објективноста при оценувањето.
- Продолжува трендот на соработка со родителите кои се вклучуваат во сите аспекти од работењето на училиштето.
- Очекуваме тимското делување на релацијата наставник-ученик-родител во иднина да донесе уште поголеми резултати во интерес на учениците.
- Да се продолжи со редовно изведување на дополнителна и додатна настава, како и слободни ученички активности со цел да се влијае на успехот , редовноста, личниот, емоционалниот и социјалниот развој на учениците. Особено внимание ќе се обрне во работата со учениците на дополнителна настава по предметите кај кои средниот успех е послаб.
- Запазување на континуитет во ангажирање на наставничкиот кадар за примена на современи методи и форми за работа за унапредување на наставата.
- Интензивирање на воспитната компонента преку наставните содржини со цел формирање на позитивни вредности и ставови кај учениците.

Изготвиле: В.Д. Директор:

Тим од наставници и стручни соработници Орце Трајанов